# МАНИПУЛИРАЊЕ НА ЈАВНИОТ ДИСКУРС
# ДЕЗИНФОРМАЦИИ И ПРОПАГАНДА

зборник на анализи
и проверки на факти

METAMORPHOSIS

# Манипулирање на јавниот дискурс

## -дезинформации и пропаганда

[ зборник на анализи и проверки на факти ]

**Издавач:** Фондација за интернет и општество „Метаморфозис“ – Скопје
ул. Франклин Рузвелт број 19, Скопје 1000, Северна Македонија;
metamorphosis.org.mk | info@metamorphosis.org.mk

**За издавачот:** Бардил Јашари, извршен директор, Фондација „Метаморфозис“

**Уредници:** Владимир Петрески, Горан Ризаов, Бојан Блажевски, Оливера Војновска, Теофил Блажевски

**Фотографии:** Вистиномер/Мета

**Дизајн:** Бригада дизајн, Скопје

Скопје, 2024 г.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.776.23:316.658(497.7)”2023”(082)
32.019.5:316.658(497.7)”2023”(082)

МАНИПУЛИРАЊЕ на јавниот дискурс [Електронски извор] : дезинформации и пропаганда : збoрник на анализи и проверка на факти / [уредници Владимир Петрески ... др.]. - Скопје : Фондација за интернет и општество Метаморфозис, 2024

Начин на пристапување (URL):

https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2024/02/manipuliranje-na-javniot-diskurs_fjnal_mk_web_cip.pdf.

- Текст во ПДФ формат, содржи 106 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 23.02.2024. - Фусноти кон текстот. - Други уредници: Горан Ризаов, Бојан Блажевски, Оливера Војновска, Теофил Блажевски, Матеј Тројачанец

ISBN 978-608-263-119-6

а) Дезинформации -- Јавно мислење -- Манипулирање -- Македонија -- 2023

-- Збoрници б) Пропаганда -- Јавно мислење -- Манипулирање -- Македонија

-- 2023 -- Збoрници

COBISS.MK-ID 63046661

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Градење на капацитетите на граѓански организации, медиуми и новинари преку обука, овозможувајќи им да ги надградат своите вештини за препознавање и известување за малигното странско влијание преку медиумите во клучните сфери на општеството“, кој се спроведува од страна на Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис – Скопје со поддршка од ИФЕКС - глобална мрежа за промоција и заштита на слободата на изразување (IFEX - The Global Network Promoting and Defending Free Expression). Содржините се одговорност на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите на издавачот и на ИФЕКС.

# Предговор

Зборникот „Манипулирање на јавниот дискурс: дезинформации и пропаганда“ е важна компилација за сите што сакаат да го разберат сложеното поле на дезинформации, кои во последните години се размножуваат со голема брзина. На едно место се објавени низа текстови, статии за проверка на факти, анализи и прегледи, кои се однесуваат на 2023 год. Годината беше обележана со значајни глобални и регионални предизвици, од геополитичките промени и војната во Украина.

Во Северна Македонија и во регионот, дезинформациите често се користат како алатка за поткопување на демократските процеси. Оваа книга покрива широк спектар теми што особено и најчесто биле искористени за ширење на дезинформациите. Навлегува во тоа како геополитичките наративи за војната во Украина, дезинформациите поврзани со пандемијата, искривените претстави за семејните вредности и Европската Унија, биле експлоатирани за да го манипулираат јавното мислење и да ја искриват реалноста.

Содржината на оваа публикација служи не само како јавно сведоштво за овие настани, туку и како корисен извор за сите што се заинтересирани да го разберат начинот на функционирање на дезинформациите и нивните последици. Истата претставува само мал дел од големата работа што ја прават моите колеги од Фондацијата Метаморфозис, а особено од Вистиномер.мк, кои неуморно се посветија на бранењето на вистината. Нивните напори за проверка на фактите и за критичка анализа се клучни во борбата против штетните ефекти на дезинформациите.

Како што тече времето, дезинформациските кампањи ќе опстојуваат, приспособувајќи се и развивајќи се во дигиталниот свет што исто така брзо и постојано се менува. 2024 година се нарекува „година на изборите“, бидејќи оваа година ќе гласа повеќе од половина од светското население во приближно 65 земји, вклучително и Северна Македонија. Со овие избори се зголемува ризикот дека малигните актери ќе ја користат технологијата за да ја нарушат демократијата, користејќи сè, од дезинформации до *дипфејк* содржини. Сепак, во Фондацијата Метаморфозис остануваме решени и непоколебливи во нашите напори да го намалиме нивното влијание. Силно веруваме дека во борбата против дезинформациите, секој поединец има своја улога. Преку критичко размислување, ширењето на знаењето и вистината и посветеност во наоѓањето точни факти, можеме колективно да се спротивставиме на бранот дезинформации.

Оваа публикација е скромен, но значаен придонес во оваа насока, нудејќи сознанија и вистини за различни теми и настани што го обликувале јавниот дискурс. Ги повикува читателите да се вклучат, да поставуваат прашања и да придонесат за пошироко разбирање на нештата, засилувајќи ја важноста на вистината во нашето општество.

Бардил Јашари
Извршен директор
Фондација Метаморфозис

# Содржина

**Предговор** 3

**Вовед** 5

**1. Напади против Западот на сите фронтови** 9

Десничарски групи со дезинформации ги бранат семејните вредности 10

Вжештување на увезените идеолошки судири засилени преку напливот на дезинформации 15

Не е точно дека ЕУ се бори да им ги одземе родителските права на унгарските родители 22

Лага е дека ако си за ЕУ треба да јадеш инсекти за да не умреш 25

Никаде во Европа не е дозволено 8 годишни деца да прават што сакаат со своето тело 28

**2. Информативна војна против Украина** 31

Пет манипулативни наративи против НАТО за и околу војната во Украина 32

Америка не ѝ ветила на Русија дека НАТО нема да се проширува 38

Лажниот наратив на Кремљ „НАТО се бори со Русија до последниот Украинец“ продолжува да гази 41

Не е точно дека западните елити долго ја подготвувале војната во Украина 43

**3. Зеленски мора да падне - како и зошто се напаѓа украинскиот претседател** 47

Зеленски – најважната дезинформациска мета на Кремљ 48

Тенденциозни напади дека Зеленски ја забранил опозицијата, ја угнетува црквата, одбива да одржи избори 53

Не е точно дека украинските медиуми монтирале лажни снимки од говорот на Зеленски во ОН 57

Историјата не се повторува, бидејќи Зеленски не е Хитлер 59

**4. Антиваксери - од КОВИД-19 до борба против целиот здравствен систем** 61

Антивакциналните дезинформации ги воскреснуваат заборавените болести 62

ЕМА не издала предупредување дека ковид вакцините предизвикуваат спонтан абортус 68

Канадската влада не признала дека 74 отсто од тројно вакцинираните сега имаат „VAIDS“ 70

Нанотехнологијата, 5Г мрежата и графен оксидот немаат никаква поврзаност со вакцините 72

**5. Експлоатирање на теориите на заговор** 75

Како теориите на заговор ја хранат глобалната епидемија на дезинформации 76

Не постои ЕУ агенда за уништување на традиционалното производство на храна 81

ХААРП ниту е, ниту пак може да биде виновен за климатските промени 84

Исчезнувањето на белите траги зад авионите не е доказ за „кемтрејлс“ 87

**6. Штетни странски влијанија и пропаганда** 89

Социјалните мрежи и медиуми – лост за ширење на авторитарни пропаганди 90

Сообраќајни знаци на автопатот Миладиновци-Штип исчкртани со руски пропагандни симболи, одговорност нема 95

Српскиот министер за одбрана со опасна пропаганда кон С. Македонија и Црна Гора 97

Контраспин: Левица спинува дека Македонија е вклучена во репресии на Србите на Косово 100

Руската амбасада во Скопје – главниот дипломатски интернет спамер во С. Македонија 104

# Вовед

Експлозијата во развојот на информатичките и комуникациските технологии (ИКТ) при преминот од 20-от кон 21-от век, засилена со високиот раст на слободното движење на луѓе, стоки и капитал, им донесе големи бенефиции на земјите ширум светот и значително го подобри животот на луѓето во сите делови од планетата. На пример, на секои 10 отсто од популацијата, кои започнуваат да користат мобилен телефон во една земја, бруто-домашниот производ (БДП) веднаш расте од 0,5-2 отсто (2000-17 год.), а овој ефект се зголемува за дополнителни 25 отсто кога станува збор за употреба на широкопојасен мобилен интернет и 4Г технологијата[1]. Ваквиот раст на БДП е резултат на зголемената продуктивност како последица од користењето на мобилната телефонија.

Понатаму, бројот на лица кои од 1990 до 2015 година излегле од пеколот на екстремната сиромаштија е намален од 40 на само 10 отсто за 25 години[2]. За споредба, за овој процент да падне од 93 на 40 отсто, беа потребни дури 170 години (1820-1990 г.).

Во периодот од 2005 до 2014 година меѓународниот интернет сообраќај порасна од 4,7 илјади гигабајти на 211,3 илјади гигабајти, значи за 45 пати[3]. И тоа оваа технолошка револуција низ која поминуваме во никој случај не е завршена, туку во многу аспекти постојано се засилува, овозможувајќи им, на пример, на голем број луѓе брз пристап до интернет со актуелното поставување на илјадници сателити во ниска орбита околу Земјата. Сведоци сме и на експлозија на алатки придвижувани од вештачка интелигенција, нова револуционерна гранка на ИКТ, која е во зародиш, но граби напред со светлосна брзина. Така, на пример, трошоците за тренинг на моделите за вештачка интелигенција, кои се од суштинска важност за нејзино функционирање, паднаа за 200 пати од 2017-21 година - од над 1.000 долари на под 5 долари[4].

Сите овие достигнувања се импресивни, се разбира, и ќе стануваат уште поимпресивни, но, како и секоја нова технологија, така и ИКТ технологијата, покрај за позитивни намени, може да се искористи и во негативна смисла, односно да помогне полесно да испливаат на површина негативните човекови особини, какви што се себичноста, алчноста, завидливоста, измамништвото, желбата за одмазда, предизвикувањето насилство, говорот на омраза, но и да ги засили недемократските и авторитарни политики на режимите кои на власт не се дојдени преку демократски избори и чија цел е да останат на власт што подолго, а не да се грижат за добробитта на своите граѓани.

Еден од начините на злоупотреба на интернетот и, поконкретно, на социјалните мрежи е продукцијата на дезинформации и пропаганда и од страна на државни и недржавни актери, како и од поединци. Дезинформациите и пропагандата на голема врата ѝ се претставија на светската јавност околу 2014 година, со оружените судири во источниот украински регион Донбас и окупацијата, а потоа и анексијата на Крим кога режимот во Кремљ започна и водеше сеопфатни пропагандни и дезинформациски кампањи секаде каде што можеше. И тоа само за да го оправда насилството на проруските сепаратисти во Источна Украина, извршено со руски оружја,

1 https://data.gsmaintelligence.com/api-web/v2/research-file-download?id=54165922&file=121120-working-paper.pdf

2 https://www.facebook.com/vladimir.petreski.56/posts/pfbid02xBE4Vg9y7S3GWDq6Q9GpsjY7syGKQy6TXN2kpgv1wn84EdVY-3asBCfQgufocbaDpl

3 https://l.facebook.com/l.php?u=https%3A%2F%2Fwww.mckinsey.com%2F~%2Fmedia%2FMcKinsey%2FBusiness%2520Functions%2FMcKinsey%2520Digital%2FOur%2520Insights%2FDigital%2520globalization%2520The%2520new%2520era-%2520of%2520global%2520flows%2FGlobalDataFlow5.ashx%3Fmw%3D900%26fbclid%3DIwAR2pStteDJDHlHJ6zIff-9lY46COzOD9v_hszMjhHjUSGlwm15orHugW3W98&h=AT2WuY5Kav5ev3DI9QkEZTpXjcfzwoa5TlgekpkDtydHh2nr7QM-3jU3iL-1Pj3pFPa98EfyXOPxGoOoq3eXv-UuC-8Q3I-8aj8hZyWBGucG-12gEKuxEsQzYWC08lfXtoQ&__tn__=-UK-R&c[0]=AT-2G2a2mqpBmnzLWGO9zZntPPUrrwVVplRvfMl81IqFB6zqUt9tGxoobvFdaGraLTSyFBG0Q5txL6GlYsfk-GYTM6U-2SlSuIcVTX-MGTp-RitP3FMXeEEHqTZOk_gDou1FsDtpDS2djKEvxph3y0TLKENZYCVuhpHRLtyliSwMU5Awo

4 https://www.reddit.com/r/dataisbeautiful/comments/114frna/oc_the_cost_of_training_ai_on_imagenet_has/

како и окупацијата (а потоа и анексијата) врз Крим, извршена од страна руските вооружени сили во униформи без никакви ознаки. Проблемот со дезинформациите уште повеќе се вжешти во текот, но и по завршувањето на предизборната кампања на претседателските избори во САД во 2016 година, кога Кремљ повторно ги активира своите пропагандни оружја на чело со Интернет истражувачката агенција (IRA – Internet Research Agency), институција раководена од сега веќе починатиот Евгениј Пригожин, лидерот на озлогласената приватна компанија од областа на одбраната, Вагнер, која покрај бројните злодела во Африка и на украинските фронтови, беше заслужна и за редица дезинформациски кампањи ширум светот од нивната необележана деловна зграда во Санкт Петерсбург. Таму бројни вработени со познавање на англиски јазик беа задолжени за споделување на 120 коментари на час во смени од 10 часа дневно, загадувајќи го интернет просторот со дезинформации, закани, карактерни атентати, провокации, манипулации и што сè не против секој оној кој ќе им застанеше на патот во заштитата на интересите на режимот во Кремљ.

Тогаш се „прославија" и познатите велешки сајтови со своите дезинформации токму на англиски јазик, наменети за политичкиот информативен предизборен пазар во САД, за подоцна да дознаеме дека покрај нив, иста таква група имало и во Куманово, основана и поддржувана дури и од старешини во АРМ. А, исто така, „меѓународна слава" стекна и компанијата Оксфорд Аналитика, за која се дозна дека имаше украдено лични податоци од над 90 милиони американски гласачи, на кои потоа им беа сервирани пораки од кампањата на тогашниот републикански претседатески кандидат.

Велешките дезинформациски актери ја завршија својата „кариера" уште пред изборите за американскиот конгрес во 2018 година. Пропагандата на Кремљ, пак, продолжи да дезинформира, изнаоѓајќи сè поспецифични дезинформации и најразлични споредни комуникациски канали, како што најголемите социјални мрежи ги откриваа нивните профили и страници, постојано отстранувајќи ги како неавтентични актери, односно како сопствености со лажен идентитет што не е дозволено според утврдените стандарди на заедниците воспоставени од социјалните мрежи. Ваквата трка на „мачка и глушец" траеше сè до следните избори, поточно до 6 јануари 2021 година, кога поддржувачите на поразениот претседател Доналд Трамп со сила влегоа во зградата на Конгресот, попатно вршејќи и насилство врз полицијата во Вашингтон.

Но, една година подоцна се случи со ништо непредизвиканата агресија на Руската Федерација врз Украина и пропагандистичките приоритети на режимот во Кремљ се сменија, насочувајќи се кон оправдување на агресијата, обидите НАТО да се претстави како агресор и туркајќи ја приказната дека Украинците, кои се борат за својот национален опстанок, се кукли на Западот. И таквите „себепрочистувачки" дезинформации, кои се обидуваат да го продадат наративот за „невиниот Кремљ" траат до денес.

Во меѓувреме, поминавме низ Ковид-19 пандемија, која беше преполна со дезинформации и за самиот вирус, но и во однос на вакцините, чија цел е да му помогнат на организмот полесно да се справи со него. Пандемијата се случи токму во период кога антиваксерското „движење" земаше залет во нашата земја, па, таа, со своето генерирање страв од непознатото овозможи експлозија од теории на заговор поврзани со пандемијата, а потоа и со вакцините. По пандемијата, дезинформациите од овој вид се вратија уште пожестоко, охрабрени од незаслуженото внимание за време на пандемијата, ширејќи ги своите „традиционални" дезинформации преку напади врз сите вакцини, но сега врз многу поплодно тло, овозможено од пандемијата, односно пред публика која е многу посензибилизирана и поприемчива за такви дезинформации заради зголеменото ниво на страв и несигурност.

Значителен дел од дезинформациите во земјава се увезени однадвор, при што проминентна улога во фацилитацијата и охрабрувањето на таквиот увоз има пропагандата на Кремљ, која упорно и постојано креира нови дезинформации за меѓународна употреба, а, исто така, упорно и постојано ги проширува и тоа на најразлични начини, заради што неретко завршуваат и кај нас. Понекогаш тоа се прави преку блиските медиуми во домицилната држава, а ако не може да се најде пријателски медиум, тогаш тоа се прави преку нивните поддржувачи на социјалните мрежи, при што таквите поддржувачи можат да бидат свесни за потеклото на дезинформациите (да веруваат во наративите на Кремљ и се подготвени да ги шират нивните дезинформации), кои тоа го прават заради некаква корист (политичка, материјална, социјална, итн.) и такви кои тоа го прават несвесно, односно не знаејќи дека станува збор за дезинформации како дел од странска дезинформациска кампања („корисни идиоти" според терминологијата на советски-

от револуционерен комунистички лидер, Владимир Илич Ленин). Доколку, пак, станува збор за содржина која мора брзо да се дистрибуира и мултиплицира, не е невообичаено Кремљ за ширење на своите дезинформации да ги користи и официјалните профили на своите дипломати и/или дипломатски претставништва во државите кои се таргет на кампањата. Сето ова е испробано од страна на Кремљ во серија држави низ Европа и тоа во период од сега веќе цела деценија. Државите доаѓаат на удар кога во нив се случува некоја внатрешна или надворешна криза која треба да се продлабочи, или, пак, кога тие склучуваат договори кои на Кремљ не му одговараат. Во С. Македонија такви случаи се македонско-бугарскиот спор, при што не се пропушта прилика на тој спор да му се додаде дополнителен жар во оној момент кога тој ќе се разжести, а таков беше и случајот кога земјава стануваше членка на НАТО алијансата, при што најпрвин се вложуваа напори тоа да се спречи, а откако таквата тактика не успеа, целта на дезинформациската кампања се префрли врз ширење страв од членството и истакнување на измислени негативни страни од него.

Но, во последните две години најважна тема на дезинформациските напори на Кремљ, како во целиот свет, така и во С. Македонија беше и е онаа поврзана со агресијата врз Украина. Пропагандните напори на Кремљ, неретко се поврзани и со директна акција со што информациското се претвора и во хибридно војување преку злоупотреба на економските односи, финансиите, криминалните активности, злоупотреба на религијата, креирање интерни, регионални и меѓународни раздори и судири, со цел ширење несигурност и страв, заземаат значајно место во севкупните напори на Кремљ надвор од бојното поле. За тоа колкаво е значењето на ваквиот дезинформациски наплив покажува високото ниво на дезинформации, заради што за војната во Украина во оваа публикација се посветени две поглавја, од кои едно исклучиво за напорите на Кремљ за оцрнување на украинскиот претседател, Володимир Зеленски, како и посебно поглавје токму за известување и анализа на информациското војување на Кремљ во и околу земјава.

И, на крај, никако не смеат да се пренебрегнат дезинформациите, кои почиваат врз теории на заговор. Речиси и да нема политичка тема или тема која има барем некаква допирна точка со политиката, која е интересна за оние лица или мрежи кои креираат дезинформации, а меѓу тие дезинформации да нема и такви во чија позадина не се алудира, насетува или не се говори отворено за постоење на некоја теорија на заговор, односно во чија позадина не стои тврдење или назнака за некаква група на моќници, кои ги влечат конците во позадина, додека мнозинството обични граѓани се означуваат како кукли и каде што се бара таквите наводни „жртви“ да ги искинат таквите наводни синџири и да се приклучат кон оној или оние кои дезинформираат. Ваквите дезинформации имаат длабока и долга „традиција“. Некои заговори на крајот излегуваат вистинити, што пак, го отежнува справувањето со оние кои се темелат врз дезинформации.

Во секој случај, дезинформацискиот пејзаж на македонскиот јавен дискурс има богат дијапазон на теми, потекло и причини за својата разновидност, што го прави исклучително тежок за спротивставување. Содржи широк спектар на „играчи“, кои неретко се прикриени и кои преземаат далекусежни и комплексни мерки за да го скријат својот идентитет за да можат што подолго да ги креираат и дистрибуираат своите невистини. Но, ништо од тоа не смее да нѐ спречи да се бориме против нив и тоа во рамките на правилата на играта - Уставот и законите и тоа, пред сѐ, гарантирањето на слободата на изразување, која е втемелена во член 16 од македонскиот Устав и околу која нема ни компромиси, ни преговори. Но, и покрај тоа што полето за натпревар е закосено на страната на оние кои манипулираат или ја игнорираат вистината, секогаш има начин да се разоткријат лагите. Оваа публикација е токму на таа тема - за што најмногу се дезинформира и да се фрли светлина врз тоа како се води битката за вистината.

# 1. Напади против Западот на сите фронтови

Штетните странски влијанија, пред сè, авторитарните пропаганди, веќе цела деценија шират дезинформации против западните демократии, обидувајќи се да ги поткопаат темелите врз кои тие се потпираат: индивидуалните права и слободи, владеење на правото, слободни и демократски избори, итн. За оваа цел се користи секој можен начин да се истакнат, продлабочат и засилат несогласувањата внатре во овие општества, ако може и да се креираат нови. Но, ваквата пропаганда не е насочена само кон западните демократии, туку неопходно е да им се покаже на популациите во сопствените земји колку работите се лоши во Европската Унија, како таму се уништува земјоделството, луѓето биваат присилувани да јадат инсекти за да се сочува животната средина, се жртвува семејството за потребите на ЛГБТ заедницата и недоброени други лаги, кои им одговараат на авторитарните властодршци и нивните клики со цел да останат на власт што подолго и да ги сузбијат демократските бранувања во сопствените земји.

# Десничарски групи со дезинформации ги бранат семејните вредности

**Демохристијанската идеологија интензивно ги пушта своите корени и во македонското пост-ковид општество, во време кога се создаде плодна почва за антиваксерски движења и сеење дезинформации за последиците од ковид вакцините. Во барабанот на дезинформациите се најдоа разни теории на заговор, но и предупредувања за „увоз на опасни западни вредности“ со цел уривање на нашите традиционални семејни вредности. Во таа смисла се туркаат приказните дека децата се колатерална штета во намерата на власта преку законски измени да ги озакони истополовите бракови, како и тоа дека ЛГБТИ+ заедницата како малцинство ја наметнува волјата над мнозинството. Овие антиродови групи претставени преку некои граѓански здруженија, неформални групи, иницијативи и десничарски политички партии, не се автентично македонско движење, туку дел од мрежата на конзервативните, па дури и радикални движења во светот, кои преку дезинформации директно се насочени кон уривање демократските процеси во општествата**

Пишува: **Весна Коловска**, 27 октомври 2023



**Фото:** Gerd Altmann Pixabay

Измените на два закона – на Законот за матична евиденција и на Законот за родова еднаквост повлекоа лавина од дезинформации и конфузија во македонското општество. Социјалните мрежи станаа алатката која обилно се користи за да се порачаат сосема произволни тврдења дека законските измени ја „загрозуваат безбедноста на девојчињата, бидејќи правното менување на пол само со изјава на нотар би овозможило инфилтрирање на мажи со криминална историја во интимните женски простори (болнички соби, старски домови, бањи, јавни тоалети, спортски соблекувални и сл.) и би предизвикало драстично зголемување на стапката на сексуални напади".

Повеќе граѓански здруженија, неформални групи, иницијативи, верски организации и десничарски политички партии обединети во Коалицијата за заштита на детето шират страв и паника, пренесувајќи приказни од светот со сведоштво за наводно насилна и несвесна промена на полот кај децата и младите. Дел од овие наводи се проверени и верификувани како дезинформации од страна домашните и странските проверувачи на факти.

Тезата е дека децата и семејството се загрозени со давањето права на трансродови лица и на ЛГБТИ+ заедницата, додека воведувањето на сексуалното образование во училиштата ја турка идејата дека *„има безброј полови /родови (не само машки и женски) и тие може да се менуваат".*

Демохристијанската идеологија интензивно ги пушта своите корени и во македонското пост-ковид општество, во време кога се создаде плодна почва за антиваксерски движења, засилени со приказни за последиците од вакцините.

Движењето доби на силина со придржувањето на јавни личности, свештеници, доктори и политичари.

## Што, всушност, предвидуваат законските измени?

Министерката за труд и социјална политика, **Јованка Тренчевска,** рече дека двата документа се несреќно споени и во перцепцијата и во законската постапка, што дополнително ја сензибилизира јавноста.

Предлог-законот за дополнување на Законот за матична евиденција овозможува на секој граѓанин со наполнети 18 години, кој не е во брак, само со нотарски документ да има право на промена на полот и негово законско признавање. Тоа лице ќе може да ја смени ознаката за пол во матичните книги и на тој начин државата ќе му го препознае вистинскиот пол, што сега не е случај. Ова засега неколку десетици трансродови лица. Досега, 14 транс лица успешно ги завршиле постапките за правно признавање на родот, почнувајќи од 2017 година.

Опишувајќи ја важноста од правно признавање на родот, седумте пратенички (**Маја Морачанин, Снежана Калеска, Санела Шкријел, Даниела Николова, Моника Зајкова, Маја Костадинова и Љатифе Шиковска),** кои се предлагачи на измените на Законот за матична евиденција, се повикуваат на меѓународните стандарди за човекови права, кои го признаваат правото на лицето на родов идентитет. Почитувањето на родовиот идентитет вклучително и право на правно признавање од страна на државата е дел од правото на приватен живот, кое што се гарантира со Уставот на Република С. Македонија и меѓународните конвенции за човекови права.

> **Транс луѓето имаат неусогласен родов идентитет со впишаниот пол во матичната евиденција при раѓањето. Оттука, постои потреба од усвојување на законски одредби со кои јасно ќе се пропише постапката преку која транс луѓето ќе можат да го оствараат правото на правно признавање на родот. Правното признавање на родот е процес во кој поединецот може да ја промени ознаката за пол во матичната евиденција и на тој начин државата да го признае неговиот вистински род**, *пишува во Предлог – измените.*

Предлагачите се повикуваат на правото на транс луѓето да добијат документи кои ќе го рефлектираат нивниот родов идентитет, што е клучно за тие да можат да функционираат соодветно во општеството и да бидат заштитени од низа повреди на човековите права. Тука спаѓаат заштита од дискриминација при вработувањето, во образованието, здравството, социјалната заштита, при пристапот до добра и услуги од приватен или јавен сектор, како и заштита од физичките и вербалните напади.

Измените, откако беа првично повлечени во јуни 2023 година, повторно се вратени во собраниска процедура.

Во предложените измени на Законот за родова еднаквост, меѓу другото, се дефинира дека ***„родовиот идентитет“:***

> **Се однесува на внатрешното и индивидуално доживување на сопствениот род што секое лице длабоко го чувствува за себе, што може но и не мора да содејствува на полот што му е определен при раѓање, како и личното доживување на сопственото тело и поинакво изразување на родот, вклучително име, облека, говор, манири и друго.**

Со предложените измени се дефинира и дека ***„лице со разновидни родови идентитети“:***

> **Е секое лице кое не се идентификува во бинарните идентитети на жена или маж, а ги опфаќа и трансродовите лица, транссексуалците, интерсексуалците и родово небинарните лица.**

Припадниците на антиродовите движења излегоа со ставови во јавноста дека родовиот идентитет е нешто ново, што ни се наметнува, но факт е дека поимот се применува уште од 1995 година, со усвојувањето на Пекиншката конвенција, а подоцна имплементирана преку повеќе закони и документи. Во земјава, последниот е Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027, усвоена во јули 2022 година и се применува од локално до централно ниво.

Законските измени за родова еднаковст се повлечени на доработка и сè уште не се влезени во собраниска процедура.

## Хомофобија и говор на омраза кон различностите

Во нашата македонска реалност овие две законски измени станаа тоа што за Србија беше организирањето на „Еуропрајд“ – Парадата на гордоста во 2021 година во Белград, кога српската престолнина беше избрана за одржување на најголемата меѓународна парада на гордоста во Европа.

Тоа беше обединувачкиот момент на десничарските и христијанско-конзервативните движења и уште толку ги засили. Обединетото движење не успеа да ја сопре Парадата на гордоста на улиците на Белград, но обезбеди гласови за партиите, дел од оваа коалиција, кои ги поддржаа и ги делат конзервативните ставови. Партиската коалиција НАДА, која настана во 2021 година на парламентарните избори следната година успеа да освои 15 места во српскиот Парламент со 250 членови. Со 23 места оваа десничарска коалиција евроскептици, составена од 4 политички партии е застапена во Собранието на Војводина и локалните Собранија во Белград и Нови Сад. Нивната идеологија е национален конзервативизам и милитаризам, се залагаат за воведување на монархија. Нивното мото е „Да живееме нормално!“

Особено илустративен е наративот на групата „Против новиот светски поредок“, преку објавувањето на приказни, вести, теории на заговор, сведоштва против вакцините, трансродовите лица, со изразена хомофобија и говор на омраза кон малцински групи.

> **Да ги отвориме очите и да се спротивставиме на злото, да се запознаеме со суровата вистина и да заборавиме на шарените лаги засекогаш –** *е мотото на делувањето.*
> *(„Против новиот светски поредок“)*

Во една од објавите авторот на постот споделува фотографија од изгледот на градот што падна пролетта во Србија со констатација:

**Некој очигледно решил да си игра Бога и создал мразулци во облик на човечко око. Дали ЦЕРН си поигрува со човештвото?**

Идентично како и во Србија и во Бугарија овие групи се обединети околу Маршот за семејството што е годишен настан за *„заштита и афирмација во општеството на брак само помеѓу маж и жена и на традиционалното бугарско семејство составено од мајка, татко и деца“*. Меѓу другите активности, иницираа петиција *„против хомосексуалната пропаганда и за ограничување на јавните рекламни кампањи на ЛГБТ организациите во Бугарија“*.

Икона на овие движења е Мет Волш, конзервативен политички блогер, кој во 2022 година од The New Republic го доби признанието за трансфоб на годината. Волш ја демонизираше Детската болница во Бостон со лажни тврдења за нејзината програма за грижа за потврдување на полот. Болницата, како што пишуваа медиумите, добила закана со бомба, неколку дена откако пријавила „голем обем“ на вознемирувачки пораки и телефонски повици со закани кон нејзиниот персонал.

Во тесна соработка се повеќе православни организации, движења и информативни интернет страни, како и фејсбук групи. Коалициите во регионот се речиси идентични по состав – регистрирани граѓански организации, граѓански движења и иницијативи, Фејсбук групи и политички партии, познати антиваксери и религиозни групи – сите се обединети околу светски познатите организации Family Watch International и Alliance Defending Freedom.

Ова се десничарски христијански организации кои се залагаат за забрана на абортусот, хомосексуалните бракови, правото на транс луѓето да го променат својот пол/ознака за пол на документи итн...

## Наративи од руската дезинформациска кујна

Анализирајќи ги овие движења, српскиот социолог и универзитетски професор **Алексеј Кишјухас** спојот на овие граѓански движења со православни групи го гледа во, како што пишува „вредности, односно наративи кои се измислени многу неодамна, и тоа во Русија на Владимир Путин, односно во неговите фабрики за дезинформации и лажни вести.

**Во 2013 година, Русија го усвои законот со следниов наслов: „Закон за заштита на децата од информации кои се залагаат за негирање на традиционалните семејни вредности“, со кој се криминализираат човековите права и културата на ЛГБТ лицата. Во овој поглед, самиот Путин (лажно) тврдеше дека Западот ги укинува концептите „мајка и татко“ и ги замени со „родител 1 и 2“ (дали сме слушнале за оваа дезинформација и зошто сме?). Министерот за надворешни работи Сергеј Лавров тврдеше (исто така лажно) дека студентите на Запад учат дека Исус од Назарет бил бисексуалец. Со други зборови, задолжителната одбрана и заштита на традиционалните семејни вредности е всушност само паметно име за – пропагандна војна против Западот и западните слободи. Русија на Путин се претставува на глобално ниво како бастион на традиционалните вредности и патријархалните родови улоги, односно како контрапункт на моралната декаденција на Америка и Западна Европа. И затоа на митинзите низ Белград се носат руски знамиња или знамиња со ликот на Путин,**
*напиша Кишјухас во колумна за весникот „Данас“.*

Дезинформацискиот терк е ист. Западот и ЕУ ни го уништуваат семејство и нашите традиционални вредности. Во една од циркуларните регионални дезинформации се тврди дека европските држави дозволуваат промена на пол кај деца од 8 годишна возраст. Проверката на факти на Вистиномер утврди дека не постои земја во Европа каде операциите за промена на полот се дозволени на 8 годишна возраст. Возраста за ваква операција без потребата да се согласи на неа родителот е 18 години, а во две земји над 16 години, но со родителска согласност.

Во друга дезинформација се вели дека 16 годишниците во Шкотска можат ако сакаат на секои три месеци да го менуваат полот. Ова не е точно, при аплицирањето за промена на полот се дава и заклетва дека лицето има намера да остане во стекнатиот пол до крајот на својот живот.

Во обид да се прикаже колку ниско одат либералните европски вредности, на социјалните медиуми е објавена фотографија од сликовница по сексуално образование со тврдење дека во Германија децата од мали нозе учат за сексот.

При дебанкирањето, е утврдено дека сликовницата не е учебник кој се користи во официјалната наставна програма во Германија, туку има едукативен карактер и е наменета за родители, старатели и воспитувачи како прирачник на тема сексуално образование.

Во серијата написи пренесени од регионот и кај нас лажно се тврди дека граѓаните на Европа ќе јадат инсекти, дури и против нивната волја; дека ЕУ има агенда да го уништи земјоделието и сточниот фонд до 2030 година; дека Германија излегува од ЕУ, која е пропаднат проект и ја враќа марката како валута.

На домашен терен се следи овој наратив. По пример на некои западни демократии и во Скопје се рашири паника дека на ученици од училиште во општината Аеродром им било дадено задача да се облечат како спротивниот пол и дека на тој начин во училиштата во Македонија се спроведува некаква агенда за „Gender Swap Days“ или „Gender Bender Days“, воведени „со цел да се урнат старите традиционални норми“. Од Општина Аеродром ги демантираа ваквите информации напоменувајќи дека станува збор за активност која е предложена од страна на учениците. Но, оттаму посочуваат, дека по разгледувањето на предлозите од страна на раководството на училиштето, а по консултација со надлежните служби во општината, донесена е одлука планираните активности да бидат модифицирани и од нив да бидат прифатени само оние кои се соодветни на образовниот процес.

Во друга дезинформација се тврдеше дека децата уште во градинките ќе учат сексуално образование. Ваквите информации за „Вистиномер“ ги демантираа од МОН и од ХЕРА. Предлог наставната програма по Сеопфатно сексуално образование (ССО) е само за ученици од 9-то одделение и тоа засега е само во четири основни училишта.

Стравовите за родово редефинирање на општеството создадоа неприродни сојузи, плодна почва за теории на заговор и ширење на стравови. Првите општини каде се смени и терминологијата во општинските документи од „родова рамноправност“ во „права меѓу мажите и жените“ се Струмица, Ново Село и Гевгелија, а кон крајот на јули 2023 година на овој список на општини се придружија и општините Дојран и Василево. Идентична одлука без расправа донесе и Советот на Општина Охрид.

Прогресивните граѓански движења предупредуваат дека овие наративи, следени со наплив од дезинформации меѓу десничарски движења водат кон губење на веќе извојувани права. Јавните дебати за улогата на жената поттикнуваат редефинирање на нејзината улога, нејзиното право на абортус, на работа и плата, односно спротивно на сè она што го претставува партијархатот.

Дезинформациите со несанкционираниот говор на омраза создаваат плодна почва за насилство, што се гледа и низ наративите на социјалните медиуми кои особено се штетни. Автори се истите групи кои ги поддржуваат и закоравените традиционални норми.

# Вжештување на увезените идеолошки судири засилени преку напливот на дезинформации

**„Меѓукултурните војни“ *(culture wars)*, односно идеолошкиот судир помеѓу левицата и десницата, стана доминантна тема во политичкиот дискурс во САД. И двете страни се обидуваат да ја претставаат својата вистина и својот поглед на светот како единствени исправни, додека оние „другите“ се силата на злото, која сака да го уништи човештвото. Ваквите увезени идеолошки судири со сета своја нетрпеливост кон противникот пристигнуваат и кај нас.**

Пишува: **Наум Локоски**, 28 јули 2023



**Фото:** Мета.мк

Вжештената реторика од социјалните мрежи и кампусите на американските унверзитети со текот на времето своето место го најде во мејнстрим политиката, особено со влегувањето во политика на поранешниот претседател на САД, **Доналд Трамп**. Во обидот да привлече нова група на гласачи која претходно се наоѓаше на маргините, Трамп почна реториката на поделба да ја користи во своите говори, што само го засили процесот на ширење на теориите на заговор од екстремните групи до пошироките маси. Десничарската група „Кју-анон“ од 2017 година со дезинформации и измислици се обиде да прикаже некаков заговор против Трамп од група на сатанисти, канибали, кои се занимаваат со трговија со деца. Ваквите „сатанисти“ и „канибали“, „педофили“, итн. често беа највисоки политичари од противничкиот табор на демократите или моќни американски бизнисмени познати во целиот свет.

Со ваквата реторика „меѓукултурните војни“ *(culture wars)* од идеолошка битка помеѓу левицата и десницата, екстремните десничари ги направија во офанзива на дезинформациите во која почна да страда вистината. Интернетот и социјалните мрежи помогнаа ваквите наративи многу брзо да ги напуштат САД и дезинформациите и теориите на заговор насочени против политиките на либералните западни земји се одомаќинија во многу земји, вклучително и Северна Македонија. Десничарските „војници“ во оваа „меѓукултурна војна“ редовно ги напаѓаат правата на абортус, правата на ЛГБТИ+ заедницата, шират дезинформации против **Бил Гејтс**, **Клаус Шваб**, Светскиот економски форум и западните лидери, против придобивките од 5Г технологијата во телекомуникациите... Но, најголема штета сигурно нанесоа за време на пандемијата на КОВИД-19, кога беа и најгласни противници против носењето маски и вакцините, индиректно предизвикувајќи смрт на илјадници лица. Тоа што е заедничко за сите вакви ликови, автори и дисеминатори на дезинформациите и теориите на заговор е што секогаш нудат авторитарни лидери, кои, според нив, се борат за некакви традиционални вредности, како алтернатива на либералните западни вредности.




**Фото:** Принтскрин ФБ пост

## Спецификите на „меѓукултурната војна“

Ваквите наративи речиси координирано се пренесуваат и во С. Македонија од страна на група корисници на социјалните мрежи, кои генерално ги преведуваат и повторуваат истите дезинформации и теории на заговор, напаѓајќи ги либералните вредности, во обид за некаква заштита на традиционалните вредности и децата.

Помеѓу најсподелуваните наративи се оние за абортусот и теориите на заговор дека вакцините против КОВИД-19 предизвикувале спонтан абортус или дека абортирани фетусни клетки има во храната и пијалоците на некои од најголемите западни брендови.

Критиките против абортусот се во насока на заштита на традиционалните семејни вредности и согласно заговорот дека *„светската елита сака депопулација на земјата“*. Често овие наративи кокетираат со политиката (правилата за абортус од времето на поранешниот премиер **Никола Груевски**), а во сличен контекст се вклучува или ја вклучуваат и религијата, т.е. верските заедници (МПЦ-ОА и ИВЗ). Наративите против абортусот во С. Македонија се повторуваат изминативе десетина години, се извртуваат освоените права и медицински индикации за абортусот и тој се поистоветува со „право на смрт“ или убиство. Популарните споделувачи на ваквите теории на заговор, обидувајќи се да креираат паника и фронт против абортусот, го поврзаа овој медицински процес со вакцините против КОВИД-19. Покрај лажните тврдења дека вакцините содржеле алуминиум и жива, теоретичарите на заговор одеа дотаму тврдејќи дека вакцините содржеле и ткива од абортирани машки фетуси. Тие споделуваа видеа и содржини, креирани од десничарските американски кругови во кои се тврди дека клетки од бубрезите на абортирани фетуси се користат во производите на „Пепси“, „Крафт“, „Нестле“ и „Кемпбелс“.

„Вистиномер“ досега неколкупати има пишувано дека вакцините против ковид-19 не содржат абортирани фетуси, ниту, пак, бубрези од мајмуни или пилешки ембриони. Како и за фактот дека вакцините против ковид-19 не ја менуваат вашата ДНК.



**Фото:** pixabay.com

## Отпорот кон сексуалното образование е резултат на теориите на заговор

Во иста насока се и сè почестите напади против Сеопфатното сексуално образование и тврдењата дека тоа промовира педофилија. Припадниците на „Кју-анон“ се обидуваа да претстават постоење на некаква длабока држава и мрежа на педофили која врши меѓународна трговија со деца. Според „Кју-анон“, кој има и поддржувачи и „војници“ и во земјава, поранешниот американски претседател Трамп е спасител на децата, кој ја сопрел ваквата трговија. Откако аферата „Пицагејт“ од 2016 година спласна, а случајот со обвинетиот американски финансиски магнат **Џефри Епстин** заврши кога тој се самоуби во својата ќелија во њујоршкиот затвор, „Кју-Анон“ го презеде наративот за поврзаноста на американската либерална политичка, холивудска и бизнис-елита со педофилија и сатанизам, а Трамп е претставуван како големиот спасител на децата од канџите на злото.

Сличните вакви теоретичари на заговори во С. Македонија ставаат знак на равенство меѓу педофилијата и сеопфатното сексуално образование, што е невистина и претставува дел од долгорочната пропаганда која одредени кругови, противници на сексуалното образование ја промовираат со месеци. Ваквите ставови ги надополнуваат со дезинформацијата дека во Америка академиците сметале оти педофилијата била сексуална ориентација и требало да биде прифатена како таква од општеството, како и тоа дека во земјава со програмата за сеопфатно сексуално образование се промовирала „пилот педофилија“.

Ваквите тврдења беа демантирани од страна на ХЕРА, но и од официјалните документи, како пилот програмата за сексуално образование. Педофилијата е често споменувана и во контекст на ЛГБТИ+ правата, кои, ваквите теоретичари, се обидуваат ЛГБТИ+ лицата да ги претстават како „отпадници“ од нормалното, т.е. „болни“, западна измислица и како обид да ги стават во контекст на некаква агенда која ги руши нивните вредности.

Ваквиот наратив често го користат авторитарните лидери и политички фигури во Европа и САД и со потпалувачка реторика се обидуваат да освојат гласови, а неретко тоа се пресликува и кај нас со ширење дезинформации.

И покрај сите овие примери на дебати, кои се пресликани во нашето општество и општествен дискурс, сепак, највпечатливи се оние со директни напади врз личности и политичари од западниот свет, кои се предводници на либералните западни вредности.

## Бајден – предавник!

Еден од нив е американскиот претседател Џо Бајден. По доаѓањето на власт на Бајден привrзаниците на Трамп започнаа кампања со дезинформации против него, обидувајќи се да го претставаат како предавник и неспособен за извршување на функцијата претседател. Доста често се споделуваат монтирани и сечени видеа и изјави со цел Бајден да се претстави како зол и како противник на традиционалните вредности како што напаѓачите си ги замислиле. Дезинформациите одат дотаму што дури беше споделено дека Бајден бил убиен и заменет со глумец или клон. Токму нападите кон Бајден како лидер на САД, кои се сметаат за предводник на либералниот Запад, се насочени кон уривање на либералните вредности и обид да се понуди авторитарна алтернатива на Западот. Манипулациите поврзани со Бајден и САД доста често се адаптираат и на „домашниот пазар“ и се креираат дезинформации од локален или регионален карактер.

Ваквите т.н. „меѓукултурни војни“ на десницата во земјава се целосно пресликани и увезени однадвор, но со идентична цел, да се напаѓаат либералните вредности и да се обиде да се сврти јавното мислење против Западот. Повикувањето на почитувањето на некакви традиционални семејни вредности неретко е придружувано со промоција на авторитарни лидери како **Путин, Трамп, Ердоган, Орбан...**



Официјален портрет на претседателот Џо Бајден,
**Фото:** whitehouse.gov, CC BY 3.0

## Авторитаризмот и „македонското национално чувство“

Величењето на овие лидери, а особено на рускиот претседател, **Владимир Путин**, често оди и во насока на градење блиски односи меѓу С. Македонија и Русија, со цел заштита и промоција на македонското национално чувство. Ваквите наративи се збогатени со дезинформациите дека западната цивилизација и либералниот пазар водат кон смрт и уништување на „домородното европско население“, додека Русија се претставува како „последен бастион на традиционалните вредности“ во Европа.

Тоа што може да се извади како константа за целата ова „меѓукултурна војна“ базирана на дезинформации, лажни вести и теории на заговор, е што Русија често се вмешува на страната на традиционалистите и поддржува радикални десничари во западните земји. Телевизиите финансирани од руската држава како „РТ“ и „Спутник“ долго време зрачеа во либералните западни држави, а пропагандата пласирана од нив, која беше со цел да се подрие довербата во западните системи, неретко се споделуваше од страна на десничарските групи. Франција неодамна разоткри обемна руска кампања чија што цел беше да се подрие поддршката од Западот за Украина, извести француската државна агенција Viginum, чија намена е борба против странски дигитални вмешувања. Војната во Украина значително ги засили ваквите дезинформации и лажни вести кои се шират на Западот и особено на Балканот, а произлегуваат од „руските кујни“.



**Фото:** Исечок од видео на Kremlin.ru од Парадата на победата во Москва 09.05.2022 г.



**Фото:** vlada.mk

## Ризикот „маргиналците“ да станат „мејнстрим“ не е мал

Увозот на ваквите „меѓукултурни војни“ во С. Македонија, проследени со низа на дезинформации, лажни вести и манипулации, претставува опасност по демократијата и дополнително го проширува општествениот јаз. Засега ваквите дебати остануваат на маргините токму поради тоа што тие не потекнуваат изворно од проблемите на општеството, туку се увезени за туѓи интереси. Но, фактот што следната година во земјава има и претседателски и парламентарни избори, фактот што дезинформациите најмногу виреат на социјалните мрежи, како и фактот што голем дел од младата популацијата се информира за политички настани токму од социјалните мрежи го зголемува ризикот „маргиналците“ да станат важен момент во предизборната кампања. Тоа може да доведе до дополнителна поларизација и поделби на општеството, војна меѓу партиите, а не политички натпревар.

Зашто во борбата за гласови, кога доминира екстремната реторика и на лево и на десно, партиите неретко знаат да се додворуваат на ваквите групи на граѓани, па и тие започнуваат да употребуваат поекстремни говори и предлагаат политики од крајните точки на политичкиот спектар. Ваквата пракса ја видовме пред, за и по прифаќањето на тн. француски предлог за отпочнување на преговорите со ЕУ, кога партиите од опозицијата, помогнати од невештата власт во однос на транспарентноста, користејќи дезинформации и спинови се обидуваа да мобилизираат поддршка со користење на реторика која ги разгорува националистичките чувства и може да доведе до меѓуетнички судири.

# Не е точно дека ЕУ се бори да им ги одземе родителските права на унгарските родители

**Екипа на Вистиномер**, 28 април 2023

**Европските институции не се против заштитата на децата од педофилија и од сексуално злоставување, туку против тоа што со контроверзниот Закон за заштита на децата во Унгарија се дискриминира ЛГБТ заедницата. ЕУ не се бори да им ги одземе правата на унгарските родители и не ја обвинува лажно унгарската влада за донесување дискриминаторски, хомофобични закони, како што се тврди во постот. Дека законот е дискриминаторски и хомофобичен не смета само ЕУ, туку и голем број на здруженија, меѓу кои и Амнести Интернешнал. Со законот се забранува споделување на информации со малолетници со кои се промовира хомосексуалноста, менување на полот и се ограничува претставувањето на ЛГБТ групите во медиумите**

Објава на социјалните мрежи тврди дека Европската унија има намера да одзема родителски права во Унгарија, откако тамошната влада усвои закон со кој се забранува пропаганда поврзана со педофилијата. Еве што поточно се вели во објавата:

> **ЕУ вети дека ќе ја казни Унгарија и ќе им ги одземе на мајките и татковците нивните родителски права, откако унгарската влада усвои закон со кој се забранува пропедофилска пропаганда да се учи во училиштата.**
>
> **Унгарскиот закон за заштита на децата доведе до правни постапки против земјата, а многу левичарски земји од ЕУ се приклучија на протестот проитв усвојувањето на овој закон со цел да се заштитат децата од државата која ги сексуализира.**
>
> **Комисијата на ЕУ, управното тело што ја започна правната постапка, рече дкеа унгарскиот закон го крши правото на ЕУ, основните права и вредностите на ЕУ.**
>
> **ЕУ се борат да им ги одземат правата на унгарските родители, додека лажно ја обвинуваат унгарската влада за донесување дискриминаторски, хомофобични закони. Новиот закон воведе различни мерки против злоупотребата на децата и педофили во Унгарија, вклучително и забрана за институции кои го промовираат трансродовиот однос и хомосексуалноста кај децата на возраст под 18 години.**
>
> **Дали тие се новите вредности на ЕУ?**
>
> **Дали агитаторите на влезот на Македонија во ЕУ ги сакаат тие вредности за своите деца или само за нашите деца?**
>
> **И како можат?**
>
> **ЕУ има алтернатива.**

Законот за заштита на децата (Child protection law), за којшто се говори во објавата што ја рецензираме, е контроверзен закон во Унгарија, против кој застанаа петнаесетина држави од Европската Унија, меѓутоа не е точно наведеното во постот дека *„ЕУ ветила дека ќе им ги одземе на мајките и татковците нивните родителски права“*. Тоа е *дезинформација*.

Вкупно 15 држави од Европската Унија се приклучија кон тужбата против овој закон, којшто е широко критикуван дека е анти-ЛГБТ закон. Белгија, Луксембург, Холандија, Португалија, Австрија, Ирска, Данска, Малта, Шпанија, Шведска, Финска, Словенија, Франција, Германија и Грција, заедно со Европскиот Парламент ќе делуваат како трети страни во тужбата поднесена минатата година од страна на Европската Комисија.

> **Застануваме цврсто во нашите заложби за инклузивно општество и еднаквост за сите,** *изјавија од Министерството за надворешни работи на Белгија кое е предводник на судскиот спор против овој контроверзен закон.*

Конкретниот закон беше одобрен во јуни 2021 година и содржи одредба којашто забранува или строго ограничува претставување на хомосексуалноста и промената на полот во медиумите, како и во образовните материјали наменети за публика помлада од 18 години. Ова предизвика политички отпор, повеќе држави потпишаа заеднички писма, а премиерите отворено го изразуваа го своето несогласување со нивниот колега **Виктор Орбан**.

Законот официјално, според законскиот текст, цели да ја зајакне заштитата на децата од сексуалните престапници и педофилите. Но, Европската комисија, којашто надгледува дали националните закони се компатибилни со законодавството на ЕУ, побара од Унгарија да објасни зошто забраната за ЛГБТ содржини беше потребна за да се постигнат главните цели на законот што се насочени против педофилијата. Потоа ЕУ покрена постапка против Унгарија, оценувајќи дека овој закон ги крши основните човекови права.

> **Овој закон во Унгарија е срам. Овој закон јасно ги дискриминира луѓето врз основа на нивната сексуална ориентација и оди против фундаменталните вредности на ЕУ, а тоа се човековото достоинство и еднаквост,** *изјави претседателката на Европската Комисија Урсула вон дер Лајен во 2021 година.*

Откако Унгарија одби да го повлече законот, Комисијата во јули 2022 година поднесе тужба пред Европскиот суд за правда, кој има моќ да ја промени националната легислатива. Но, Будимпешта одби да се повлече, повикувајќи се на референдум од 2022 година на кој немаше кворум, односно немаше доволен број на валидни гласови.

Во ниту еден дел од забелешките на европските тела на содржината на законот, не се споменува невистинитата информација која се пласира преку постот што го рецензираме дека *„ЕУ се борат да им ги одземат правата на унгарските родители“*. Родителите и понатаму ќе ги имаат сите права врз своите деца, согласно националното законодавство на Унгарија. Но, забелешката на европските институции е дека заштитата на децата од педофилијата и од сексуалното злоставување, погрешно се поврзува со демонизација на ЛГБТИ заедницата.

> **Заштитата на децата е апсолутен приоритет за ЕУ и нејзините земји членки. Но, законот содржи одредби кои не се оправдани врз база на промоција на овој фундаментален интерес или се непропорционални за да се постигне саканата цел,** *сметаат од Европската Комисија.*

Оттаму велат дека законот ги прекршува следните ЕУ регулативи: Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Директивата за е-трговија (со законот се забрануваат услуги во кои се презентирани различни сексуални ориентации на малолетници, дури и кога овие услуги потекнуваат од други земји членки), Договорот за слобода на давање услуги, како и други директиви.

Значи, европските институции не се против заштитата на децата од сексуално злоставување, туку против тоа што во контроверзниот закон се дискриминира ЛГБТ заедницата. ЕУ не се бори да им ги одземе правата на унгарските родители и не ја обвинува лажно унгарската влада за донесување дискриминаторски, хомофобични закони, како што се тврди во постот. Дека законот е дискриминаторски и хомофобичен не смета само ЕУ, туку и голем број на здруженија, меѓу кои и Амнести Интернешнл, како што може да се види од нивното соопштение.

Вредностите на ЕУ се транспарентно наведени и тоа се инклузија, толеранција, правда, солидарност и недискриминација. Токму за тие вредности се залагаат припадниците на ЕУ. ЕК смета дека законот воведува рестриктивни правила коишто се однесуваат на електронскиот комерцијален сервис и информациските услуги, образовните активности, класификацијата на аудиовизуелните содржини и маркетингот и дека оди против Декларацијата за човекови права. Во законот се забранува споделување на информации со малолетници со кои се промовира хомосексуалноста, менување на полот и се ограничува претставувањето на ЛГБТ групите во медиумите, на начин што се забрануваат медиумски содржини во текот на денот на телевизија и се забранува компаниите да имаат кампањи за солидарност со ЛГБТ заедницата.

Поради сите горенаведени факти постот што го рецензираме го оценуваме како невистинит. Не е вистина дека ЕУ ветила дека ќе им ги одземе на мајките и татковците нивните родителски права.

# Лага е дека ако си за ЕУ треба да јадеш инсекти за да не умреш

**Екипа на Вистиномер**, 21 септември 2023

**Никој не ги принудува граѓаните на ЕУ да јадат инсекти за да не умрат, како што тоа се тврди во постот. Во својата анализа за лажните вести поврзани со инсектите за јадење, Едмо.еу идентификува три главни дезинформациски наративи, меѓу кои и тој дека граѓаните на ЕУ ќе јадат инсекти дури и против нивна волја. Наративите за инсектите како наметната храна во Европската унија може да се класифицираат под наративите за „големото ресетирање“ или „ресетирањето на храната“**

ВИСТИНОМЕР

ВЕ ДРЖИ ЗА ЗБОР

**Ако си за ЕУ, за да не умреш ќе јадеш инсекти,** *стои во* ***објава*** *на социјалните мрежи.*

Ваквото тврдење не е поткрепено со никаква позадина или објаснување, а не нуди ниту некакви факти. Со објавата е приложено видео од некој говорник во Европскиот парламент, кој на хрватски јазик зборува против политиката ЕУ за земјоделието во различни држави членки.

Одлуката на ЕУ во јануари 2023 година, да одобри некои производи добиени од инсекти за човечка исхрана, предизвика бран на дезинформации ширум Унијата. Во многу земји-членки се појавија лажни вести за инсекти скриени во храната или за инсекти кои се опасни за човечка исхрана. Во некои источноевропски земји руската пропаганда ги искористи тековните дезинформации за да воспостави врска со постоечки наратив кој ги преувеличува негативните последици од војната во Украина и санкциите врз европскиот начин на живот.

Во својата анализа за лажните вести поврзани со инсектите за јадење, Едмо.еу идентификува три главни дезинформациски наративи, меѓу кои и тој дека граѓаните на ЕУ ќе јадат инсекти дури и против нивна волја.

## Барањето на приватна компанија е проучувано во ЕУ 4 години пред да биде одобрено

Европската Комисија донесе регулатива со која од 3 јануари 2023 година на пазарот се одобрува употребата на прав од акета доместикус (домашен штурец), како нова храна. Според документот објавен на линкот, на 24 јули 2019 година компанијата Крикет Оне Ко (апликантот), аплицирала во Европската Комисија за авторизација на овој прав на пазарот во ЕУ како нова храна. Правот е од домашен штурец со намера да се користи во целозрнести лебови, крекери и лепчиња, во житни барови, суви миксови за печење, бисквити, производи од паста со и без полнење, сосови, процесирани производи од компири, пица, супи и концентрати за супа, пијалаци слични на пиво, во чоколадо и други производи наменети за широката популација.

На 23 март 2022 година Европската комисија усвои научно мислење за безбедноста на овој прав. Во научното мислење, се вели дека правот од домашен штурец е безбеден ако се користи под пропишаните услови и ако се користи во нивоата и количините кои се пропишани.

> **Затоа, научното мислење дава доволна база за да се заклучи дека правот од домашен штурец кога се користи во полнозрнест леб, житни барови, миксови за печење, бисквити, паста, сосови, процесирани производи од компири, пица, концентрати за супа, пијалаци слични на пиво, чоколади итн, ги исполнува условите за неговото пласирање на пазарот во согласност со европските регулативи,** *пишува во документот.*

Дополнително, во наредните 5 години, само еден производител ќе има ексклузивно право да го користи овој прав во своите производи, и ниеден друг. Такво ексклузивно право е исто така наведено.

Фирмата што аплицирала за да го користи прашакот од домашен штурец на европскиот пазар во своите производи се вика Крикет Оне, и е производител на протеини од штурци и инсекти што се јадат, со канцеларија во Виетнам. Фирмата е основана во 2017 година.

Иако е точно дека ставањето на пазарот на споменатиот производ е одобрено, никако не се работи за обврска или нужност за негово купување или консумирање за граѓаните на Европската унија.

Документот за одобрението на овој производ е објавен на 3 јануари 2023 година, во официјалниот журнал на Европската Унија, и тоа под наслов: **„Дозвола на пазарот да се стави во употреба делумно обезмастен прав од акета доместикус (домашен штурец) како нова храна”.**

Во документот (стр.5), пишува дека ознаката на новата храна на етикетите треба да биде „делумно обезмастен прав од домашен штурец – акета доместикус“.  На етикетата на прехранбените артикли кои содржат делумно обезмастен прав од домашен штурец треба да биде експлицитно напишано дека оваа состојка може да предизвика алергиска реакција за консументите кои имаат позната алергија на прашински грини, ракови, мекотели. Ваквата информација треба да се појави веднаш до листата на состојки. Следствено, сите консументи имаат право и пристап да дојдат до информацијата што точно содржи храната која ја купуваат.

Значи, обележувањето ќе биде назначено веднаш до листата на состојки, така што консументите ќе знаат дали прашакот од инсекти бил додаден.

Портпарол на Европската Комисија преку мејл за Евроњуз потврдил дека храната ќе мора да биде обележана.

> **Задолжителни информации за храната мора да бидат достапни на пакувањето. Индикацијата за алергени, исто така, е задолжителна и мора да им биде обезбедена на консументите,** *изјавил тој за Еуроњуз.*

Според тоа, граѓаните сами ќе одлучат дали производот ќе го купат или не, никој нема да ги принудува на тоа.

## Лажните вести базирани зад наративот „ресетирање на храната“

Наративите за инсектите како наметната храна во Европската унија може да се класифицираат под наративите за „големото ресетирање“ или „ресетирањето на храната“. Колегите од романскиот портал за проверка на факти Веридика го поврзаа овој тип на дезинформации за инсектите како наметната храна со наративот за „ресетирање храна“. Иако производот од обезмастениот прав од домашен штурец е пуштен на пазарот во Европската унија, потрошувачката на истиот не им е наметната на граѓаните на Европската унија. Покрај сето ова, јасно ќе бидат означени производите што содржат прав од домашен штурец.

Употребата на инсекти како алтернативен извор на протеини не е нова, а инсектите редовно се јадат во многу делови од светот. Една неодамнешна студија направи синтеза и покажа дека околу 2.000 видови инсекти се јадат во повеќе од 100 земји ширум светот, пишува Веридика. Инсектите кои можат да се јадат, особено штурците, се дел од традиционалната исхрана на неколку земји во Азија, како Кина, Јапонија, Тајван, Камбоџа, Лаос, Мјанмар, Виетнам, Тајланд, но и во Екваторијална Африка, па дури и во Мексико. Нивното консумирање се одвива во различни форми и во различни прилики. Нивната подготовка обично вклучува пржење или варење на пареа за конзумирање како главно јадење или закуска.

Од сето погоре можеме да заклучиме дека одобрувањето на правот од домашен штурец како додаток во исхраната не е задолжителен за консумација за земјите членки на ЕУ. На производите кои содржат прав од штурец тоа ќе биде јасно наведено, а граѓаните ќе одлучуваат дали тој прозивод ќе го купат или не. Никој не ги принудува граѓаните на ЕУ да јадат инсекти за да не умрат, како што тоа се тврди во постот.

Во својата анализа за лажните вести поврзани со инсектите за јадење, Едмо.еу идентификува три главни дезинформациски наративи меѓу кои и тој дека граѓаните на ЕУ ќе јадат инсекти дури и против нивна волја. Употребата на инсекти како алтернативен извор на протеини не е нова, а инсектите редовно се јадат во многу делови од светот. Наративите за инсектите како наметната храна во Европската унија може да се класифицираат под наративите за „големото ресетирање“ или „ресетирањето на храната“. Поради ова, објавата која ја анализираме, ја оценуваме како *невистина.*

# Никаде во Европа не е дозволено 8 годишни деца да прават што сакаат со своето тело

**Екипа на Вистиномер**, 30 август 2023

**Не постои земја во Европа каде операциите за промена на полот се дозволени на 8-годишна возраст. Возраста за ваква операција без потребата да се согласи на неа родителот е 18 години во Бугарија, Кипар, Грција, Франција, Унгарија, Романија и Словачка, а 15-годишна возраст за Словенија. Исто така, во Австрија, Чешка, Хрватска, Данска, Финска, Италија, Латвија, Литванија, Холандија, Полска, Португалија, Шпанија и Шведска возраста за ваква операција е 18 години. Во Обединетото Кралство е 16 години, во Шкотска 17, во Англија и Велс 18 години. Во Хрватска дозволено е да се направи ваква операција и пред 18 годишна возраст, ама само со согласност од родителите.**

Рецензираме објава на социјалната мрежа Фејсбук во која се вели:

> **ЕУ вредности дете од 8 години да има право што сака да прави со неговото тело алооо знаете ли на каде ве водат овие сатанисти.**

Европската комисија има стратегија за заштита на правата на децата, но во неа не е уредено тоа што го пишува во горниот пост, односно дека дете од 8 години има право што сака да прави со неговото тело. Стратегијата на ЕУ за правата на децата е развиена за децата и заедно со децата. Децата треба да имаат пристап до информациите на соодветен начин прилагоден за нив, за да можат јасно да знаат кои се нивните права и што планира ЕУ да направи за нив. Затоа стратегијата е презентирана и во посебен формат кој може да го разберат и децата и може да се пронајде на следниот линк.



**Фото:** pixabay.com

Како што може да се види од стратегијата таа е фокусирана на инклузивно квалитетно образование, заштитата од насилство, помош кон децата бегалци, овозможување на здравствена заштита на сите деца, заштита од насилство и законодавство кое ќе ги опфати потребите на децата да се заштитат децата од сиромаштија, да им се обезбеди квалитетна храна и адекватно домување.

Во Европа, 18,3 проценти од популацијата ја сочинуваат децата. Од нив 22.2 проценти се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Една половина од децата во светот се жртви на насилство. Во 2020 година, една третина од сите баратели на азил во земји членки на ЕУ се деца.

Исто така, во ЕУ 33 проценти од девојчињата и 20 проценти од момчињата наишле на вознемирувачка содржина онлајн во 2020 година, барем еднаш месечно. Базирано на овие факти, Европската комисија ја има формирано својата стратегија со која се прават напори да се одговори на најгорливите проблеми за децата да растат посреќно и побезбедно.

Што се однесува до операциите за промена на полот, (исто така познати како операција за потврдување на полот), кои претставуваат процес на усогласување на физичкиот изглед и гениталии во согласност со нечиј родов идентитет, не постои земја во Европа каде тоа е дозволено на 8 годишна возраст.

Во 13 од 28 земји членки на ЕУ, се применуваат генералните правила за операција. Во овој контекст, возраста за ваква операција без потребата да се согласи на неа родителот е 18 години во Бугарија, Кипар, Грција, Франција, Унгарија, Романија и Словачка, а 15 годишна возраст за Словенија.

Исто така, и во Австрија, Чешка, Хрватска, Данска, Финска, Италија, Латвија, Литванија, Холандија, Полска, Португалија, Шпанија и Шведска возраста за ваква операција е 18 години. Сè на сè, дваесетина земји членки дозволуваат ваква операција само кај полнолетни лица. Во Хрватска дозволено е да се направи ваква операција и пред 18 годишна возраст ама само со согласност од родителите. Во Обединетото Кралство е 16 години, во Шкотска 17, во Англија и Велс 18 години.

Не постои земја во ЕУ каде на 8 години детето може да даде согласност за полово општење со возрасен. Во сите земји тоа се третира како кривично дело педофилија и се казнува со ригорозни затворски казни.

Конвенцијата за правата на детето е конвенција на Обединетите нации и важен договор меѓу земјите кои се заложија да ги штитат правата на децата. Во конвенцијата се објаснува кои се децата, нивните права, како и одговорноста на владите кон нив. Сите права се поврзани, се еднакво важни и не може да им се земат на децата. Дел од правата во Конвенцијата се тоа детето да биде регистрирано во матичната книга на родените веднаш по раѓањето, детето да не се разделува од родителите освен ако не е во негов најдобар интерес и судски одлучено, да има право да се изразува слободно, слободно да мисли, право на вероисповед итн. Има многу права кои се опфатени во Конвенцијата за правата на детето со оглед на тоа што се работи за обемен документ и може да го погледнете овде.

Во Конвенцијата се наведува дека децата имаат право на заштита од сите видови експлоатација, дури и од таа што не е спомената во конвенцијата. Според Конвенцијата владите мора да се грижат за тоа децата да не се киднапираат или да се носат во други држави за да бидат експлоатирани. Децата имаат право да бидат заштитени од работа која е лоша или опасна за нивното образование, здравје или развој. Владите мора да ги заштитат децата од насилство или запоставување од тие кои се грижат за нив.

Како 34 точка од Конвенцијата за заштита на правата на децата се наведува тоа дека владите мора да ги заштитуваат децата од сексуална експлоатација и сексуална злоупотреба, вклучително и од луѓе кои ги принудуваат децата да имаат секс за пари, или ги фотографираат на неприкладен начин или ги снимаат. Затоа детската порнографија се казнува и е кривично дело во цела Европа.

Кога ќе се погледне Конвенцијата за заштита на правата на децата и нејзините точки, односно најважните аспекти на кои се фокусираат европските директиви и закони, евидентно е дека сè во документот е во најдобриот интерес на децата, сеопфатниот нивен развој и се водело сметка за различни аспекти и на најранливите деца и на оние кои имаат функционални семејства. Според Конвенцијата за заштита на децата, дете е секоја индивидуа помлада од 18 години. Фокусот е на здравствената заштита, правото на образование, заштита од насилство, правото на дом, заштита од секаков вид експлоатација, итн.

Домашното законодавство, како и законодавството на земјите членки на ЕУ ги штити правата на децата, односно нивната безбедност, право на образование, здравствена заштита, заштита од насилство, право на безбеден дом, итн. Поради сите горенаведени факти оценуваме дека *не е точно* дека 8 годишните деца имаат право да прават што сакаат со своите тела и дека тоа се европски вредности.

# 2. Информативна војна против Украина

Со ништо предизвиканата воена агресија врз Украина треба некако да се оправда. За тоа е потребно да се активира и вториот сегмент од таквата инвазија - информацискoто војување. Токму затоа Кремљ реши да ги обнови постоечките и да креира нови наративи и против Украина и против нејзините сојузници и да тргне во нова дезинформациска офанзива, нешто што на тамошните властодршци не им е туѓо. Такви офанзиви имаат практикувано против Украина уште од 2014 година, кога, пак, беше неопходно да се оправда сепаратистичкото насилство и преземањето на контролата врз Донбас, источниот украински дел кој граничи со Русија, како и окупацијата, а потоа и анексијата на Крим.

Со почетокот на целосната инвазија, пак, потребата за дезинформирање на глобално ниво се засили уште повеќе, при што главна цел беше да се оправда агресијата и вината за неа да се префрли на некој друг. И така почнаа дезинформациите за наводните биолаборатории за производство на хемиско оружје во Украина, наводите дека САД во Украина води војна до последен Украинец и измислици за наводен напад на Украина врз отцепените региони кој бил спречен со инвазијата. И така Украина почна да доживува уште една инвазија со дезинформации, покрај инвазијата извршена со оружје.

# Пет манипулативни наративи против НАТО за и околу војната во Украина

**На интернет просторот циркулираат серија анти-НАТО наративи поврзани со воената агресија на Русија врз Украина, а кои имаат за цел да креираат оправдување за оваа агресија така што ја обвинуваат Алијансата за воени акции. Овде спротивставуваме аргументи на пет од таквите наративи кои ја извртуваат вистината во однос на одговорноста за руската агресија врз Украина и улогата на НАТО алијансата во Европа и пошироко во светот.**

Пишува: **Мирослава Симоновска**, 06 март 2023



**Фото:** nato.int

## 1. Дезинформациски наратив: НАТО е закана за светскиот мир

НАТО е одбранбена алијанса чија цел е да ги штити своите земји членки. Секоја земја која ќе се приклучи кон НАТО, се согласува на нејзините политики и принципи. Ова ја вклучува и заложбата дека НАТО не бара конфронтација и не претставува закана за Русија, како што беше и реафирмирано на Самитот во Брисел.

Проширувањето на НАТО не е насочено против Русија. Секоја суверена нација има право да ги одбере своите безбедносни констелации. По студената војна дури и Русија се согласи да гради инклузивна европска безбедносна архитектура, преку формирањето на ОБСЕ, формирањето на Евроатлантскиот совет и други институции.

Како што пишува на страницата на НАТО, НАТО не ја нападна Грузија и НАТО не ја нападна Украина. Русија го стори тоа.

> **НАТО конзистентно се обраќа до Русија изминатите 30 години. Работевме заедно на теми поврзани со спречување на криминалот со наркотици, борба против тероризмот, спасување со подморници дури и во периоди кога НАТО се проширувaше. Но, во 2014 година, како одговор на руските агресивни акции против Украина, НАТО ја суспендираше практичната соработка со Русија. Не бараме конфронтација, но не можеме да го игнорираме фактот што Русија ги крши меѓународните норми, поткопувајќи ја нашата стабилност и сигурност,** *велат од НАТО.*

Како одговор на руското користење на воена сила против Украина, НАТО испрати трупи во балтичките земји и Полска во 2016 година.

> **Пред Русија илегално да го присвои Крим, немаше трупи на НАТО во источниот дел од Алијансата. Како одговор на руската инвазија на Украина во 2022 година, НАТО значително ги зајакна своите позиции на одбрана, вклучително со четири нови групи во источниот дел од Алијансата. На НАТО самитот во Мадрид, сојузниците се согласија дека Русија е најзначајната и директна закана за нивната безбедност и за мирот и стабилноста на евроатлантската област. Сојузниците се согласија и во иднина да ги зајакнуваат позициите на НАТО. Но, сојузниците сепак и понатаму остануваат спремни да имаат отворени канали на комуникација со Москва за да се избегнат ризици, да се превенираат ескалации и да се зголеми транспарентноста,** *пишува на веб-страницата на Алијансата каде се наведени фактите за односите НАТО-Русија.*

НАТО постои од 1949 година, основана е набрзо по завршувањето на Втората Светска Војна. Целта на формирањето е да се обезбеди мирот во Европа и да се промовира соработката меѓу членките како и да се чува нивната слобода, сето тоа во контекст на спротивставување на заканата во тоа време од Советскиот Сојуз. Основачкиот документ за формирањето на НАТО ги обврзува сојузниците на демократија, индивидуална слобода и владеење на правото, како и мирно решавање на конфликтите. Исто така, се поставува темелот на идејата за колективна одбрана, што значи дека нападот против еден сојузник е напад кон сите сојузници. Светскиот мир од почетокот на постоењето на НАТО до денес никогаш не бил под закана како денес, односно откако Русија ја нападна Украина.




**Фото:** en.wikipedia.org

## 2. Дезинформациски наратив: НАТО безмилосно ги бомбардираше Србија и Сирија

На 14 април 2018 година, САД, Франција и Обединетото Кралство ги известија сојузниците за нивната заедничка воена акција од 14 април. Тие брифираа дека значителен број информации укажуваат оти сирискиот режим е одговорен за нападот врз цивили во сирискиот град Дума од 7 април истата година и дека нивната воена акција би била ограничена само врз сирискиот режим, односно неговите објекти преку кои се произведувало хемиско оружје. Трите земји сојузнички потенцираа дека практично немало друга алтернатива освен користењето на сила.

Сојузниците изразија целосна поддршка за ваквата акција која има за цел да се ослабне сирискиот режим, неговите капацитети за користење хемиско оружје и да се спречи понатамошна употреба на хемиско оружје против луѓето во Сирија. Употребата на хемиско оружје не може биде неказнето или да се нормализира, бидејќи е опасност за сирискиот народ и колективната безбедност на НАТО.

> **Сојузниците силно го осудуваат повторното користење на хемиско оружје од сирискиот режим и повикуваат на одговорност. Сојузниците, исто така, го повикуваат сирискиот режим да дозволи брза, издржана и непречена достапност на хуманитарната помош. И покрај дипломатските обиди тоа да се спречи, сирискиот режим, сепак, повторно и повторно користи хемиско оружје против цивили и тоа придонесе до невидено страдање од почетокот на конфликтот во 2011 година. Користењето на такво оружје е флагрантно кршење на меѓународните стандарди и норми, повеќе резолуции на Советот за безбедност на ОН, како и на конвенцијата за хемиско оружје која Сирија ја ратификуваше во 2013 година. НАТО смета дека користењето на хемиско оружје во Сирија од страна на државни и недржавни актери е закана за интернационалниот мир и сигурност,** *се посочува во тогашната Изјава на Северноатлантскиот совет за активностите преземени против употребата на хемиско оружје во Сирија*.

Поранешна Југославија, пак, не се распадна поради НАТО. Алијансата не користеше воена сила за да ги промени границите на поранешна Југославија. Од 1992 до 1995 година, НАТО спроведе неколку воени операции во Босна, активности кои беа под мандат на Советот за безбедност на ОН од кои и Русија беше дел.

> **Русија не се спротивстави на операцијата на НАТО во Либија во 2011 година. Операцијата на НАТО во Косово во 1999 следуваше после едногодишни дипломатски напори од ОН и од контактната група од која Русија беше дел, за да се заврши конфликтот. Советот за безбедност на ОН го оцени етничкото чистење во Косово и растечкиот број на бегалци како закана за меѓународната безбедност и мир. НАТО мисијата помогна да се завршат големи злоупотреби на човековите права и убиства на цивили,** *пишува на сајтот на НАТО.*

Српската влада проценува дека во бомбардирањето од 1999 година од страна на НАТО имало 2.500 починати и 12.500 повредени лица, иако точниот број на жртви останува непознат. Според информации објавени од Humanitarian Law Centre имало 756 загинати за време на бомбардирањето. Во Украина, потврдено е дека 8.101 цивил загина од почетокот на руската инвазија до 26 февруари 2023 година. Од нив 488 се деца. Повредени се 13.479 лица. Вистинските бројки може да се повисоки. Во акциите на НАТО нема ни приближно толку многу жртви како во бомбардирањата што Русија ги спроведува во Украина.

## 3. Дезинформациски наратив: НАТО е агресорска организација

НАТО никогаш нема анектирано ничија територија за разлика од Русија. која од 1993 година до денес има окупирано делови од територии на Грузија, Молдавија и Украина.

НАТО е одбранбена алијанса. Одлуката на Украина да се приклучи кон НАТО е индивидуална. Русија не може да го спречува или да влијае на овој суверен процес. Целта на Русија е да ја збуни или истошти јавноста, да не може да разликува факти од фикција. Руската кампања цели да ги зголеми геополитичките тензии меѓу Москва и Западот и да го портретира НАТО како непријател.

Самата Украина е децидна дека воената агресија е само еден од елементите на руската хибридна војна против Украина. Другите елементи се пропаганда базирана на лаги и фалсификати, економски притисоци, енергетска блокада, заплашување на украинскиот народ, кибер напади, силно одрекување за војна против Украина и покрај големиот број на докази и обвинувања на другата страна за своите сопствени злосторства.

Во 2019 година на страницата на Министерството за надворешни работи на Украина е објавено дека руската агресија довела до големи хуманитарни катастрофи, 9.940 загинати, 23.455 повредени. Во оваа бројка се вклучени 80 деца убиени во терористички напад на 17 јули 2014 година. Околу 1.584.000 лица од Донбас и Крим се внатрешно раселени откако беа принудени да ги напуштат своите домови.

НАТО најостро ги осудува руските брутални и неиспровоцирани напади врз Украина, која како независна мирољубива и демократска земја е близок НАТО партнер. НАТО и сојузниците продолжуваат да ѝ даваат поддршка на Украина во нејзините обиди да го одржи своето фундаментално право на самоодбрана.

> **Откако Русија илегално ги присвои Крим и ја дестабилизираше источна Украина во 2014 година, НАТО усвои цврста позиција за целосна поддршка на украинскиот суверенитет и територијален интегритет во нејзините меѓународно признати граници. Сојузниците го осудуваат и никогаш нема да го признаат илегално и нелегитимно анектираниот Крим,** пишува на сајтот на НАТО.

НАТО, исто така, ги осудува руските илегални обиди да присвои четири региони од Украина – Доњецк, Луганск, Запорожје и Херсон во септември 2022 година, што претставува најголемиот обид за насилна анексија на европска територија од Втората светска војна.

> **Лажниот референдум во овие региони беше изрежиран од Москва и принудно наметнат врз Украина. Тие немаат легитимитет и НАТО нема да ги признае. Овие територии се Украина и секогаш ќе бидат Украина. Огромниот број гласови во Генералното собрание на ОН со кои се осудува рускиот обид за присвојување на териториите, испрати јасна и силна порака дека Русија е изолирана и дека светот е на страната на Украина,** *велат од НАТО.*

## 4. Дезинформациски наратив: Западот преку НАТО сака да го претвори целиот свет во роб на нивните интереси и економија

Економската политика на Западот во однос на глобализацијата доведе до огромен напредок и економски раст ширум светот. Бројот на лица кои живеат во екстремна сиромаштија е драстично опаднат. Тоа е показател дека не станува збор за поробување. Доколку се сака некој да се пороби економски, тогаш нема ни да му се дозволи да се развива економски.

Руската агресија во Украина доведе до масовни потреси во глобалната економија, особено на пазарите за енергенси и храна, а цените почнаа да растат. Споредено со други економски региони, европскиот регион чувствува последици од руската агресија врз Украина. Особено поради тоа што европскиот регион имаше увоз на енергенси од Русија, а Русија и Украина заедно играа важна улога во извозот на храна пред почетокот на руската инвазија.

Светската трговска организација уште во април минатата година (2022) предупреди дека инвазијата врз Украина покрај тоа што предизвика огромни човечки страдања, ја оштети глобалната трговија која ќе ги погоди најмногу најсиромашните држави.

## 5. Дезинформациски наратив: Војната во Украина е отпор против воениот поход на НАТО

Не постои воен поход на НАТО и тоа особено не во и околу Украина. НАТО не е во војна со Русија и не бара конфронтација со Русија. Она што го прави НАТО е поддршка за Украина во нејзиното право на самоодбрана како што е уредено во Повелбата на ОН. НАТО презема само стриктно дефанзивни мерки за да го зајакне своето присуство во источниот дел од Алијансата.

> **Тоа обезбедува да нема простор за недоразбирања во Москва за нашата подготвеност да ги заштитиме нашите сојузници. Нашата основна задача е да ги заштитиме нациите безбедни. Имаме одговорност да осигуриме дека конфликтот нема да ескалира надвор од Украина зашто тоа би било уште поопасно...**
>
> **Нашите вежби не се насочени кон Русија или која било друга држава,**
> *пишува на сајтот на НАТО.*

Овој мит, исто така, ја игнорира географијата. Само 6 проценти од границите на руската територија се допираат со НАТО земји. Русија има копнени граници кои се граничат со 14 држави. Само пет од нив се НАТО членки. Надвор од територијата на НАТО, Алијансата има присуство со војска само во Косово и Ирак. Во Ирак мисијата на НАТО придонесува кон борбата против тероризмот и е на барање на ирачката влада со целосно почитување на суверенитетот на Ирак. Спротивно на тоа, Русија има воени бази и војници во Грузија, Молдавија и Украина без согласност од владите на овие држави. Дополнително, руската војна против Украина го наруши интернационалниот мир, стабилност и безбедност.

# Америка не ѝ ветила на Русија дека НАТО нема да се проширува

**Екипа на Вистиномер,** 04 септември 2023




**Буш-Горбашов, Хелсинки 1990.**

**Фото:** Susan Biddle, Public domain, via Wikimedia Commons

**Нема договор потпишан од САД, Европа и Русија дека НАТО нема да се проширува. Идејата дека НАТО ќе се прошири подалеку од Германија не беше на агендата во 1989 година, затоа што постоеше Варшавскиот пакт. Ова е потврдено од Михаил Горбачов во интервју во 2014 година**

Еден од наративите што ги шири Русија и нејзините поддржувачи за да ја оправда агресијата врз Украина од 2022 година, е запирање на ширењето на НАТО на Исток и до границите на Украина. Често се манипулира дека САД и поранешниот Советски Сојуз се договориле за ова уште пред распадот на комунистичката федерација и поранешниот Варшавски пакт и токму една таква манипулација беше повод за оваа рецензија[5]. Во манипулацијата се вели:

> **Џефри Сакс за кризата во Украина.**
> **САД ја поставија основата за специјална операција долго пред да биде избран Путин.**
>
> **„Американскиот претседател пред 30 години му вети на Михаил Горбачов дека НАТО нема да се помести ни трошка на исток… За жал, веќе во раните 90-ти почнаа да планираат проширување на НАТО во самата Украина. Според мене, ова е најголемата грешка што ја направија Соединетите држави“, изјави американскиот економист и професор на Универзитетот Колумбија, Џефри Сакс на својот канал на Јутјуб. Сакс призна дека оваа акција ја поткопа довербата меѓу Вашингтон и Москва и дека тоа е причина за конфликтот во Украина. „Сето ова започна многу пред претседателството на Путин. Основата беше верувањето на Америка во концептот на униполарен свет. Ова верување беше погрешно, опасно и провокативно“.**

Наспроти изнесеното во постот кој го рецензираме, НАТО на својата страница официјално ова го квалификува како *невистина*, односно како *мит*.

Според наведеното на сајтот на НАТО никогаш не бил склучен договор со кој НАТО ѝ ветува на Русија дека нема да се прошири после Студената војна. Вратата на НАТО е отворена за нови членови откако е основана алијансата во 1949 година и тоа никогаш се нема променето.

Политиката на отворена врата ја има во членот 10 од договорот за основање на НАТО, каде се наведува дека било која друга европска држава, која може да ги зајакне принципите на договорот и да придонесе за безбедноста на НАТО, може да пристапи кон членство. Одлуките за членството се со консензус меѓу членовите.

Нема договор потпишан од САД, Европа и Русија дека НАТО нема да се проширува. Идејата дека НАТО ќе се прошири подалеку од Германија не беше на агендата во 1989 година, затоа што постоеше Варшавскиот пакт. Ова е потврдено од **Михаил Горбачов** во интервју во 2014 година.

> **Темата за експанзија на НАТО не беше дискутирана воопшто, ниту, пак, беше тема во тие години. Ова го тврдам со целосна одговорност. Ниту една земја од источна Европа не го покрена ова прашање дури и кога Варшавскиот пакт престана да постои во 1991. Западните лидери, исто така, не разговараа за ова,** *изјавил Горбачов, како што пишува на сајтот на НАТО.*

[5] https://vistinomer.mk/amerika-ne-%D1%9D-vetila-na-rusija-deka-nato-nema-da-se-proshiruva/

Транскрипти од Белата Куќа кои се декласифицирани, исто така, потврдуваат дека во 1997 година, **Бил Клинтон** константно го одбивал предлогот на **Борис Јелцин** за џентлменски договор дека ниедна поранешна советска република нема да влезе во НАТО.

> **Не можам да се обврзувам во име на НАТО, и нема да се ставам во позиција да ставам вето на НАТО експанзија со почит кон било која држава, а уште помалку на друг да му го дозволам тоа. НАТО работи со консензус, рекол Клинтон.**

Во текст објавен на гласило на Универзитетот Харвард пишува дека **Роберт Зоелик**, американски дипломат кој помогнал да се преговара за крајот на Студената војна, кажал дека тврдењата на **Владимир Путин** за Украина се дел од дезинформациска кампања. Кога претседателот **Џорџ Буш** седнал со советскиот претседател Михаил Горбачов да преговара за мирен крај на студената војна, во собата бил и Роберт Зоелик. За време на самитот од 1990, Зоелик вели дека претседателот Горбачов ја прифатил идејата да се обедини Германија во НАТО базирано на принципот дека секоја држава треба слободно да избере со кого ќе биде сојузник.

> **Бев присутен на тие состаноци и Горбачов, исто така, кажа дека нема ветување дека нема да се прошири НАТО,** *се сеќава Зоелик.*

Советскиот министер за надворешни работи **Едуард Шеварнадзе**, подоцна претседател на Грузија, се согласи, вели тој.

Додава дека договорот за обединување на Германија не вклучува ограничување на проширувањето на НАТО. Тие факти поткопаа едно од оправдувањата на рускиот претседател **Владимир Путин** за инвазијата врз Украина, дека наводно САД се согласиле дека поранешните држави од Варшавскиот пакт никогаш нема да станат дел од северноатлантскиот безбедносен сојуз.

> **Реалноста беше дека во 1990 година повеќето луѓе, а секако и советите, не се фокусираа на тоа дали источноевропските земји ќе станат дел од НАТО. Познавајќи ја советската и руската дипломатија, Москва би барала писмени гаранции доколку верувале дека САД дале такво ветување, вели тој. Па дури и во 1996 година кога претседател беше Бил Клинтон, ги поздрави поранешните земји од Варшавскиот пакт да се приклучат кон НАТО, „еден германски дипломати ми кажа дека во преговорите со Русите, ниту еден Русин не го покрена аргументот за некакво ветување дека НАТО нема да се проширува“,** *вели Зоелик.*

Според него, мотивот за одлуката на рускиот претседател да ја нападне Украина е тоа што Путин не ја гледа Украина како независна и суверена држава.

> **Тој верува дека сите во Русија, Белорусија и Украина, се, всушност, Руси и живеат во голема Русија. И мислам дека на 69-годишна возраст, Путин чувствува дека ова е прашање не само за руската историја, туку и за неговото место во руската историја,** *посочува Зоелик.*

Зоелик додава дека кога претходните напади на Путин на Крим и источните региони на земјата не ја спречија наклонетоста на Украина кон Западот, рускиот лидер верувал дека нема да има друг избор, освен да изврши инвазија.

> **Тоа е неговата мотивација. И мислам дека треба да бидеме свесни. Отпорноста и решеноста на украинскиот народ да се спротивстави, беше изненадување за него и за сите други. Мислам дека на крајот нема да биде успешен,** *додава Зоелик.*

Проверувачите на факти на Политифакт пишуваат дека ниту еден правен договор не му забранува на НАТО да се шири кон Исток.

Поради сите горенаведени факти, оценуваме дека *не е вистина* оти американскиот претседател пред 30 години му ветил на Михаил Горбачов дека НАТО нема да се проширува.

# Лажниот наратив на Кремљ „НАТО се бори со Русија до последниот Украинец“ продолжува да гази

**Екипа на Вистиномер,** 07 јуни 2023

**НАТО ниту ја почна воената инвазија, ниту, пак, има свои војници во Украина. Русија е таа којашто ја нападна Украина во февруари 2022 година, а Украина како независна држава има право да се брани и да ги користи расположливите средства на помош од своите пријатели. НАТО испраќа воена помош за Украина, без притоа да биде учесник во војната. Постот манипулира дека Украина е марионета во рацете на НАТО, иако е јасно дека војната би можела веднаш да престане, доколку Русија се повлече од украинската територија**

Една од многу честите дезинформации се базираат врз лажниот руски наратив дека Украина е само прокси играч во рацете на Запад или на НАТО, кои се подготвени да се борат со Русија до последниот Украинец. Една таква манипулација беше предмет на рецензија[6] на Вистиномер. Во манипулативната објава се наведува:

> **НАТО може да се бори со Русија во Украина додека не остане еден последен Украинец во земјата или може да престане да ѝ дава оружје на Украина што би довело до брз колапс и капитулација. Од НАТО зависи колку ќе трае војната, а не од Зеленски!**

Воопшто не е точно дека од НАТО зависи колку ќе трае војната, затоа што НАТО не е учесник во војната.

> **НАТО најостро ја осудува бруталната и неиспровоцирана воена агресија на Русија против Украина, која е независна, мирна и демократска држава и близок НАТО партнер. НАТО и сојузниците продолжуваат да ја поддржуваат Украина, помагајќи ѝ да го задржи своето фундаментално право на самоодбрана,** *пишува на сајтот на НАТО.*

Украина не е членка на НАТО, туку е партнерска држава. Што значи дека соработува блиску со НАТО, но не е покриена од безбедносната гаранција на основачкиот договор на Алијансата.

На страницата на НАТО, дебанкирани се неколку митови кои се шират од извори на пропагандата на Кремљ и првиот од нив е токму наведеното во постот кој го рецензираме – дека НАТО „се бори против Русија во Украина“ и тоа на сметка на украински жртви.

> **НАТО не е во војна со Русија и не бараме конфронтација со Русија. Она што го прави НАТО е поддршка за Украина во нејзиното право на самоодбрана, како што е наведено и во Повелбата на Обединетите Нации. Во текот на изминатите месеци, преземавме исклучиво одбранбени мерки за да го зголемиме присуството на НАТО трупи во источниот дел на Алијансата.**
>
> **Ова обезбедува да нема простор за недоразбирање во Москва за нашата подготвеност да ги заштитиме и да ги одбраниме нашите сојузници. Нашата основна задача е да ги одржиме нашите 30 нации безбедни. Имаме одговорност да се осигуриме дека конфликтот нема да ескалира и да се прошири надвор од Украина, зашто тоа би било уште поразорувачко и уште поопасно,** *пишува на сајтот на НАТО.*

[6] https://vistinomer.mk/lazhniot-narativ-na-kremlj-nato-se-bori-so-rusija-do-posledniot-ukrainec-prodolzhuva-da-gazi/

Дополнително, НАТО е одбранбена алијанса со главна цел да ги заштити своите членови. Официјалната политика на НАТО е дека „НАТО не бара конфронтација и не е закана за Руската Федерација“.

> **НАТО немаше инвазија врз Грузија, НАТО не спроведе инвазија на Украина. Русија го направи тоа. НАТО константно се обраќа до Русија последните 30 години. Заедно работевме на проблеми како спротивставување на трговија со дрога и против тероризмот, па се до спасувачки мисии за подморници дури и во периоди кога НАТО се проширувaше. Но, во 2014 година, како одговор на руската агресивна акција против Украина, НАТО ја суспендираше практичната кооперација со Русија. Не бараме конфронтација, но не можеме да го игнорираме тоа што Русија ги крши интернационалните правила, поткопувајќи ја нашата стабилност и безбедност“, *пишува на страницата на НАТО*.**

Како одговор на руската инвазија врз Украина во 2022 година, НАТО значајно ги засили своите одбранбени структури, вклучително и четири нови групи во источниот дел од Алијансата. На самитот на НАТО во Мадрид, сојузниците се согласија дека Русија е најзначајната и директна закана за нивната безбедност и за мирот и стабилноста на Евроатлантската област. Сојузниците, исто така, се согласија дополнително да ги засилат позициите на НАТО. НАТО помага во координацијата на украинските барања за помош и ги поддржува сојузниците во доставувањето на хуманитарна помош. Членот 5 (безбедносната гаранција на членот 5) и нејзиното ветување за колективна одбрана им дава увереност на сојузниците дека може да испраќаат оружје за Украина без притоа да ја намалат својата сопствена безбедност.

Индивидуални НАТО членки праќаат оружје, муниција и многу видови на лесна и тешка воена опрема, дронови и тенкови. До денеска, НАТО сојузниците обезбедија милијарди евра вредна воена опрема за Украина. Сојузниците исто така тренираат украински трупи за да ја користат оваа опрема. Сето ова, прави разлика на военото поле секој ден, помагајќи и на Украина да го одржи своето право на самоодбрана, кое е наведено и во Повелбата на Обединетите Нации.

Од почетокот на агресивната воена инвазија на Русија врз Украина, во повеќе наврати пропагандата на Кремљ се обидува да ги изврти тезите односно да наметне низа оправдувања за своите напади. Наспроти наведеното во постот што го рецензираме, Русија е таа којашто ја нападна Украина во февруари 2022 година и Украина поради тоа, како независна држава, со територијален интегритет и суверенитет, има право да се брани и да ги користи расположливите средства на помош од своите пријатели. Доколку не го прави тоа, тогаш таа би се соочила со уште поголеми територијални претензии од страна на Русија.

Во постот, всушност, се тврди дека *„НАТО се бори против Русија во Украина“* што е дезинформација. НАТО ниту ја почна воената инвазија (тоа го направи Русија), ниту, пак, има свои војници во Украина. Но, НАТО испраќа воена помош за Украина, без притоа да биде учесник во војната. Со тоа што во објавата се тврди дека „прекинот на испраќањето на воена помош“ би довело до брз колапс и капитулација и дека „од НАТО зависи колку ќе трае војната, а не од Зеленски“, се прави обид да се манипулира дека Украина е марионета во рацете на НАТО и да се омаловажи нејзината независност и сувереност како и нејзините демократски процеси и носењето на одлуки меѓу кои и таа – да се брани од окупација и територијални претензии. Војната би можела веднаш да престане, доколку Русија се повлече од украинската територија.

Поради сите горенаведени факти, постот што го рецензираме го оценуваме како *невистинит*.

# Не е точно дека западните елити долго ја подготвувале војната во Украина

**Екипа на Вистиномер,** 07 јуни 2023

**Западните лидери уште во декември 2021 година ја повикаа Русија да ги смири тензиите и ветија дека ќе ја поддржат Украина во случај на каква било закана од Москва. На 24 февруари 2022 година, Русија, а не западните елити спроведоа целосна воена инвазија врз Украина, односно започна војна со страшни последици врз целиот свет, а најмногу врз самата Украина, која како суверена и демократска држава, нападната во своите граници од странски воени сили, е принудена да се брани**

Покрај многуте лажни наративи за повеќе причини зошто Русија морала да интервенира во Украина, т.е. да изврши де факто агресија врз земјата во 2022 година, еден од поопштите е дека Русија всушност војува со Западните елити. Притоа во конкретна манипулација што беше рецензирана[7] од „Вистиномер“ се наведува:

**Западните елити се спремаат да уживаат во конечната ескалација на претходно долго подготвуваната војна – “Брат против брата”. До кога ќе бидеме: Разединети Глупави Славјански племиња !?**

На 24 февруари 2022 година, Русија, а не западните елити спроведоа целосна воена инвазија врз Украина, односно започна војна со страшни последици врз целиот свет, а најмногу врз самата Украина, која како суверена и демократска држава нападната во своите граници од странски воени сили, беше и е принудена да се брани. Начините на кои што Русија се обидува да ја оправда својата воена агресија врз Украина се многубројни, но фактите се дека Москва се обидува да ги спроведе своите империјалистички амбиции во Украина, со употреба на своите сопствени оружја и брутални тактики, вклучително и напади врз цивили. НАТО пружа поддршка на Украина, бидејќи Украина има право на самоодбрана како што е наведено и во повелбата на Обединетите Нации. Индивидуални НАТО членки продолжуваат да даваат воена поддршка за Украина, но тоа не ги прави западните земји „подготвувачи“ на војната, која ја подготви и ја спроведе Русија.

Кремљ долго време шири дезинформации и пропаганда за истите да ѝ послужат на целта на Русија. Сето тоа е со цел да се дисеминираат невистини за да се оправда неиспровоцираната, неоправдлива инвазија на Украина. Инвазијата ја разурна украинската економија која пропадна за повеќе од 30 проценти од почетокот на 2022 година. Нивоата на сиромаштија во Украина се качија од 5.5. проценти во 2021 година до 25 проценти во 2022. Инвазијата расели 14 милиони луѓе, резултирајќи во хуманитарни кризи кои Светската Банка очекува дека може сериозно да го попречат украинскиот економски капацитет за следните години.

Дојче Веле во една своја анализа има забележано дека поддршката на Украина од страна на западните партнери преку финансиска помош и достава на оружје се користи од Путин за неговото омилено тврдење дека *„Украина е контролирана однадвор“* и дека е *„засилена од вооружени сили на НАТО земји и напумпана со најмодерно оружје“.*

За одбележување е и дека во средината на 2022 година, откако Русија веќе беше длабоко навлезена во својата воена инвазија на Украина, **Сергеј Кириjенко** изјави дека ***„НАТО се бори против Русија до последниот Украинец“,*** наратив што е сличен на тој во постот кој го рецензираме **„брат против брат”**. Станува збор за извртување на вистината, односно се користи тактиката да се обвини НАТО дека војува против Русија со користење на Украинците кои се „браќа на Русите“, кога

[7] https://vistinomer.mk/ne-e-tochno-deka-zapadnite-eliti-dolgo-ja-podgotvuvale-vojnata-vo-ukraina/

Русија е таа што војува против Украина во обид да заземе што поголем дел од нејзината суверена територија, кршејќи го меѓународното право, а како последица на воената агресија има и голем број на жртви.

НАТО ја осудува руската брутална и неиспровоцирана воена агресија кон Украина, која е независна држава. НАТО и сојузниците продолжуваат да ѝ даваат на Украина поддршка во нејзиното неспорно право на самоодбрана.

> **Членот 5 како безбедносна гаранција овозможува колективна одбрана и овозможува Алијансата да испраќа оружје за Украина без да ја загрози својата безбедност. Понатаму, добро оформената структура за заеднички стандарди на Алијансата и интероперабилни системи ѝ дозволува на Алијансата да доставува опрема со сигурност дека доставите до Украина може да се дополнат со компатибилна опрема од други сојузници. Индивидуални НАТО членки праќаат оружје, муниција и многу видови на лесна и тешка воена опрема вклучително со противтенковски и системи за воздушна одбрана, дронови и тенкови. До денес, НАТО сојузниците обезбедија опрема вредна милијарди евра за Украина. Сојузниците исто така ги тренираат украинските трупи како да ја користат оваа опрема. Ова помага Украина да го одржи своето право на самоодбрана кое е осигурено во Повелбата на ОН,** *пишува на страницата на НАТО.*

Иако во постот кој го рецензираме се тврди дека Западот долго време планирал војна, токму Русија рано утрото на 24 февруари изврши инвазија врз Украина, иако постојано негираше дека ќе нападне.

> **По воздушен, копнен и воден пат, Русија изврши разорен напад врз Украина, европска демократија од 44 милиони луѓе. Со месеци, претседателот Владимир Путин негираше дека ќе го нападне својот сосед, но потоа го раскина мировниот договор, испраќајќи сили преку границите на север, исток и југ на Украина. Како што се зголемува бројот на загинати, тој е обвинет дека го нарушува мирот во Европа,** *објави тогаш* ***„Би Би Си“.***

Кон крајот на 2021 година, Русија почна да распоредува голем број војници на границите на Украина, додека постојано негираше дека ќе нападне. Потоа Путин го укина мировниот договор од 2015 година за истокот и ги призна областите под контрола на бунтовниците како независни. А, започнувајќи ја руската инвазија на 24 февруари, Путин го обвини НАТО дека ја загрозува историската иднина на нацијата.

Фактите, пак, говорат дека западните лидери уште во декември минатата година ја повикаа Русија да ги смири тензиите и ветија дека ќе ја поддржат Украина во случај на каква било закана од Москва. Американскиот претседател **Џо Бајден** разговараше со британскиот **Борис Џонсон** и лидерите на Франција, Италија и Германија, при што се согласиле да ги употребат сите можни алатки за да се спречи агресија.

САД и ЕУ изразија голема загриженост и во повеќе наврати се обидоа да го спречат нападот. Во Резолуцијата усвоена во декември 2021 година од страна на европратениците, тие ја повикаа Русија да ги повлече своите трупи кои се закануваат на Украина и рекоа дека секоја агресија од Москва ќе има висока економска и политичка цена.

Членовите на парламентарната комисија за надворешни работи и поткомитетот за безбедност и одбрана отидоа во мисија за утврдување факти во Украина од 30 јануари до 1 февруари 2022 година.

На 22 февруари, водечките европратеници остро го осудија признавањето на областите Доњецк и Луганск во Украина како независни ентитети од страна на рускиот претседател Владимир Путин.

Затоа, евидентно е дека самата Русија е таа која долго ја планираше својата инвазија на Украина а не западот. ЕУ и САД ја осудија инвазијата и повикуваа Путин да ги повлече своите војници и да ја прекине војната, што не се случи. Тогаш Западот стави до знаење дека нема намера да праќа борбени трупи во Украина, туку само оружје, теренски болници. Во исто време, Западот се насочи кон руската економија, финансиските институции и поединци, а во исто време почна да ја поддржува Украина со се што е потребно за да се брани.

Поради сите горенаведени факти, постот кој го рецензираме го оценуваме како *невистинит*. Западните елити не се спремаат да уживаат во ескалација на долго подготвуваната војна. Тие немаат подготвено војна, ниту, пак, уживаат во нејзината ескалација, бидејќи таа значи загубени животи, уништени градови, но и геостратешки воопшто, ескалација не е поволна за никого, бидејќи тоа може да доведе до прелевање на војната и во Европа. Наративот дека во војната се борат брат против брат, односно славјански племиња кои се разединети и контролирани, односно насочени од страна на Западот едни кон други, е неприменлив во состојба кога една држава влегува на територијата на друга суверена и демократска држава и почнува да ја бомбардира.



Украинскиот претседател Володимир Зеленски при посетата на бојното поле во близина на регионот на Киев.

**Извор:** Веб-страна на Претседателскиот кабинет на Украина (President.gov.ua), CC BY 4.0, јавен домејн



Украинскиот претседател Володимир Зеленски при посетата
на бојното поле во близина на регионот на Киев.

**Извор:** Веб-страна на Претседателскиот кабинет на Украина (President.gov.ua),
CC BY 4.0, јавен домејн

# 3. Зеленски мора да падне - како и зошто се напаѓа украинскиот претседател

Украинскиот претседател е столбот на украинскиот отпор против руската инвазија, и тоа и на воен, и на политички, и на меѓународен план. Тој е личноста околу која се обединува цела Украина кога на земјата ѝ треба лидер околу кој ќе се сплоти во битката против агресијата и тој е оној кому украинската војска му се обраќа откако ќе ослободи некое претходно окупирано населено место, или кога ќе ослободи некоја погранична област и ќе стигне до украинско-руската граница. На сите тие видеа украинските војници му се обраќаат на својот претседател, известувајќи го за постигнатиот успех. Зеленски е, исто така, онаа личност која во текот на војната го обединува целото украинско политичко тело и зад кого застануваат сите политички чинители во земјата. А, кога станува збор, пак, за меѓународната политика, украинските сојузници имаат најголема доверба во него и тој е главната причина зошто светот ја снабдува Украина со секаква помош - и воена, и финансиска и хуманитарна.

Токму заради сето ова, за пропагандистите во Кремљ тој е централна мета чиј авторитет треба да се уништи со секакви измислици и невистини. И, за него најмногу се креираат дезинформации од секаков вид со една единствена цел - да се наруши, а потоа и уништи неговиот углед, а со тоа и волјата на украинските сојузници да ја помагаат Украина. Токму заради сето ова, Зеленски е постојано мета на безочни лаги и тоа од обвинувања за корупција, за нелегалност на неговиот претседателски мандат, па сè до лични напади, кои досега се покажале како невистинити.

# Зеленски – најважната дезинформациска мета на Кремљ

Од **Матеј Плавевски**, 29 јули 2023

**Никогаш досега пропагандната машинерија на Кремљ не била концентрирана на ширење толку многу дезинформации за една личност, како што тоа сега се прави кога станува збор за Володимир Зеленски. Секојдневните и постојани напливи на невистини за украинскиот претседател покажуваат дека тој претставува трн во окото на режимот во Москва и главна пречка за неуспехот на „тродневната инвазија", чие времетраење го помина 500-иот ден и чиј крај не е на повидок.**

Уште на почетокот на руската инвазија врз Украина, властите во Кремљ сметаа дека таа ќе биде готова за три дена и дека Киев ќе падне ако не првиот, тогаш сигурно вториот ден. При таков план „елитните" трупи на чеченскиот лидер, **Рамзан Кадиров**, инаку дел од руската национална гарда, заедно со другите руски трупи влегоа во Украина од север, преку Белорусија, во надеж преку „блицкриг" да го заземат украинскиот главен град. Но, чеченските трупи, покрај заземањето на Киев, имаа и друга задача доделена од нивните шефови во Кремљ – да го најдат и да го убијат украинскиот претседател **Володимир Зеленски**. Таквиот план, како што е многу добро познато, не успеа. Не само што Зеленски не беше убиен, туку ни Киев не беше заземен. И уште повеќе, на почетокот на март 2022 година, украинските воени власти известија дека „елитната" чеченска единица, која имаше задача да го убие Зеленски, е всушност, самата уништена од страна на оружените сили на Украина, како што беа уништени и редица други елитни и искусни руски воени единици при неуспешниот напад врз Киев ланската зима и пролет.



Зеленски најважната дезинформациска мета на Кремљ] Володимир Зеленски при посетата на регионите Керсон и Миколаев, 20 октомври 2023 г.

**Извор:** Веб-страна на Претседателскиот кабинет на Украина (President.gov.ua), CC BY 4.0, јавен домејн

Но, овој неуспех за физичка елиминација на Зеленски не беше и крај на напорите на Кремљ да изврши атентат врз него, само што беше променета тактиката. Наместо атентат за физичка ликвидација, Кремљ започна долготрајни и сеопфатни активности да изврши карактерен атентат врз украинскиот претседател. Тој стана постојана мета на дезинформациски напади и теории на заговор, кои Кремљ и неговите поддржувачи постојано ги продуцираат во надеж да го поткопаат неговиот кредибилитет и пред украинските граѓани и пред сопствената јавност во Русија, но, уште поважно, пред западни сојузници на Украина, чијашто поддршка е од пресудна важност за нејзиниот успех на бојното поле.

При обидите за негова дискредитација се користат сите можни вистинити и невистинити детали од неговиот живот. Зеленски, пред да стане шестиот претседател на Украина, беше телевизиско лице, настапуваше во ТВ комедии и глумеше во комични филмови и телевизиски серии. Овој дел од неговата биографија Кремљ вешто го користи за негова дискредитација. Но, од друга страна, вешто се прикриваат фактите кои говорат дека Зеленски има завршено право на Националниот економски универзитет во Киев, за подоцна да започне да се занимава со глума, истовремено создавајќи ја и својата продукциска куќа „Квартал 45“.

Во 2019 година ја објавува кандидатурата за претседател на Украина, при што убедливо го победува својот главен противник, тогаш актуелниот претседател, **Петро Порошенко**, освојувајќи дури 75 отсто од гласовите во вториот круг.

Зеленски на почетокот од мандатот зазема став против корупцијата и против естаблишментот. Критиките против Зеленски во тој период беа внатрешни и се однесуваа на неговото политичко неискуство, со оглед на фактот што претходно не бил вклучен во политика. Но, тие ни најмалку не наликуваа на сегашните организирани и постојани напади, кои Кремљ ги започна по инвазијата на врз Украина и кои непрекинато траат и до денес.

Во раните утрински часови на 24 февруари 2022 г., непосредно пред руските тенкови да започнат да продираат на украинска територија, Зеленски имаше обраќање до граѓаните и на Украина и на Русија. Тоа обраќање, како и неговите следни обраќања во тие први денови од инвазијата, покажаа дека тој има лидерски капацитет и способност да ги обедини и да ги води своите сограѓани: „*Немојте да паничите! Ние сме силни и спремни сме за се. Ние ќе победиме против било кого, зашто ние сме Украина!*“

Со овие зборови и редица други обраќања тој успеа да спречи сеопшта паника во земја нападната од сите страни и од далеку посилен противник. Andrew Roberts, британски новинар и историчар, во таа прилика го спореди Зеленски со Винстон Черчил, а медиумите го опишаа како „национален“ или „глобален херој“.

Ваквото негово обраќање беше комплетно спротивно на целочасовниот конфузен говор на **Владимир Путин**, еден ден по инвазијата, кога тој ги призна сепаратистичките региони на Украина како независни републики, истовремено изнесувајќи бесмислени тврдења за „геноцид“ во источна Украина и тиради за „денацификација“ кои ги користеше како оправдување за војната.

По нападот, сите дипломатски односи со Русија беа прекинати и се воведе кризна состојба на територија на цела Украина. На сите мажи на возраст од 18-60 години им беше забрането да излегуваат од земјата, на која ѝ беше потребен секој оној кој може да ѝ помогне.

Безбедносните служби на Украина уште на самиот почеток од инвазијата утврдија дека Зеленски, заедно со неговото семејство, е главна мета на напад од страна на руските агресори, но тој, сепак, одлучи да остане во Киев. Владата на САД и претседателот на Турција ургираа Зеленски да се евакуира, нудејќи му транспорт на безбедна локација, плашејќи се дека Киев нема да го издржи нападот на моќната руската армија. Но, Зеленски на ваквата понуда одговори:

> **„Борбата е тука, не ми треба превоз, ми треба муниција.“**

И потоа, во текот на војната Зеленски беше постојано присутен во јавноста со секојдневни видео обраќања, двапати го посети Бахмут, најжешкото боиште од над илјада километри долгиот фронт, а по ослободувањето на Херсон, инаку единствен регионален центар кој Русите успејаа

да го окупираат на почетокот од инвазијата, веднаш се упати таму и покрај тоа што градот сè уште беше под закана од артилериски напади од руските оружени сили кои беа лоцирани веднаш од другата страна на реката Дњепар. Зеленски, исто така, често ги посетува ранетите војниците во болниците, доделувајќи ордени и признанија.

Зеленски во 2022 г. беше именуван човек на годината од магазинот „Time“, а во повеќе анкети на јавното мислење во Украина се смета за најдобриот претседател што државата го имала. Во овие анкети, спроведени на почетокот на војната, 90 отсто од Украинците ги поддржуваат неговите ставови, вклучувајќи и 80 отсто од испитаниците кои живеат во регионите каде што се зборува руски.

Нападите врз Зеленски, потекнати од Кремљ и неговите поддржувачи, се прошируваат низ цел свет за потоа многу често да стигнат и во С. Македонија. Се употребуваат манипулирани фотографии, изјави извадени од контекст, сцени од сериите во кои глумел, тврдења дека е нацист или дека некој од неговиот потесен семеен круг е нацист и што уште не. Сè до тоа дека ги ограничува правата на народот, му ја крати слободата, на дава да ја изразува својата вера или не му дозволува да избира кој да го претставува во законодавните тела. Вклучувајќи и неаргументирани тврдења дека е корумпиран, алчен, дека го гледа само својот личен интерес со цел да се збогати од ситуацијата во Украина.

## Зеленски и дезинформации поврзани со нацизмот

Една од честите дезинформации за Зеленски е дека тој е нацист или има асоцијација со нацисти. За да се покаже дека Зеленски е Хитлер, се споделуваат негови фотографии со Папата, при што веднаш подолу се споделува и фотографија на Хитлер со одреден католички свештеник од пред 80 години. И тоа е целата аргументација зошто Зеленски, наводно, е нацист. Со него, исто, се вметнуваат и монтирани фотографии со нацистички симболи, вклучувајќи и употреба на лажен превод со старо видео за да се прикаже дека тој вечера со нацисти.

Инаку, промовирањето и практикувањето на нацистичката идеологија Украина го забрани уште во 2015 година, заедно со ширењето на комунистичката пропаганда.

Фактот што е Евреин, исто така се користи за дезинформирање, при што се шират лаги дека и Адолф Хитлер имал еврејска крв.

**Сергеј Лавров**, министерот за надворешни работи на Русија, го изјави следното во врска со Зеленски:

> **„Ако добро се сеќавам, може и да не сум во право, ама Хитлер имал еврејско потекло. Тоа не значи ништо. Веќе некое време, слушаме од мудри Евреи дека најголемите антисемити биле Евреите.“**

Зеленски е роден во еврејско семејство, а, неговиот дедо служел во Црвената Армија и се борел против нацистите. Зеленски има изгубено 3 члена во семејството во Втората светска војна во борба против нацистите.

Нападите врз Зеленски за наводен нацизам потоа се пресликуваат и врз цела Украина:

> **„Ќе настојуваме да ја демилитаризираме и денацифицираме Украина, како и да ги изведеме пред суд оние кои извршиле бројни крвави злосторства против цивилите, вклучително и против граѓаните на Руската Федерација“**, *рече* ***Путин*** *непосредно пред почетокот на инвазијата врз Украина.*

Ваквиот наратив многу често се користи од Кремљ, при што се додава и дека *„нео-нацисти, се населиле во Киев и го зеле целиот украински народ во заложништво.“*

Во јули 2021 г., Путин ја објави статијата *„За историското единство помеѓу Русите и Украинците“* во која преку влечење на историски паралели го обвинува **Владимир Илич Ленин**, водачот на советската социјалистичка револуција и првиот лидер на Советскиот Сојуз, за создавањето

на Украинската Советска Социјалистичка Република во 1922 г., пишувајќи дека со тоа Ленин ја создал *„најопасната темпирана бомба во советскиот систем“*. Според него, таа бомба експлодирала со распадот на СССР во 1991:

> **„Владејачките кругови на Украина решија да ја оправдаат нивната независност со тоа што ќе го негираат нивното минато“**, *пишува Путин.*

На Путин едноставно му пречи што во современи услови, во некои кругови во Украина денес советското владеење врз земјата се именува како „окупација“ (патем, на сличен начин советското владеење денес се оценува и во балтичките земји – Летонија, Литванија и Естонија). Со тоа, според Путин, радикали и нео-нацисти *„го ограбиле народот на Украина“* и се *„спремни да ја продадат нивната татковина само за да го сочуваат личното богатство.“*

Денес терминот нацист во Русија е поим за секој оној кој е против актуелната руска власт и владеењето на Путин. Зеленски е пречката која стои на патот на ваквата реторика.

## Дезинформации за лично богатење и ограничувања на слободата

Во просторот на дезинформации може да се сретнат и инфантилни изјави според кои Зеленски краде велигденски јајца. Посериозни дезинформации, без никакви аргументи се оние дека тој злоупотребува финансиска помош од сојузниците за свое лично богатење. Патем, се појави и дезинформација за измислен билборд (поставен во Милано) за кој лажно се тврди дека се користи за донации за негово лично богатење.

Сомнежите дека Володимир Зеленски и неговата придружба незаконски се богатат, кои Кремљ почна да ги форсира откако почна инвазијата (како пред тоа да немало корупција во Украина), често се искажуваат за да се дискредитира и самиот Зеленски, но преку него и цела Украина во очите на меѓународната заедница, а сè со цел да се предизвика раздор меѓу Западот и Украина и прекин или барем намалување на воената и сета друга помош од која Украина бездруго зависи во својата одбрана. Проблемот е само што Русија е конзистентно оценета како покорумпирана од Украина според Индексот за прецепција на корупцијата на Транспаренси Интернешнл.

Тенденциозни напади дека Зеленски ја забранил опозицијата, ја угнетува црквата, одбива да одржи избори претставуваат, исто така, чести тврдења, вклучувајќи го и тоа дека прогонува христијани од Украина, како и дека води верска војна на друг фронт.

На 2 декември 2022 г., Украинската влада претстави закон со кој се забрануваат црквите кои имаат афилијација со Русија за да ја спречи Москва да ја „ослабува Украина однатре“. Ваквата одлука не беше добро прифатена од Русија.

Поранешниот претседател на Русија, **Димитриј Медведев,** ги опиша властите во Киев како *„сатанисти“* и *„непријатели на Бога и верата.“*

Украина е сочинета од 72 отсто православни верници, 9 отсто католици, 2 отсто протестанти и други. Во Украина има две православни цркви – независната Украинска православна црква и Украинската православна црква на Московската Патријаршија (УПЦ-МП). Она што важно да се знае за УПЦ-МП е таа што ја поддржува окупацијата на Украина.

Во некои од црквите на УПЦ-МП и во текот на актуелната инвазија се шири пропагандата на Кремљ, па дури имаше и немили сцени каде што украински војник беше нападнат од страна на свештено лице по што локалното население преку протести пред црквата во гратчето Кмелницки, побара про-рускиот свештеник да биде отстранет, а црквата да се префрли во владение на УПЦ.

За Зеленски, особено во последно време, се дезинформира и дека сака да ја задржи моќта како претседател повеќе за себе си, со тоа што не дозволува одржување избори, при што измислени зборови на оваа тема му се атрибуираат нему со цел да биде претставен како недемократ, кој сака да владее без избори.

Но, во Украина е воведена кризна состојба низ целата држава како резултат на руската агресија. Украинскиот устав не дозволува организирање на избори во кризната состојба. Додека трае војната, ќе трае и кризната состојба. А, во такви услови, избори не се можни. Кога станува збор за овој вид дезинформации, се појавија и тврдења кои велат дека тој ограничува кој може да учествува во демократскиот процес со тоа што ја забранува опозицијата. Но, ваквите напади имаат извртен контекст. Точно е дека украинската влада ја суспендира работата на 11 политички партии, при што сите беа релативно мали и маргинални партии, но тоа се случи по инвазијата на Русија и станувааше збор за про-руски партии или, пак, партии од кои некои и отворено ја поддржуваа руската агресија.

* * *

#UkraineFacts, сервисот за проверка на факти од Украина, има извршено проверка на вистинитост на повеќе од 3.000 изјави за Зеленски. Најголем дел од нив претставуваат напади врз украинскиот претседател и огромен дел од нив се невистинити. И оваа бројка непрестајно се зголемува. Ваквиот упорен и сеопфатен пропаганден потфат неизбежно бара сериозна инфраструктура, која може да ја обезбеди само државен апарат и тоа државен апарат кој веќе има искуство во спроведување операции на дискредитација и ширење дезинформации на глобално ниво. Државен апарат каков што е оној на Кремљ.

Украинскиот претседател е врзивното ткиво кое ги обединува сите напори на земјата за одбрана против руската агресија и тоа на сите фронтови. Зеленски е најзаслужен за високиот морал на украинските оружени сили, за дипломатската, воената и финансиската поддршка која Украина ја ужива и добива од целиот демократски свет и за поддршката која неговата политика ја добива од граѓаните на Украина. Напорите на земјата за одбрана од агресијата ќе изгледаа сосема поинаку ако на челото на земјата не беше лидер каков што е Зеленски. Токму затоа Кремљ ќе продолжи да прави сè што е во негова моќ да го наруши, па и да го уништи неговиот кредибилитет, а со тоа и да ја намали и минимизира меѓународната поддршка за Украина. И тоа особено ако состојбата на фронтот продолжи да не се развива во корист на Кремљ.



Зеленски положува свежо цвеќе пред спомен обележјето на загинатите борци во војната со Русија при одбележувањето на Денот на бранителите на Украина, 01 октомври 2023 г.

**Извор:** Веб-страна на Претседателскиот кабинет на Украина (President.gov.ua), CC BY 4.0, јавен домејн

# Тенденциозни напади дека Зеленски ја забранил опозицијата, ја угнетува црквата, одбива да одржи избори

**Екипа на Вистиномер,** 05 јули 2023

**Во објава на социјалните мрежи украинскиот претседател Володимир Зеленски е обвинет за репресија врз медиумите, јазикот, црквата и дека не сака да одржи избори. Вистината е дека украинскиот Устав не дозволува да се одржуваат избори за време на воена состојба. Кога се тврди дека Зеленски *„ја забранил опозицијата"*, се пропушта да се каже дека таа опозиција е поврзана со Русија и дека тие партии се забранети во Украина поради воената инвазија на Русија врз Украина. Исто така, познато е дека во украинската црква Московска патријаршија се шири руска пропаганда, се покриваат активности на непријателски служби и се регрутираат руски агенти**

Во споменатата објава на социјалната мрежа Фејсбук се вели:

> **„Ја забрани опозицијата, ја угнетува црквата, ги монополизираше медиумите, угнетуваше јазик, затвори новинари**
>
> **Сега одбива да одржи избори.**
>
> **Ова е слободата за која НАТО ја банкротира Европа, ова е Зеленски.“**

Кога се тврди дека Зеленски *„ја забранил опозицијата"*, се пропушта да се каже дека таа опозиција е поврзана со Русија и дека причината поради која политички партии со приврзаност и линкови до Русија беа забранети во Украина, е тоа што Русија спроведе агресивна воена инвазија врз Украина, со бројни жртви, меѓу кои и цивили. Всушност, како што извести Гардијан, политичките партии не беа забранети зашто се опозициски, туку затоа што се поврзани со Русија, што во ситуација на воена инвазија може да се подведе под графата национална безбедност, односно заштита на националната безбедност. Политичките партии не беа забранети во услови на мир, туку во услови на војна, кога националната безбедност е примарна цел на Украина. Националниот безбедносен и одбранбен совет на Украина заседаваше и одлучи да забрани политички активности на овие партии. Повеќето од нив беа мали, но една од нив, наречена Опозициска платформа за живот, имаше 44 парламентарни места во парламентот на Украина во кој има 450 пратеници.

> **„Активностите на тие политичари се насочени кон поделба и судири и нема да успеат, туку ќе добијат остар одговор. Затоа Националниот совет за безбедност и одбрана реши, со оглед на целосната војна што ја почна Русија и политичките врски што бројни политички структури ги имаат со оваа земја, да им ги суспендира активностите за време на воената состојба“**, *изјави Зеленски во март 2022 година.*

Опозициска платформа за живот, најголемата украинска опозициска партија е предводена од **Виктор Медведчук**, промосковскиот олигарх со блиски врски со **Владимир Путин**. Украинските власти во 2021 го обвинија Медведчук, долгогодишен пријател на Путин, (се верува дека Путин е кум на ќерката на Медведчук), за предавство и тој беше во домашен притвор, потег кој го налути Кремљ. Украина потоа извести дека Медведчук избегал од домашен притвор, еден ден откако Русија ја почна воената инвазија, за потоа да биде повторно уапсен и на крај разменет за дури 215 украински војници заробени од страна на Русија во текот на агресијата врз Украина.

На листата на забранети партии се наоѓа и партијата Наши, предводена од **Јевхен Мурајев,** како и помали партии кои немаа претставници во парламентот. Пред почетокот на војната, британските разузнавачки служби тврдеа дека Русија има за цел да го постави Мурајев да предводи влада во Киев контролирана од Кремљ, што Мурајев остро го демантираше.

Поради овие околности, не може да се каже дека Зеленски ја забранил опозицијата затоа што е опозиција, туку овие политички партии се забранети поради сомнеж дека се контролирани или поврзани со земја којашто изврши воена инвазија врз Украина. Замрзнувањето на нивното политичко делување е додека трае воената инвазија.

Во постот што го рецензираме се вели дека Зеленски ја угнетува црквата. Но, Зеленски ја обвини Украинската православна црква којашто е под јурисдикција на руската православна црква дека го поткопува украинското единство и дека соработува со Москва. Повторно, воената инвазија што ја спроведе Русија врз Украина, претставува причината поради која соработката со Русија не се толерира во Украина во услови на војна, со цел заштита на националната безбедност.

> **Ќе го продолжиме ова движење, нема да дозволиме терористичката држава да манипулира со духовниот живот на нашиот народ или да ги уништува украинските лаври и да краде богатства од нив,** *рече Зеленски.*

Патријархот Кирил отворено ја поддржува воената инвазија на Русија врз Украина. Како што веќе пишувавме, Зеленски ја брани Украина од руска пропаганда во црквите.



Володимир Зеленски во обраќање пред Врховната рада
по повод Денот на Уставот на Украина - 28 јуни 2023 г.
**Извор:** Претседателски кабинет на Украина, (president.gov.ua), CC-BY4.0, јавен домејн

Професор **Виктор Јеленски** за Си Ен Ен вели дека повеќе од 30 години раководството на Украинската православна црква, Московска патријаршија ги *„труе лугето со идеја за рускиот свет“.* Тој ги брани претресите што безбедносните служби ги спроведувале во црквите, споредувајќи ги со сузбивањето на исламскиот екстремизам по 11 септември 2001 година.

Центарот за стратешки комуникации под Министерството за култура и информациски политики на Украина најде дека во украинската црква Московска патријаршија се шири руска пропаганда, се покриваат активности на непријателски служби и се регрутираат руски агенти. Зеленски не ги прогонува православните христијани од Украина, ниту пак ја угнетува црквата. Во Украина мнозинството од населението е православно и понатаму има православни цркви.

Што се однесува на тоа дека Зеленски ги монополизирал медиумите, на негово барање во 2021 година беа спроведени санкции врз три телевизии: Њуз Уан, Чанел 112 и ЗИК, коишто му припаѓаа на **Тарас Козак,** за кој се верува дека е параван за **Виктор Медведчук**. Санкциите беа спроведени во согласност со Законот од 2014 година, кој дозволува украински државјани да бидат санкционирани ако ги загрозуваат националните интереси на Украина. На овие канали се емитуваше пропаганда на Кремљ.

Масовните медиуми во Украина се и во државна сопственост и во сопственост на корпорации кои зависат од реклами, претплата и продажба. Уставот на Украина гарантира слобода на говор. Украинскиот медиумски систем е во процес на транзиција. Како што наведува Би Би Си, со почетокот на воената инвазија, медиумите во Украина заседоа патриотска страна.

Би Би Си наведува голем број медиуми кои постојат во Украина, од што произлегува дека не е вистина оти Зеленски ги монополизирал медиумите.

Што се однесува на тоа дека Зеленски го угнетувал рускиот јазик, проверувачите на факти на ЕУвсДисинфо, пишуваат дека тоа **не е вистина:**

> **„Тврдењето дека се прекршени јазичните права на Русите во Украина е невистинито. На 25 април 2019 година, Врховната Рада го усвои законот кој ќе обезбеди дека украинскиот јазик е државен јазик. Рускиот како и другите јазици, можат да се употребуваат во приватна комуникација, во религиозни церемонии, во печатот, објавување на книги, итн. Законот, исто така, дозволува употреба на други јазици во здравствениот систем.“**

Според ЕуВсДисинфо, 27 проценти од државјаните на Украина го користат рускиот јазик во нивната секојдневна комуникација, а украинскиот јазик е преферириан од 51 проценти од Украинците, додека 21 процент од нив се билингвални.

Што се однесува на тврдењето во постот дека Зеленски одбивал да одржи избори, ова е дезинформација затоа што Уставот на Украина не дозволува да има избори додека е прогласена воена состојба!

Воена состојба е прогласена од февруари 2022 година поради тоа што Русија ја нападна Украина. Значи, не Зеленски, туку Уставот на Украина не дозволува да се одржат избори во време на прогласена воена состојба.

Што се однесува на делот од постот каде се вели дека НАТО ја банкротира Европа за ваква слобода, станува збор за иронија, но НАТО не е во директен воен конфликт со Русија, туку го брани правото на Украина да се брани од воената агресија. Така што, акциите на НАТО се дефанзивни, одбранбени, дизајнирани не да предизвикаат конфликт, туку да го превенираат. Алијансата има одговорност да обезбеди војната да не ескалира надвор од Украина, што би било уште покатастрофално и поопасно.

Поради сите горенаведени факти постот што го рецензираме го оценуваме како *невистинит.*



Володимир Зеленски во обраќање пред Врховната рада по повод Денот на Уставот на Украина - 28 јуни 2023 г.

**Извор:** Претседателски кабинет на Украина, (president.gov.ua), CC-BY4.0, јавен домејн

# Не е точно дека украинските медиуми монтирале лажни снимки од говорот на Зеленски во ОН

**Екипа на Вистиномер,** 02 октомври 2023

**Невистинита е објавата во која се тврди дека украинските медиуми со монтажа сакале да претстават дека за време на говорот на Зеленски во ОН во публиката имало повеќе слушатели отколку што навистина  имало. Станува збор за монтажа на оригиналното видео од украинските медиуми од страна на познат рускиот пропагандист**

На социјалната мрежа Фејсбук се појави објава во која се споделува видео од говорот на украинскиот претседател Володимир Зеленски во ОН и се вели:

> *21.09.2023 Украинските медиуми го уредуваа говорот на Зеленски во ОН за да изгледа како да има поголема публика. Заборавија да го монтираат самиот Зеленски кој седеше во публиката. Погледнете ја ознаката 0:14.*

Кога ќе се погледне видеото, на него е претставен Зеленски како говори, но на 14-та секунда во кадарот кој е прикажан како инсерт, додека тој говори, може да се види дека седи и во публиката.

Дезинформацијата е дека украинските медиуми со монтажа сакале да претставаат дека за време на говорот на Зеленски во ОН во публиката имало повеќе слушатели отколку што имало и дека во тоа биле „фатени“ на начин што пласирале инсерт од самиот Зеленски како седи во публиката за време на својот сопствен говор. За ова има демант од украинските медиуми како и целосна историја за тоа како дезинформацијата се појавила и проширила како дел од руската пропаганда.

Имено, еден од украинските медиуми чие лого е искористено и во видеото од постот кој го рецензираме објави демант со наслов **„Соопштение од Едини новини, за маратонот во врска со лажната информација дека имало измени во преносот во живо од говорот на претседателот на Украина во ОН“**.



Претседателот на Украина при своето обраќање на 78. Сесија на Генералното собрание на Обединетите нации, 19 септември 2023 г.
**Извор:** ОН фото/Марк Гартен (UN Photo/Mark Garten)

## Монтажа на проруските пропагандист Анатолиј Шариј

Во него се наведува дека на 21 септември проруски извори почнале да шират лажни информации за наводни измени на говорот на Володимир Зеленски во ОН.

Тимот на Едини новини информира дека оваа информација е неточна и ги повикува новинарските здруженија и автори на дигитални содржини да му се спротивстават на овој руски лажен наратив. Изворот на лажното видео е проруските пропагандист **Анатолиј Шариј** кој го објави изменетото видео на неговиот Телеграм канал. Руските сајтови NTV, Reporter, Channel 1, Federal Press и други слични извори го објавија истото видео, дисторзирајќи ја реалноста во нивен карактеристичен стил. За жал, ширењето на оваа дезинформација беше поддржано од некои украински и европски извори. Меѓу нив се новински агенции, Телеграм канали и индивидуалци. Сите заинтересирани страни може да се осигураат дека информацијата и самото видео е невистинито. Уште една потврда дека се работи за невистинито видео е неконзистентноста на визуелните маркери. Каналите на „Маратон“ користат дополнителни графички елементи, како геонаслов, кои не постојат во лажното видео. Дополнително, за време на преносот, говорот на претседателот беше симултано преведуван од друг презентер, нешто што е лесно проверливо“, велат од Медија 1 плус 1.

Лажното видео користено во фрагментот од говорот на Зеленски е објавено на Јутјуб каналот на TSN но конкретниот фрагмент од видеото не содржи друга снимка од салата освен говорот на претседателот од подиумот.

Ве молиме имајте предвид дека оригиналното видео го нема графичкото лого 1+1 Marathon, кое беше додадено од авторите на лажното видео горе во десниот агол, се вели во демантот. Ова не е првпат руски или проруски извори да користат брендирање на популарни украински телевизиски канали за да ја манипулираат јавноста. Уредниците на Едини новини бараат истрага за причините да се шират лажни вести во украинското информативно поле и привлекуваат внимание на недостигот на проверка на факти во некои украински медиуми, телеграм канали и кај индивидуалци. Важно е, авторите на такви објави јавно да кажат дека потфрлиле и да ги информираат своите читатели дека објавената информација е лажна, се додава во соопштението на Медија 1 плус 1.

Институтот за масовни комуникации објави дека пропагандисти лажно тврдат дека видеото од говорот на Зеленски било изменето во преносот во живо во украинските медиуми. Поради сите горенаведени факти постот кој го рецензираме го оценуваме како невистинит.



Володимир Зеленски при посетата на регионите Керсон и Миколаев, 20 октомври 2023 г.
**Извор:** Веб-страна на Претседателскиот кабинет на Украина (president.gov.ua), CC BY 4.0, јавен домејн



Володимир Зеленски при посетата на Ватикан и Италија се сретна со Папата Франциск, 13 мај 2023 г.
**Извор:** Претседателски кабинет на Украина, (president.gov.ua), CC.BY.4.0, јавен домејн

# Историјата не се повторува, бидејќи Зеленски не е Хитлер

**Екипа на Вистиномер,** 20 мај 2023

**Не е првпат на социјалните мрежи да се шират наративи дека Украина е нацистичка и фашистичка, дека таму се глорифицира нацизмот (неонацизмот), како и дека Зеленски е нацист. Ова се прави сè со цел да се оправда руската агресија врз оваа суверена земја којашто трае повеќе од една година**

Во објава на социјалната мрежа Фејсбук авторот се обидува да ги спореди нацистичкиот лидер на Германија, **Адолф Хитлер** и претседателот на Украина, **Володомир Зеленски,** при што се нагласува дека „историјата се повторува“.

Во самата објава се споделени две фотографии. Една од 1933 година и на неа е прикажан Адолф Хитлер како го поздравува **Алберто Васало ди Торегроса**, апостолскиот нунциј во Баварија по повод Денот на германската уметност во Минхен.

Втората фотографија е од неодамнешната средба на Зеленски со папата Франциск.

Тврдењето дека историјата се повторува и повлекувањето паралела меѓу Зеленски и Хитлер е класичен спин и е во духот на руската пропаганда.

Теоретичарите на заговор и руските пропагандисти постојано се обидуваат да го претставаат претседателот на Украина како неонацист или нацистички симпатизер, иако Зеленски е Евреин и тројца негови вујковци загинале во Холокаустот.

Коментирајќи ги овие обвинувања, Зеленски во една прилика изјави дека Москва ***„го следи истиот концепт на Гебелс и тие ја користат истата методологија“*** во обидот да ја оправдаат војната против Украина.

Не е првпат на социјалните мрежи да се шират наративи дека Украина е нацистичка и фашистичка, дека таму се глорифицира нацизмот (неонацизмот), како и дека Зеленски е нацист. Ова се прави сè со цел да се оправда руската агресија врз оваа суверена земја којашто трае повеќе од една година.

Вистиномер веќе објави написи на оваа тема кога Зеленски манипулативно и неосновано беше споредуван со Хитлер, а се ширеше и фотографија на која тој наводно држи дрес на којшто има свастика. Проверувачите на факти на АФП покажаа дека фотографијата којашто е споделена е дигитално изменета и го прикажува Зеленски преку фотомонтажа.

Беше споделена и фотографија која делува како да е снимена по склучување на брак, а новите младоженци изгледаа како да симулираат нацистички поздрав додека во позадина се гледа знамето на Украина. Меѓутоа, проверката на факти покажа дека фотографијата на којашто гости на свадба симулираат нацистички поздрав не е направена во Украина, туку во Русија.

Наративот со неонацистите во Украина всушност започна да го споделува токму рускиот претседател **Владимир Путин** кон крајот на февруари 2022 година. Тогаш тој кажа дека лидерството на Украина содржи неонацисти. Својата „специјална операција“ во Украина, Путин меѓу другото ја оправда и со „денацификацијата“ на оваа земја.

Употребата на терминот „денацификација“ во конотација со Украина е сосема погрешно, оценува политикологот **Андреас Умланд** од Стокхолмскиот центар за источноевропски студии (SCEEUS). Тој посочува дека актуелниот претседател на Украина е Евреин кој победил еден нееврејски кандидат на последните избори.

Умланд напоменува дека во Украина има десничарски екстремни сили, кои сепак се слаби во споредба со другите европски земји.

**„На последните избори екстремно десничарскиот Обединет фронт освои само 2,15 отсто од гласовите“,** *посочува Умланд.*

На удар на критиките се најде една воена единица со десничарска екстремна позадина, која беше активна на почетокот на конфликтот во Донбас. Но, таа група, според Умланд, е интегрирана во постојните единици на Националната гарда. Десничарските екстремистички групи се минорна појава во Украина, заклучуваат експертите.

За потсетување, Украина го забрани промовирањето на нацизмот во 2015 година.

Оттука може да се каже дека нема никаква поврзаност меѓу Зеленски и Хитлер и тој во никој случај не може да се споредува со германскиот нацистички лидер. Ваквите споредби се дел од руската пропаганда која челниците на Русија упорно ја форсираат со цел да ја оправдаат својата воена агресија врз Украина. Според тоа, постот кој го анализираме го оценуваме како *манипулација со која се злоупотребува контекстот* во кој се настанати споделените фотографии, а со цел да се испрати погрешна и неточна порака.

# 4. Антиваксери - од КОВИД-19 до борба против целиот здравствен систем

КОВИД-19 пандемијата се појави во вистинско време за да ја поткрепи антиваксерската „кауза“. За жал. Антиваксерите пред почетокот на пандемијата не беа само група или поединци во зародиш, туку веќе почнаа да градат и сопствен имиџ на социјалните мрежи, иако сè уште на маргините на социјалните мрежи и уште повеќе на маргините на општеството. Но, поттикнати од странските антиваксери, веќе постоечката квази-научна литература, како и под влијанието на разни теории на заговор за наводното незаслужено богатење на фармацевтските компании од вакцините, се најдоа на вистинско место и во вистинско време.  Уште пред пандемијата до директорите и наставниците во училиштата низ земјава беа доставувани писма со квази-правна содржина кои содржеа закани за тужби доколку децата организирано се испратат на вакцинација, содржејќи долги листи на правни последици со цел да се уплаши образовниот кадар да не презема ништо во таа насока.

Пандемијата, пак, уште повеќе го засили ваквото „движење“, поттикнато од затворени антиваксерски групи на социјалните мрежи, каде што истомисленици ги засилуваа еден со друг своите гледишта против вакцините, за така „изградените“ ставови потоа да излезат и на виделина, односно пред сите оние корисници, кои сакаа  да ги слушнат ваквите ставови. Но, тоа сега беше во атмосфера на страв од непознатото и откако низ интернетот се проширија секакви теории на заговор, плашејќи ја јавноста дека вакцините се измислени со цел некој да заработи милијарди и да биде истребен најголем дел од човештвото. Сето ова придонесе  за наплив на дезинформации против вакцините, но и за вжештување на битката против нив.

# Антивакциналните дезинформации ги воскреснуваат заборавените болести

Пишува: **Мирослава Симоновска**, 26 октомври 2023

**Антивакциналните дезинформации ја поткопаа имунизацијата и направија огромна штета на јавното здравје. Загрижувачки се податоците околу вакцинацијата на децата, препорачаниот опфат од над 95 отсто не е постигнат за ниту една вакцина во земјата. Дезинформациските наративи продолжуваат да си поигруваат со здравјето на граѓаните, се измислува дека вакцините предизвикуваат „турбокарцином“, дури и кај луѓе кои воопшто не се вакцинирани. Вистиномер забележува тенденција да се сатанизираат вакцинираните, сè со цел да се исплашат невакцинираните и да се обесхрабрат во намерата да го заштитат своето здравје преку имунизација**




**Фото:** Myriams-Fotos Pixabay

Есенскиот период секоја година е симбол за зголемен број на горнореспираторни инфекции. Настинките, грипот и ковид ги полнат амбулантите на матичните лекари. Министерството за здравство почна да ги повикува ризичните групи граѓани да се вакцинираат против сезонски грип и набави задоволителен број дози – 60 илјади, кои се наменети за ризичните групи граѓани: за лицата над 65 години, граѓаните со хронични заболувања, здравствените работници, бремените жени, како и за децата на возраст од 6 месеци до 5 години.

**Во текот на 2022 година не е регистриран ниеден смртен случај во Република Северна Македонија поврзан со вакцинација, ниту пак, некоја посериозна животно загрозувачка состојба поврзана со апликација на вакцина,** *известија од Институтот за јавно здравје.*

Сите пријави за несакани ефекти во врска со вакцините од регуларниот вакцинален календар, биле во врска со несакани ефекти кои производителите на вакцини ги предвиделе, станува збор за исклучително мал број на случаи и сите завршиле со добар исход.

Во 2022 година, според информации кои Вистиномер ги доби од Институтот за јавно здравје, имало 17 пријави за поствакцинална компликација за вакцините БСГ, ХЕП, рота вирусна вакцина и МРП. Кај седум случаи, за кои е пристигната информација за исходот, исходот од лекувањето е со оздравување и без последици од несаканите реакции.

***Табела 1.***

*Број на пријави за поствакцинална компликација по тип на вакцина (N=12), 2022 година (на Образец бр.3)*

| **Вакцинација** | **Број на пријави** | **Ревакцинација** | **Број на пријави** |
|---|---|---|---|
| БЦГ (BCG) | 1 | DTaP- IPV (Tetraxim) | 3 |
| Hep/Hib/DTP/IPV (Hexaxim) | 1 | / | |
| Рота вирусна (Rotateq) | 3 | / | |
| МРП (MMR Vaxpro) | 4 | / | |

*Број на пријави за несакани реакции од вакцина (n=5) преку Националниот центар за фармаковигиланца на МАЛМЕД*

| **Вакцинација** | **Број на пријави** | **Ревакцинација** | **Број на пријави** |
|---|---|---|---|
| Hep/Hib/DTP/IPV (Hexaxim) | 2 | / | |
| Рота вирусна (Rotateq) | 1 | / | |
| МРП (MMR Vaxpro) | 2 | / | |

Од Здравствен дом Скопје, за Вистиномер изјавија дека на вакциналниот пункт во поликлиниката Бит Пазар имаат достапни ковид вакцини и покрај нискиот интерес кој граѓаните во овој период го покажуваат за вакцинација против ковид. Додека интересот за вакцинација против ковид во земјава опаѓа дезинформациите на интернет за овие вакцини продолжуваат да се споделуваат со несмален интензитет.

## Лаги за болести од ковид вакцина

Фактот што во земјава добар дел од граѓаните не им се потчинија на овие дезинформации и се вакцинираа со една, две или три дози, им даде нова идеја на антивакциналните кругови: почнаа да измислуваат болести од кои наводно почнале да страдаат вакцинираните. Ова беше во фокусот на антивакциналните дезинформации во земјава во последните шест месеци. Предусловите за овие дезинформации беа создадени со тоа што веќе имаше граѓани кои примиле ковид вакцина.

Со цел да се демотивираат другите граѓани да го следат примерот и да се заштитат, се ширеше страв и паника врз основа на нелогичности и неаргументирани тврдења. Такви беа тврдењата дека од ковид вакцината голем број граѓани во светот добиле таканаречен „турбокарцином“. Овој термин во медицината не постои, но во дезинформциските наративи се користеше за да се манифестираат симптоми на карцином кој брзо прогресира.

Во еден од примерите на дезинформации пласирани на оваа тема, се тврдеше дека дури и карциномот којшто се развил кај член од семејството што не е вакциниран против ковид-19, бил како последица на вакцинирањето на останатите од семејството. Со вакви паушални наведувања се правеше обид да се внесе страв и паника кај голем дел од вакцинираните граѓани во земјава. Поигрувањето со чувствата на семејствата во кои има пациенти со карцином, базирано на немедицински манипулации, претставува неетичка и опасна пракса по јавното здравје.

Во светски рамки е познато дека пандемијата со ковид-19 остави најголем дел од онколошките одделенија и клиники без термини за дијагностика, што придонесе наредните години, по завршувањето на пандемијата, да има зголемен број на карциноми. Исто така, податоците на Светската здравствена организација укажуваат дека во наредните децении се очекува бројот на заболени од карцином да порасне.

Големи студии покажаа дека пациентите со карцином имаат висок ризик за компликации од ковид-19, поради што за нив вакцинацијата против ковид-19, беше препорачана.

Вистиномер забележа дека во изминатите шест месеци, таргет во дезинформациите се токму вакцинираните граѓани во земјава. Тие се користат како адут и мета, за да се обесхрабрат невакцинираните да се имунизираат. Како? Со споделување на невистини дека вакцината против ковид која ја примиле вакцинираните им направила штета на нивното здравје.

Базична дезинформација беше дека вакцината против ковид предизвикала СИДА кај тие што ја примиле. За да се протуркаат ваквите невистини, се злоупотребуваа и официјални државни институции преку злонамерно толкување на нивни анализи и статистики. На пример, се споделуваше информацијата дека *„канадската влада објавила дека 74 проценти од Канаѓаните вакцинирани со три дози против ковид 19 сега имаат СИДА предизвикана од вакцината“*. За да ја протуркаат оваа злонамерна измислица, антивакциналните кругови во земјава измислуваа непостоечки медицински состојби за „оваа СИДА“, којашто ја нарекоа „ВАИДС“. Со целосно погрешно прикажување за тоа како функционираат вакцините и имунолошкиот систем, се ширеше паника дека вакцинираните добиваат СИДА и карцином, а како што може да се види од следниот пример, се одеше и чекор подалеку, па се споделуваа и крајно малициозни нелогичности, дека карцином поради вакцинираните, добиваат и нивни невакцинирани членови од семејството.

Во анализата од 2021 година, кога Вистиномер ги следеше вакциналните дезинформации, евидентно беше дека широкосподелувани се токму оние невистини во кои се тврдеше дека вакцините предизвикуваат секаков вид на болести и смрт. И таму, во низата болести кои лажно и беа атрибуирани на вакцината, се најде карциномот. Министерството за здравство на својата страница за факти и митови околу вакцината посочува дека вакцините против ковид не може да предизвикаат рак.

## Дезинформации дека вакцините предизвикуваат спонтан абортус

Изминатите шест месеци евидентни беа дезинформациите кои ги таргетираат жените и нивните репродуктивни права. Така, Европската агенција за лекови ЕМА беше злоупотребена за невистинито да се тврди дека таа издала предупредување дека ковид вакцините предизвикуваат спонтан абортус. Ова е дијаметрално спротивно од вистината. ЕМА ги охрабрува бремените жени да се вакцинираат против ковид-19 и не кажала дека вакцините предизвикуваат женска неплодност.

Центарот за контрола и превенција на болести на САД, тврди дека научниците немаат пронајдено зголемен ризик од спонтани абортуси меѓу жените кои примиле мРНК вакцина во раната бременост или пред да забременат. Анализа од август 2021 година од Центарот за контрола и превенција на болести разгледува 2.500 бремени жени кои примиле мРНК вакцина пред дваесеттата недела од бременоста. Истражувачите пронашле стапка на спонтани абортуси од 13 проценти, што е слично на очекуваната стапка на спонтани абортуси кај општата популација.

Интересно е да се забележи дека уште пред да почне вакцинацијата против ковид-19 во Северна Македонија од антивакцинални кругови беа пласирани дезинформации дека вакцините предизвикувале неплодност. Поточно, дури и во моментите кога не постоеа никакви клинички студии на темата, оваа дезинформација им беше сервирана на корисниците на социјалните мрежи. Сега, за разлика оттогаш, има клинички студии кои покажуваат дека вакцините не предизвикуваат неплодност, ниту пак, проблеми со плодот.

Во САД, до мај 2021 година 90 илјади жени беа вакцинирани со вакцините на „Фајзер“ и „Модерна“ и не беа идентификувани никакви здравствени проблеми, наспроти сознанијата, кои се веќе познати, дека бремените жени заразени со ковид-19 имаат голем ризик да завршат на интензивна нега, како и да се породат со нивните бебиња порано, отколку жените што немаат ковид-19.

Центарот за контрола и превенција на болести во САД, за оние што сакаат да забременат во иднина вели дека може да се вакцинираат, бидејќи вакцините не создаваат неплодност. Тие немаат во себе жив вирус и не можат да ги заразат со ковид ни мајката, ни бебето.

И владата на Австралија официјално тврди, дека вакцините против ковид-19 не предизвикуваат стерилитет.

## Дезинформации за децата и редовниот вакцинален календар

Две движења постојано се борат“ едно против друго околу вакцинацијата на децата, односно редовниот имунолошки календар. На една страна се медицинските лица и науката, а наспроти нив антивакциналните кругови кои злоупотребуваат погрешно презентирани или повлечени и непрегледани студии од медицинската заедница, за да тврдат дека децата кои се невакцинирани се поздрави од вакцинираните деца. Ова може негативно да влијае на трендовите на имунизација во земјава, со оглед на тоа што родителот е тој кој одлучува да го однесе детето на вакцинација. Па доколку родителот потпадне под влијание на невистини и полуинформации, тогаш се става во опасност колективниот имунитет во државата и тоа за болести кои се сметаа за искоренети и под контрола, благодарение на вакцините. Во изминатите шест месеци забележлив беше наративот дека децата кои се вакцинирани се разболуваат и добиваат компликации, за разлика од невакцинираните. Ваквите дезинформации доаѓаат во земјава во сензитивен период кога препорачаниот опфат од над 95 отсто не е постигнат за ниту една вакцина, што создава ризик од појава на веќе заборавени болести. Фактите говорат дека во земјите со висок вакцинален опфат многу болести се држат под контрола.

Дезинформациите за вакцините кај децата и нивната наводна штетност се базирани на несреќна студија, поддржана од антивакцинални организации, којашто има методолошки слабости, нерепрезентативен примерок, студија која се темели на субјективни согледувања, а не на математички и статистички прецизни методи. При пласирањето на дезинформации за детските вакцини се пласираше и невистината дека вакцинираните деца имаат 4,2 пати поголема шанса

да развијат аутизам. Наспроти ваквите тврдења, студии со репрезентативен примерок од 650 илјади деца, не покажуваат асоцираност меѓу вакцината и аутизам.

Професор доктор **Александра Грозданова**, национален координатор за имунизација, неодамна изјави дека кога во 2019 година во земјава се појави епидемија со морбили, поради недоволниот опфат на вакцинирани деца, а со тоа и поради пад на колективниот имунитет, државата мораше да презeме низа активности и чекори. Меѓу тие чекори беше и вакцинација на 42 илјади деца на возраст до 14 години со МРП вакцина. Кај ниту едно од нив не се појави аутизам.

> **Во моментот кога ќе се намали опфатот, ризикот за појава на морбили е исклучително висок,** *рече професор доктор Грозданова.*

Благодарение на вакцинацијата, во овој период не се појавени нови епидемии со морбили.

> **Исклучително е битно на родителите да им се објаснува дека таа вакцина се дава со децении station наназад,** *подвлече таа, нагласувајќи дека вакцината е правилна одлука за да се заштитат децата од болеста.*

Американската академија за педијатри комплетираше листа на студии релевантни за вакциналната безбедност.

## Невистини кои ги сатанизираат медицинските лица кои промовираат вакцинација

Не може да се избегне ниту фактот дека уште од почетокот на ковид пандемијата на социјалните мрежи постои табор кој оди против медицината базирана на докази, лекарите, сестрите, припадниците на официјални медицински агенции итн. Изминатите шест месеци за да се одвратат граѓаните од вакцините, се кажуваше и дека тие медицински професионалци што ги промовирале вакцините, ќе биле судени за злосторства против човештвото. Станува збор за чиста измислица. Никој нема да биде суден за злосторства против човештвото, ниту за вакцината против ковид-19, ниту за која било друга вакцина.  Вакцината се прима со согласност што ја потпишува пациентот пред вакцинацијата и во која се наведени евентуалните несакани ефекти кои во најголем дел се благи и поминуваат брзо.

Сатанизирањето на медицинската наука олицетворена во медицинските работници, претставува тактика за заведување на масите дека тие работат на штета на човештвото. Ова создава опасност од збунета и разнишана доверба во здравствените власти, во лекарите и резултира со одбивање на нивните препораки, што може да чини животи.

Важно е да се напомене дека Северна Македонија ги следи препораките на СЗО, на ФДА и на ЕМА, и се прифаќаат вакцините кои се одобрени од светските релевантни медицински организации.

Одлуката на секој човек за тоа дали ќе се вакцинира против ковид е индивидуална. Но, за детските вакцини има календар на задолжителна имунизација којшто е регулиран со Законот за заштита на населението од заразни болести. Да се таргетираат родители на деца со дезинформации за вакцините и на таков начин да се намалува вакциналниот опфат, претставува сериозен ризик за јавното здравје на целото население.

Податоците од СЗО говорат дека со вакцинирање се спасуваат од 2 до 3 милиони детски животи во светот секоја година. Благодарејќи на имунизацијата, многу заразни болести кои во минатото претставувале значаен здравствен проблем затоа што предизвикувале висок морталитет

кај децата и возрасните или предизвикувале компликации и инвалидитет, денес се елиминирани или ставени под контрола, сведени на поединечни случаи.

Несомнено дека вакцинацијата претставува едно од најголемите достигнувања во историјата на медицината и најбезбедна, најефикасна и економски најоправдана превентивна мерка, која директно придонесува за намалување на морбидитетот и морталитетот на заразните заболувања.

Поради тоа при носењето на одлуките за вакцинација на децата родителите треба да бидат изложени на медицина базирана на докази, наместо да бидат таргетирани со полуинформации и дезинформации кои се непријател на јавното здравје. Секако во таа борба за точна информација, главна брана и штит против дезинформациите се медиумите, кои во најголем дел се наклонети кон медицината базирана на докази.

# ЕМА не издала предупредување дека ковид вакцините предизвикуваат спонтан абортус

**Екипа на Вистиномер**, 09 јуни 2023

**ЕМА соопшти дека открила докази кои покажуваат дека тешко менструално крвавење може да се случи по вакцинацијата против ковид, заклучувајќи дека постои „разумна можност“ вакцините да го предизвикаат, но никогаш не препорачала дека mRNA вакцините се поврзани со компликации со бременоста, т.е. со плодноста или со абортусот**

Дезинформации дека вакцините против коронавирусот негативно влијаат на женската плодност и предизвикуваат абортус, кои се ширеа за време на ковид пандемијата, сè уште циркулираат на социјалните мрежи. Таква е и оваа објава на Фејсбук во која се тврди дека Европската Унија издала итно предупредување дека вакцините против ковид-19 се штетни за бремените жени и нивните плодови. Ова не е точно.

> **Сите жени што сте се цјепеле со МРНА цјепиво, а имате проблеми со неплодност, спонтани абортуси...да одите кај Црпнатиот, Филипче, Петличковски, Мехмедовиќ, Караџовски, новинарите...и сите оние кои ве убедуваа да се цјепите, да им поставите некое прашање !!!**, *стои во објавата која ја анализираме.*

Постот споделува и напис кој се повикува на текст објавен од порталот „Експозе“ кој во текот на целата пандемија со ковид-19 ширеше дезинформациски наративи.

Во написот меѓу другото се посочува:

> **Како што објави expose-news.com, на 28 октомври 2022 година, ЕМА објави ново упатство во кое се наведува дека „обилното менструално крвавење треба да се додаде на информациите за несакан ефект на производот со непозната честота за mRNA вакцините против COVID-19 Comirnaty (Pfizer) и Spikevax (Модерна). ЕМА вели дека обилно менструално крвавење може да се дефинира како „крвавење кое се карактеризира со зголемен волумен и/или времетраење што се меша со физичкиот, социјалниот, емоционалниот и материјалниот квалитет на животот на една личност,** *стои во написот*.



**Фото:** Cindy Parks Pixabay

Спротивно на оваа објава во која се тврди дека ЕМА „признала“ дека вакцината негативно влијае на женската плодност, Европската агенција за лекови (ЕМА) ги охрабрува бремените жени да се вакцинираат против ковид-19 и не кажала дека вакцините предизвикуваат женска неплодност.

Тврдењето изнесено во постот и во написот кој го споделува, се заснова на упатствата од безбедносниот комитет на ЕМА (PRAC), издадени во октомври 2022 година, кои препорачуваат ажурирање на можните несакани ефекти наведени во информациите за производот за вакцините за ковид на Moderna и Pfizer-BioNTech врз основа на извештаи за тешки менструални периоди за време на клиничките испитувања, во реалниот свет и во медицинската литература.

ЕМА тогаш соопшти дека открила докази кои покажуваат дека тешко менструално крвавење може да се случи по вакцинацијата против ковид, заклучувајќи дека постои „разумна можност“ вакцините да го предизвикаат.

Сепак, портпаролот на ЕМА изјави дека тврдењата оти ЕМА ги советува бремените жени да не примаат вакцини за ковид-19 , бидејќи тие би предизвикале неплодност, се лажни и погрешно толкување на одлуката на комитетот, пишува Ројтерс.

Од состанокот во октомври 2022 година, кој доведе до одлука на комитетот за проценка на ризици на ЕМА, PRAC, е заклучено дека *„нема докази кои укажуваат на тоа дека менструалните нарушувања што ги доживуваат некои луѓе имаат какво било влијание врз репродукцијата и плодноста“.*

ЕМА всушност ги охрабрува бремените жени да се вакцинираат.

**Викторија Мејл**, специјалист за имунологија и бременост и виш предавач на Империјал колеџ во Лондон, рече дека тешките периоди по вакцинацијата не се поврзани со намалена плодност и доказите покажуваат дека овие менструални промени се привремени.

Една студија на која се повикува Мејл, објавена на интернет во април 2023 година, го споредува менструалниот проток кај вакцинирани и невакцинирани лица, покажувајќи дека приближно 4 отсто од луѓето доживуваат потежок период од вообичаениот веднаш по вакцинацијата, со менструација што се враќа во нормала следниот месец.

Стручниот колегиум на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство Скопје (ГАК), Комитетот за безбедно мајчинство на РСМ и Здружението на перинатолози на РСМ издаде препораки во врска со вакцинацијата против ковид-19 за време на бременост. Овие препораки кои Вистиномер ги има објавено, се базирани врз студии од светски релевантни медицински институти што се темелат на истражувања во кои се опфатени сериозен број испитаници од оваа категорија на женската популација.

Според овие препораки, вакцинацијата против ковид-19 се препорачува во бременоста, исто како и кај останатиот дел од популацијата. Вакцинацијата е најдобар начин на заштита од штетните ефекти на ковид-19 во бременоста, како за мајката така и за нејзиното бебе, вклучувајќи го предвременото породување и престојот во одделението за интензивна нега на новороденчето.

И Комисијата за заштита на населението од заразни болести препорача бремените жени да се вакцинираат и да се вратат на работните места. Исто така, и Институтот за јавно здравје на својата веб-страница официјално препорача да се вакцинираат бремените жени.

Вистиномер и претходно има дебанкирано вести кои тврделе дека вакцината против ковид е штетна за бремените жени.

Од сето погоре можеме да заклучиме дека ЕМА не издала предупредување дека ковид вакцините се штетни за бремените жени и дека предизвикуваат спонтан абортус. ЕМА, всушност, ги охрабрува бремените жени да се вакцинираат.

Според тоа, објавата ја оценуваме како *невистинита.*

# Канадската влада не признала дека 74 отсто од тројно вакцинираните сега имаат „VAIDS“

**Екипа на Вистиномер**, 09 октомври 2023

**Некои луѓе неосновано тврдат дека VAIDS е слабеење на имунолошката функција поради вакцините против ковид-19, слично како што луѓето со нетретирани ХИВ или СИДА имаат сериозно компромитиран имунолошки систем. Официјалните канадски податоци воопшто не ја поврзуваат болеста со вакцинација, ниту го мерат нивото на имунитет што го обезбедуваат вакцините. Аргументот кој се цитира во Фејсбук објавата, наводно заснован на податоци на канадската влада, произлегува од антиваксерскиот портал The Exposé, кој се потпира на толкување на податоци кое е крајно неточно. Повеќе светски проверувачи на факти веќе пишуваа дека VAIDS, односно синдромот на имунодефициенција стекната со ковид вакцината не е вистински синдром**

Преку дезинформации на социјалните мрежи се шири паника дека како резултат на ковид вакцините драстично опаѓа имунитетот и дека огромен број од оние кои биле вакцинирани манифестираат состојба како СИДА. Во таа смисла објава на Фејсбук тврди дека податоци од канадската влада покажуваат дека 74 отсто од луѓето тројно вакцинирани против ковид-19 развиле СИДА. Ова не е точно. Наведените документи во ниту еден момент не ја поврзуваат болеста со вакцинација, ниту го мерат нивото на имунитет што го обезбедуваат вакцините.

**Официјалните податоци објавени од канадската влада покажуваат дека 74% од Канаѓаните со тројно вакцинирани сега имаат синдром на стекнат имунолошки дефицит со вакцина (VAIDS). Да, тоа е СИДА предизвикана од вакцината,** *пишува во објавата.*

Неточно е дека извештаите од канадската влада покажуваат дека 74 отсто од луѓето кои земале три дози од вакцината против ковид-19 го изгубиле имунитетот и развиле VAIDS, односно дека сега имаат СИДА, како што е објавено на социјалната мрежа. Во документите наведени во дезинформациите не се споменува СИДА како последица на имунизацијата против ковид-19.



**Фото:** MasterTux Pixabay

VAIDS не е вистинска медицинска состојба, но дезинформациите за VAIDS стануваат распространети на социјалните мрежи. Некои луѓе **неосновано тврдат** дека VAIDS е слабеење на имунолошката функција поради вакцините против ковид-19, слично како што луѓето со нетретирани ХИВ или СИДА имаат сериозно компромитиран имунолошки систем.

Повеќе светски проверувачи на факти веќе пишуваа дека VAIDS односно синдромот на имунодефициенција стекната со ковид вакцината **не е вистински синдром**.

Синдромот на стекната имунодефициенција или „СИДА" е хронична состојба што ја попречува способноста на телото да се бори против инфекции и болести. Таа е предизвикана од вирусот на хумана имунодефициенција (ХИВ). Но, тврдењата дека има случаи на СИДА предизвикани од вакцинација или „VAIDS" како што тврдат онлајн корисниците се неосновани.

**Не постои феноменот наречен „синдром на имунодефициенција индуцирана од вакцина". Тоа не е вистински синдром,** *изјави за Ројтерс,* ***Дона Фарбер***, шеф на Одделот за хируршки науки и професор по микробиологија и имунологија на Универзитетот Колумбија.

Таа објаснува зошто вакцините не предизвикуваат имунодефициенција.

**Тие не исцрпуваат никакви имунолошки клетки, напротив, тие ги стимулираат имуните клетки да се активираат, се делат и произведуваат молекули како антитела и растворливи фактори за да препознаат патоген и да го ослободат телото од него,** *додава Фарбер.*

Со оглед на тоа што милијарди луѓе ширум светот веќе се вакцинирани против ковид-19, **д-р Грант Мекфаден**, директор на Биодизајн Центарот за имунотерапија, вакцини и вирусотерапија на Државниот универзитет во Аризона смета дека доколку постоеше нешто како VAIDS, досега ќе беше откриено.

**Не постои пандан на СИДА-та предизвикан од вакцината,** *вели Мекфаден за Асошиејтед Прес.*

И пребарувањето низ легитимна биомедицинска литература не најде спомнување на синдром на имунодефициенција стекната со вакцина.

**Не постои состојба наречена VAIDS,** *вели* ***д-р Метју Лоренс,*** *специјалист за педијатриски инфективни болести и истражувач на Универзитетот во Мериленд, во е-пошта до УСА Тудеј.*

Аргументот кој се цитира во Фејсбук објавата, наводно заснован на податоци на канадската влада, произлегува од **антиваксерскиот портал** The Exposé, кој се потпира на толкување на податоци кое е крајно неточно.

Порталот во својот напис, ги злоупотребува податоците на кои го заснова своето централно тврдење. Тоа го прави со мешање на податоците за „ефективноста на вакцините", која инхерентно опаѓа со текот на времето, со нешто што публикацијата го нарекува „перформанси на имунолошкиот систем", што сугерира дека го претставува целокупниот имунолошки систем на телото, иако тоа не е презентирано во канадските податоци во ниту еден момент.

Заштитата што ја нуди вакцината опаѓа со текот на времето, но тоа да се поврзе со целосно намалување на севкупниот имунолошки систем на една личност, е злоупотреба на податоците. Како што соопшти Агенцијата за јавно здравје на Канада (PHAC) во е-пошта до порталот Lead Stories за проверка на факти, написот на Exposé *„јасно погрешно прикажува како функционираат вакцините и имунолошкиот систем":*

Важно е да се разјасни дека едно лице не заболува од СИДА поради слабеење на неговиот имунолошки систем, туку поради инфекција со ХИВ вирусот, кој се јавува преку директен контакт со крвта, спермата или вагиналните течности на заразено лице. ХИВ инфекцијата предизвикува поединецот постепено да го губи клеточниот имунитет, што го прави подложен на други болести.

Според сите наведени факти заклучуваме дека *не е точно* тврдењето оти Канадската влада признала дека 74 отсто од тројно вакцинираните сега имаат „VAIDS" односно СИДА.

# Нанотехнологијата, 5Г мрежата и графен оксидот немаат никаква поврзаност со вакцините

**Екипа на Вистиномер**, 22 август 2023

**Објавата изнесува низа теории на заговор и непотврдени факти во врска со вакцините и нивниот состав. Вакцините не содржат графен оксид, ниту пак, графен оксид или некаква нанотехнологија која генетски ќе го модифицира човекот за тој да биде управуван со помош на 5Г технологијата**

На социјалните мрежи не престануваат да се шират добропознатите теории на заговор против вакцините кои особено беа актуелни во време на ковид пандемијата, кога се пласираа бројни невистини за вакцините против коронавирусот. Во оваа објава на Фејсбук се изнесени повеќе невистини за составот на ковид вакцините и ефектот од нив:

> **Мислам дека многумина од вас немаат поим што се случува и повеќето од вас мислат дека е смешно!!!**
> **Воопшто не е смешно, ти го сменија био-електро-магнетното поле на телото!!!**
> **Се претворате во трансивер и се ширите околу синтетички попрскани липидни „протеини“ (кои содржат нано графен)**
> **СЕГА СТЕ ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНО СУШТЕСТВО!!!Мислам дека сега веќе не може да се смета за човек, односно човечки камшик.**
> **Повеќе немате природно електро-магнетно поле околу вас, повеќе не го произведувате!**
> **Сега сте само ПРЕВОДНИК за системот (мрежата) што го поставија околу ...**
> **Мрежата 5G е оружје и воена технологија што тие ја поставија за да се поврзат со вас...**
> **Сега вие сте тие што ја ширите инфекцијата!**
> **Затоа вие невакцинирани држете се настрана!!!**
> **Доколку не верувате, а имате мерач на електромагнетно поле, слободно доближете го до местото каде што сте ја примиле „ВАКЦИНАТА“ 💉!!!**
> **Веќе го немате вашето природно електро-магнетно поле околу вас, сега сè е синтетичко (вештачко)....**, *стои меѓу другото во објавата што ја рецензираме.*



**Фото: Gerd Altmann Pixabay**

Теоријата на заговор дека пандемијата со ковид-19 била испланирана за да се вакцинираат луѓето со генетски модифицирани вакцини, кои имаат за цел да ги чипираат и потоа да ги контролираат преку 5Г мрежата, не е ништо ново и Вистиномер на оваа тема има пишувано многу текстови.

Тврдењата дека ковид вакцините, кои беа изработени со мРНК технологијата, содржат ГМО и нанотехнологија се лажни. Во вакцините против ковид-19, нема мРНК трансхуманистичка нанотехнологија.

мРНК технологијата потекнува од 1990, но за време на пандемијата за првпат се користеше во широко употребувани вакцини. Во вакцините на „Фајзер“ и „Модерна“, мРНК се наоѓа во „липидна капсула” или попрецизно, во обвивка од масти, која е опишана како наночестичка. Префиксот „нано” само значи дека е мала, а не дека е нанотехнологија.

мРНК, рибонуклеинската киселина, е молекула слична на ДНК која ги носи кодираните генетски информации до клетката. „Фајзер“ и „Модерна“ вакцините користат мРНК за да се однесат генетски информации за коронавирусот до клетката на телото, за да се научи имуниот систем да ги идентификува и да се бори против ковид-19 инфекцијата.

> **Иако терминот нано се користи за да се наметне дека нанотехнологија се користи за да ја модифицира вашата РНК, тоа е комплетно лажно. мРНК во вакцините на „Фајзер“ и „Модерна“ нема никаков ефект на ДНК или РНК на човекот и не станува составен и траен дел од клетката,** *вели* ***Синди Принс****, професорка по епидемиологија на Универзитетот во Флорида*.

И Центарот за контрола и превенција на болести на САД, официјално потврдува дека вакцината против ковид-19 не влегува во интеракција со нашата ДНК на каков било начин.

> **мРНК никогаш не влегува во јадрото на клетката каде се чува генетскиот материјал. Клетката го разградува и се ослободува од мРНК веднаш по завршувањето на користењето на инструкциите.**

И УНИЦЕФ тврди дека вакцините против ковид-19 не можат да ја променат човечката ДНК.

> **Вакцините наречени мРНК не ја менуваат, ниту како било содејствуваат со вашата ДНК. Вакцините мРНК им даваат инструкции на нашите клетки како да направат протеин којшто активира имунолошка реакција и потоа веднаш се раствора. Со ова се гради имунитет против вирусот кој предизвикува ковид-19. На тој начин, мРНК (т.е. инструкциите) од вакцината воопшто не влегува во јадрото на клетката, каде што се наоѓа нашата ДНК,** *пишува на веб-страницата на УНИЦЕФ.*

Тврдењата за микроскопски елементи кои се составуваат во телото на вакцинираните, експерти по имунологија ги нарекуваат чиста фантазија и бесмислица.

Професорот на Универзитетот Квинсленд, **Кит Чапел** вели дека тврдењето за нанотехнологија во вакцините е смешно.

> **мРНК вакцините содржат наночестички ама тие се состојат од липиди и молекули на холестерол. Овие се слични на микроскопски точки од масти коишто ја носат вакцината во клетките. Ова дефинитивно не се електронски компоненти и ова нема смисла на ниедно ниво,** *изјави тој.*

5Г мрежата која се спомнува во објавата нема никаква врска со вакцините. Теоријата на заговор дека 5Г мрежата и некакви непостоечки микрочипови во вакцините се комбиниран напор да се контролира населението – каде се движи, што прави, што купува, па дури и идеите дека со непостоечките чипови ќе се контролира мисловниот процес на индивидуата која е вакцинирана, е само смешна теорија на заговор, непоткрепена со никакви факти, невтемелена во реалноста. 5Г технологијата во комуникациите и вакцинацијата во здравството не се поврзани.

Дека нема поврзаност и нема никакво влијание 5Г мрежата врз коронавирусот беше потврдено уште во почетокот на 2020 година. Речиси сите релевантни институции излегоа со извештаи

дека нема докази оти оваа мрежа има влијание на имунолошкиот систем и дека е штетна по човечкото здравје.

Во февруари 2020 и Светската здравствена организација (СЗО) соопшти дека не е откриено влијание на оваа мрежа врз јавното здравје.

> **И по многу направени истражувања, досега не е забележано ниту едно штетно влијание врз здравјето кое е предизвикано од изложување на безжичната технологија,** *се наведува во објаснувањето на СЗО.*

Што се однесува до тврдењето дека во ковид вакцините има графен оксид, исто така, изнесено во објавата која ја анализираме, и тоа не е точно.

„Вистиномер“ и на оваа тема има пишувано повеќепати.

> **Графен оксид е материјал кој настанува со оксидација на графен. Графен е единечен слој на графит (меката супстанца која ја има во врвот од моливите за пишување). Графен оксидот има потенцијална употреба во електрониката, оптиката, хемијата, складирањето енергија и биологијата,** *е објаснето во напис објавен во журналот „Фронтиерс оф Физикс“ во јануари 2019 година.*

„Асошиејтед прес“ извести дека и покрај тоа што имало истражувања за тоа дали се користел графен оксид во некои вакцини (во количества кои за човекот не би биле токсични), материјалот не е на листата на состојки на фајзеровата вакцина или која било друга вакцина.

> **Не е на листата на состојки и нема никакви шанси да е присутен,** *изјави **Ален Мајерсон**, професор по хемиски инженеринг на Институтот за технологија Масачусетс.*

И на официјалната веб-страница за вакцинација во земјава, каде се наведени состојките на сите вакцини кои се администрираат во Северна Македонија, се гледа дека во нивниот состав нема графен оксид.

Од сето ова можеме да заклучиме дека објавата изнесува низа теории на заговор и непотврдени факти во врска со вакцините и нивниот состав. Вакцините не содржат графен оксид, ниту пак, графен оксид или некаква нанотехнологија која генетски ќе го модифицира човекот за тој да биде управуван со помош на 5Г технологијата. Според тоа, објавата ја оценуваме како невистинита.

# 5. Експлоатирање на теориите на заговор

Што е тоа теорија на заговор? Или конспиративна теорија? Наједноставно кажано, тоа е тврдење во кое се вели дека две или повеќе лица (па и организации, институции, држави), тајно, подалеку од очите на целиот свет креирале заговор против некоја трета страна за да остварат некои свои цели, во најголем дел поврзани со парите и моќта. И сето тоа на штета на некој друг, најчесто на штета на сиромашните или обичните луѓе, или, пак, во најлошата варијанта, на штета на целото човештво. Се разбира, некои теории на заговор се вистински. Не сите се резултат на дезинформации. Некои теории на заговор, пак, имаат и позитивни цели. Но, тоа не се оние кои кружат на социјалните мрежи, ширејќи страв, несигурност, чувство на беспомошност, итн. ХААРП, високо фреквентна мрежа за која се тврди дека е одговорна за глобалното затоплување, Европската комисија, која се обвинува дека сака да го уништи земјоделството и сите да нѐ натера да јадеме инсекти, производителите на вакцини, кои измислуваат вакцини со цел да нѐ убијат или да ги поставаат работите така што на планетата би останале само една милијарда луѓе („златна милијарда“), „кемтрејлс“ - отрови кои се испуштаат од авиони за да ги отрујат невините луѓе на тлото, да не говориме, пак, за теориите на заговор зад кои наводно стојат богати поединци како Бил Гејтс, кој се обвинува за сè и сешто - од тоа дека прави вакцини за да ја измени генетската структура на човештвото, до тоа дека сака да го затемни сонцето, итн. Имагинацијата игра голема улога кога станува збор за теориите на заговор и затоа е потребна исто толку голема имагинација и во борбата против нив.

# Како теориите на заговор ја хранат глобалната епидемија на дезинформации

Пишува: **Симона Атанасова**, 25 октомври 2023

**Иако некои теории на заговор делуваат навидум безопасно, многу од нив имаат последици во реалниот свет. Теориите на заговор како Кју Анон, 5Г, ХААРП, кемтрејлс и слични поттикнуваат страв, имаат потенцијал да ја нарушат довербата на јавноста во науката, ја поткопуваат довербата во институциите и можат да ги нарушат јавните политики. Од клучно значење е да бидеме внимателни и критички да ги оценуваме информациите со кои се среќаваме, барајќи веродостојни извори и потпирајќи се на експертски консензус. Со разбирање на основите на овие теории на заговор и фактите што ги разоткриваат, можеме да поттикнеме општество кое го цени критичкото размислување засновано на докази**




Фото: Photo by Markus Winkler on Unsplash

Дезинформациите, поттикнати од теориите на заговор претставуваат значителна закана за општеството, демократијата и јавното здравје. Дигиталната ера обезбеди плодна почва да можат да се шират како шумски пожар наративите полни со невистини, дезинформации и теории на заговор.

Теориите на заговор се плодна основа од каде што се црпат и обликуваат многу дезинформации. Овие теории често се вртат околу верувањето дека група поединци или организации тајно манипулираат со глобалните настани за своја корист.

Иако некои теории на заговор делуваат навидум безопасно, многу од нив имаат последици во реалниот свет. Тие можат да доведат до недоверба во институциите, кризи во јавното здравство, па дури и до насилство. Овие теории често ги замаглуваат границите помеѓу фактите и фикцијата.

Во оваа анализа разработуваме примери на дезинформации и нивната поврзаност со најчестите теории на заговор, вклучувајќи ги Кју Анон, 5Г, ХААРП, „озлогласениот" Бил Гејтс и други.

## Кју Анон: Заговорот за длабоката држава

Кју Анон е една од најалармантните теории на заговор што доби внимание во последниве години. Теоријата се заснова на тоа дека тајно друштво на елити кои го обожуваат сатаната и тргуваат со деца го контролира светот. Следбениците на Кју Анон веруваат дека поранешниот претседател **Доналд Трамп** се борел против овие мрачни сили, кои често се нарекуваат „длабока држава".

Припадниците на движењето Кју Анон ја шират и теоријата за адренохром, и тврдат дека претседателот Трамп води тајна војна против елитните педофили кои го обожуваат сатаната, а потекнуваат од владата, бизнисот и медиумите. Оваа теорија на заговор тврди дека политичарите од „длабоката држава" и холивудската елита се вклучени во голема мрежа за киднапирање деца, која го собира хемиското соединение адренохром од сексуално злоупотребувани деца подложени на сатанистички ритуали. Ниту една научна студија, клиничко испитување или официјална здравствена агенција не го поврзува адренохромот со подмладувањето. Нема докази дека оваа супстанца се користи за подмладување, ниту пак, дека има халуциноген ефект. Иако никогаш со докази не е потврдено дека постои некаква пракса да се екстрахира адренохром од деца, сепак наративот не престанува да циркулира на социјалните мрежи.

## Кемтрејлс

Една од најтрајните и најопсежните теории на заговор се врти околу кемтрејлс, белите траги кои ги оставаат авионите, за кои често се тврди дека се хемиски или биолошки агенси, намерно испрскани од авиони. Поддржувачите сугерираат дека овие патеки се дел од тајните владини програми за контрола на времето, труење на населението или дури и манипулирање со човечкото однесување. И топлотниот бран во текот на летните периоди беше поврзуван со таканареченото „прскање од авионите".

Вистината е дека белите траги кои авионите ги оставаат зад себе се создаваат кога водената пареа и ситните честички изгорено млазно гориво на авионите се замрзнуваат во кристали од мраз. При ниска влажност на воздухот, кристалите само се распаѓаат. При поголема влажност тие опстојуваат и на крајот создаваат видлива трага на големи површини на небото. Не сите авиони оставаат бели траги – се проценува дека ова се случува на само околу 18 отсто од летовите. Воздухот треба да биде доволно студен за водата да замрзне, поради што тие обично се појавуваат само над одредени надморски височини – обично над 6 километри висина.

За да докаже дека оваа теорија на заговор е неточна и ги измамува луѓето, Форбс објави студија, според која 76 хемичари и научници од Универзитетот Ирвин, Калифорнија, потврдиле дека никогаш не нашле докази оти постојат големи програми за хемиско прскање од авиони, со цел да се наштети на здравјето на граѓаните и со цел да се влијае на атмосферата.

## Негирање на климатските промени

Негирањето на климатските промени е постојана теорија на заговор која фрла сомнеж врз консензусот на научната заедница во врска со климатски промени и нивните страшни последици.

Ширењето на дезинформации и теории на заговор околу климатските промени ги попречува глобалните напори за решавање на едно од најитните прашања на нашето време. Се шират неосновани тврдења дека климатските промени се измама или дека се дел од голем план за контрола на светот.

Во реалноста голем број научни истражувања ја поддржуваат идејата дека човечките активности, првенствено согорувањето на фосилните горива, значително придонесуваат за глобалното затоплување. Покрај тоа, повеќето од водечките научни организации ширум светот објавија јавни изјави со кои ја поддржуваат оваа позиција. Дури 97 проценти од климатските научници ширум светот се согласуваат дека климатските промени се реални и водени од човековата активност. Во научниот свет тоа е консензус.

## 5Г

Теоријата на заговор 5Г тврди дека воведувањето на безжичната технологија од петтата генерација е штетно за здравјето на луѓето и е потенцијална алатка за надзор на владите. Се споделуваат објави во кои се тврди дека 5Г е оружје за масовно уништување, но научната јавност е категорична дека 5Г технологијата ќе се користи за подобрување на комуникацијата во воените комуникации, но не како оружје за масовно убивање. Експертите велат дека е бесмислено да се шират застрашувачки гласини дека 5Г се користи како оружје од војската.

На Фејсбук се споделуваат и објави кои тврдат дека 5Г антените се маскираат во кактуси што потврдува дека тие се штетни. Но, вистината е дека камуфлирањето на овие антени се прави пред сè поради естетски изглед и за подобра радиофреквентност, за да не се трпат штети од временските прилики кои би можеле да предизвикаат прекини во емитувањето на радиобрановите.

На социјалните мрежи се појави и објава во која се вели дека рускиот претседател **Владимир Путин** ги забранил 5Г кулите и дека Русија ќе ги уништува. Но, како поткрепа не е понуден ниту еден кредибилен доказ. Напротив, според информации објавени на веб-страниците на Владата на Русија и на руското Министерство за дигитален развој, комуникација и масовни медиуми, во земјата постојат активни програми со цел да се зголеми опфатот на 5Г мрежата.

Се споделуваше и измислица дека 5Г може да активира патогени кои ги има во ковид вакцините и да предизвика болести во телата на вакцинираните. Во февруари 2020 година и Светската здравствена организација (СЗО) соопшти дека не е откриено влијание на оваа мрежа врз јавното здравје. Мобилната 5Г мрежа никако не влијае ниту на вируси, ниту на бактерии и не може да шири болести.

Технологијата 5Г работи во рамките на утврдените безбедносни упатства, а бројни студии не пронајдоа убедливи докази што ја поврзуваат со негативни здравствени ефекти. Тврдењата за кулите 5Г кои наводно предизвикуваат ковид-19 или се користат за контрола на умот, се широко дебанкирани.

## ХААРП и контрола на времето

Високофреквентната програма за истражување на поларната светлина (ХААРП) е заеднички проект од различни партнери: индустријата, американското Министерство за одбрана и бројни универзитети ширум САД. Научниците направија лабораторија во Гакони, Аљаска, и инсталираа 180 високофреквентни антени, кои заедно можат да емитираат 3.600 киловати радиобранови на фреквенциите од 2.8 до 10 мегахерци (високфреквентен ранг), што им овозможува на особено чувствителните инструменти да ги измерат физичките процеси кои се одвиваат во тој појас.

Но, за теоретичарите на заговор тоа е таен владин проект чија цел е контрола на времето, предизвикување природни катастрофи и манипулирање со умовите.

Некои теоретичари на заговор обвинија дека ХААРП е виновен за климатските промени, како и за појавата на земјотреси и урагани. Се тврдеше и дека невремето на почетокот на август во земјава, како и силното невреме кое ја погоди Словенија во јули, се резултат на ХААРП. Овие тврдења не се поткрепени со научни докази и нашироко се дебанкирани. Како што веќе напоменавме, климатските промени се реални. Не е точно тврдењето дека тие се резултат на ХААРП и дека антените можат да влијаат врз промените на климата, дека предизвикуваат земјотреси или промени во расположението кај луѓето.

Радиопреносите од ХААРП предизвикуваат само мали ефекти во јоносферата кои траат краткотрајно, неколку секунди. Нема докази дека ХААРП може да предизвика природни катастрофи или да влијае врз човековите движења и мисли.

## Бил Гејтс и Клаус Шваб мета на теории на заговор

Две истакнати личности кои биле предмет на бројни неосновани теории на заговор се **Бил Гејтс и Клаус Шваб.**

**Бил Гејтс**, коосновачот на Мајкрософт и истакнат филантроп, стана цел на теории на заговор кои тврдат дека тој користи вакцини за вградување микрочипови кај луѓето и за да го контролира населението.

Друга теорија на заговор се врти околу идејата дека Гејтс сака да го депопулира светот преку програми за вакцинација. Во реалноста, напорите на Гејтс во јавното здравство се насочени кон спасување животи и кон подобрување на условите за живот во сиромашните региони.

Невистинито се споделуваше и дека Гејтс преку комарци ќе го боцка населението со отрови и вируси, како што го правел тоа со мРНА вакцините за време на ковид пандемијата. Иако Фондацијата Гејтс обезбедува финансирање и поддршка за борба против маларијата, таа не финансирала никакви активности што вклучуваат ослободување од комарци во САД или на кое било друго место на светот. Фондацијата ја поддржала биотехнолошката компанија „Окситек“, која ослободува модифицирани комарци во Флорида како дел од иницијативата за контрола на болеста, но портпаролот на компанијата изјавил дека нејзината работа во САД не е финансирана од Фондацијата Гејтс.

Се манипулираше и дека Гејтс заговара геноцид, дека сака глобална пандемија и затворска држава. Овие тврдења произлегоа од негова колумна во Њујорк Тајмс, но тој во излагањето всушност зборува за идејата да се формираат стручни тимови во секоја држава кои брзо ќе знаат да одговорат на предизвикот доколку се случи нова пандемија

**Клаус Шваб**, основачот и извршен претседател на Светскиот економски форум (СЕФ), е уште една личност која е цел на теории на заговор. СЕФ е познат по своите годишни состаноци во Давос, Швајцарија, каде што глобалните лидери се собираат за да разговараат за итни глобални прашања. Според теориите на заговор Шваб и СЕФ се дел од таинственото глобално планирање за воспоставување на Нов светски поредок.

Се тврдеше и дека Шваб им наредил на владите во светот да ги апсат сите што читале „лажни вести", и да ги забранат независните медиуми. Иако на страницата на Светскиот економски форум се споделени неколку препораки за справување со дезинформациите, Шваб нема никакви овластувања, ниту правна ниту политичка моќ да им „наредува" на владите од цел свет што да прават. Ова е класична дезинформација.

Потоа, цитирајќи негова наводна книга, тој беше претставен како монструм кој има план да ликвидира 4 милијарди луѓе, што е исто така неточно, бидејќи тој не е авторот на книга со таков наслов.

На социјалните мрежи се појави и тврдење дека Светскиот економски форум сака да забрани природно зачнување, односно дека сите бебиња мора да бидат одгледувани во лабораторија. Но, вистината е дека Светскиот економски форум нема никакви овластувања да забранува природно зачнување, ниту пак на нивната агенда се наоѓа таква небулозна цел.

Теориите на заговор како. Кју Анон, 5Г, ХААРП, кемтрејлс и слични имаат потенцијал да ја нарушат довербата на јавноста во науката, ја поткопуваат довербата во институциите, може да ги нарушат јавните политики, поттикнуваат страв кај јавноста и во некои случаи доведуваат до реални штети.

Од клучно значење е да бидеме внимателни и критички да ги оценуваме информациите со кои се среќаваме, барајќи веродостојни извори и потпирајќи се на експертски консензус. Со разбирање на основите на овие теории на заговор и фактите што ги разоткриваат, можеме да поттикнеме општество кое го цени критичкото размислување засновано на докази.

# Не постои ЕУ агенда за уништување на традиционалното производство на храна

**Екипа на Вистиномер**, 24 август 2023

**Во објавата на Фејсбук не е споделен целиот текст и не може да се види дека станува збор за евтаназија на свињи во Хрватска поради исклучително заразната болест африканска чума, а не за постоење на некаков глобален план за уништување на традиционалното производство на храна и префрлање на синтетичко. Нема светски заговор за уништување на земјоделството, односно целта на Европската комисија е во наредните 10 години 25 проценти од земјоделството да биде искористено за органското производство. До 2030 година ЕУ мора да има воспоставено регулаторни инструменти кои ќе ги намалат емисиите на стакленички гасови од земјоделството, ќе ја зголемат отпорноста на земјоделското производство, ќе ја подобрат биолошката разновидност во руралните области и ќе придонесат за обезбедување на здрава храна за растечката светска популација**

Чести се дезинформациите кои се шират на социјалните мрежи дека во ЕУ во тек е глобален план за уништување на традиционалното производство на храна и префрлање на синтетичко. Во однос на оваа теза која се шири во јавноста, рецензираме објава на социјалната мрежа Фејсбук во која се вели:

> **Хрватска е во ЕУ, чинам 10 години.**
>
> **Значи имате пример!**
>
> **Во ЕУ е во тек глобалниот план за уништување на традиционалното производство на храна и префрлање на синтетичко.**
>
> **Во меѓувреме во колонија аспирант за ЕУ, види десно слика.**



**Фото:** pixabay.com

Како поткрепа на ова се споделува и фотографија, односно наслов од текст во кој се зборува за евтаназија на свињи во Славонија.

Но, со оглед на тоа што не е споделен целиот текст, не може да се види дека станува збор за евтаназија на свињи во Хрватска поради болест – африканска чума, а не поради постоење некаков глобален план за уништување на традиционалното производство на храна и префрлање на синтетичко.

Во текстот од хрватскиот медиум се вели дека откако хрватскиот Ветеринарен институт потврдил присуство на африканска чума кај свињите на подрачјето на две жупании, за два месеца на фармите се случила катастрофа, односно со банкрот се соочуваат 444 земјоделски семејни фарми кои најмалку една година не смеат да набавуваат и да чуваат свињи, а закрепнувањето на свињарството може да потрае и до пет години. Според податоците на хрватското Министерство за земјоделство, африканска чума е потврдена во три објекти во Бродско – посавска жупанија и во 441 објект во Вуковарско-сремската жупанија. Се додава дека досега се усмртени 8.796 свињи. Сите усмртени свињи се наоѓале во објекти во кои со лабораториска анализа било утврдено присуство на африканска чума кај свињите. Болеста била потврдена и кај четири диви свињи. Фактот што болеста успеала да се ограничи само на две жупании во Хрватска се смета за добра реакција на надлежните служби.

Сепак, луѓето се соочуваат со големи финансиски проблеми, зашто одгледувачите на свињи во овие две жупании речиси два месеца имаат забрана за продажба на свињи, свинско месо и производи од свинско месо, освен ако не ги продадат во кланици. Но, тоа во пракса не се случува, бидејќи кланиците ги земаат свињите од фармите кои работат во рамките на нивните корпорации.

> **Ова сега станува огромен проблем. Свињите кои пред два месеца тежеа 140 кг, сега се над 200 кг и во моментот никому не му требаат, бидејќи месната индустрија нема да преземе ништо потешко од 140 килограми, вели Антун Голубовиќ,** *одгледувач на свињи од Ѓурич (Славонија) и претседател на Одборот за одгледување свињи на Хрватската земјоделска комора (ХПК).*

Тој сега практично останал без работа бидејќи 65 проценти од приходот му бил од свињите.

> **Сега ми останува да плаќам даноци и придонеси, ама луѓето како мене може слободно да прогласат стечај. Најголем проблем е што останав без расплоден материјал, без генетиката на која работев 20 години и која е сега изгубена. Сега во овој момент да престане заразата и некој да ми донесе свињи, да почнам од почеток, би ми требале најмалку три до четири години за да можам да бидам таму каде што сум бил до 3 август (пред заразата н.з.), плус уште една година забрана, значи пет години. Имам 47 години и најверојатно ќе се одлучам за таков чекор, ама постарите луѓе нема,** *вели Голубовиќ.*

Наспроти она што манипулативната објава на Фејсбук сака да го прикаже, вистината е дека во Хрватска, држава членка на Европската Унија, Министерството за земјоделство објави дека има африканска чума кај свињите, а хрватската Ветеринарна комора упати апел да се почитува превенцијата и сите наложени владини мерки за да се спречи ширењето на болеста. Треба да се напомене и дека хрватската влада има Програма за обесштетување и помош на домаќинствата кои поради оваа болест биле принудени да ги изгубат своите домашни животни – свињите.

Африканска чума е многу заразно вирусно заболување кај домашните и дивите свињи кај сите старосни категории. Вирусот се излачува преку крв, ткива, секрет и екскрет од болни или угинати животни. Болеста се пренесува и шири со: директен контакт помеѓу здраво и болно животно, трупови од угинати животни; индиректно се пренесува преку заразена храна и отпадоци од хра-

на, опрема, возила и облека; биолошки пренос од вектори- мек крлеж од родот Ornithodoros. Оваа болест не е опасна по здравјето на луѓето, ама е многу смртоносна кај овие животни и не се лекува.

Контролата на болестите кај свињите се спроведува на три нивоа: превенција, рано откривање и брза реакција. Превенцијата кај животните може да биде директна или индиректна. Директната превенција опфаќа спроведување на биосигурносни мерки од одгледувачите на животни на фармите со цел да се спречи појавата на болеста и да се одржува здравствениот статус на животните на задоволително ниво.

Биосигурносните мерки на одгледувалиштето се делат на надворешни биосигурносни мерки, кои се однесуваат на активности и мерки за да се спречи влез на инфективен агенс или причинител на болести на одгледувалиштето (bio-exclusion) и внатрешни биосигурносни мерки, кои опфаќаат мерки и активности за да се спречи ширење на инфективниот агенс или болеста на одгледувалиштето каде се појавила како и ширење на други одгледувалишта (bio-containment). На сите одгледувалишта на свињи треба да се спроведат основните принципи за биосигурност, а тоа се: сегрегација или изолирање, чистење и дезинфекција. На оние фарми каде е утврдено присуство на африканска чума, нивните свињи се евтаназираат без економско искористување на животните.

Во врска со делот од објавата во кој се вели дека во ЕУ е во тек глобален план за уништување на традиционалното производство на храна, има многу аргументи кои покажуваат дека ова е невистина и дека не се работи за никаква агенда или светски заговор.

На пример, целта на Европската комисија е во наредните 10 години, 25 проценти од земјоделството да биде искористено за органското производство.

Еврокомесарот задолжен за земјоделство, **Януш Војчеховски,** вели дека органското земјоделство ќе стане приоритет за Европската комисија.

> **Органското земјоделство ќе биде клучен сојузник во транзицијата што ја водиме кон поодржлив прехранбен систем и подобра заштита на органскиот сектор. Комисијата ќе продолжи да го поддржува органскиот сектор во целта – 25 отсто од земјиштето да биде искористено за органско производство до 2030 година преку соодветни политики и законска рамка,** *изјави Војчеховски.*

Ваквиот вид на земјоделство, односно органското производство, користи природни супстанци и има помалку штетен ефект врз животната средина. Земјоделците што работат органско производство користат повеќе обновливи ресурси и внимаваат да биде заштитен еколошкиот биодиверзитет преку, на пример, одговорна употреба на водата. Органското земјоделство налага и построга заштита на животните и нивните потреби.

До 2030 година, ЕУ мора да има воспоставено регулаторни инструменти кои ќе ги намалат емисиите на стакленички гасови од земјоделството, ќе ја зголемат отпорноста на земјоделското производство, ќе ја подобрат биолошката разновидност во руралните области и ќе придонесат за обезбедување на здрава храна за растечката светска популација.

ЕУ, исто така, цели да се искорени сиромаштијата, да се обезбеди достојна работа и економски раст, одговорно производство и консумација.

На втората фотографија споделена во оваа објава на Фејсбук се прикажува политичка порака со која се промовираат европските фондови за земјоделството кои во државата се успешна приказна.

Поради сите горенаведени факти, оценуваме дека во објавата што ја рецензираме се пропушта контекстот. Во ЕУ не е во тек глобален план за уништување на традиционалното производство на храна, плановите се храната во иднина не да биде синтетичка, туку органска.

# ХААРП ниту е, ниту пак може да биде виновен за климатските промени

**Екипа на Вистиномер**, 11 јули 2023

**Дури 97 проценти од климатските научници ширум светот се согласуваат дека климатските промени се реални и водени од човековата активност. Во научниот свет тоа е консензус. ХААРП, е високо фреквентна активна истражувачка програма на поларната светлина, но теоретичарите на заговор велат дека ХААРП е дизајниран да произведува земјотреси и други природни катастрофи, како и промена на временските услови. Сепак, научниците и метеоролозите велат дека ХААРП не може да го промени времето, а не пак да предизвика земјотреси**

Дека климатските промени не постојат, туку дека за тоа е виновен „озлогласениот" ХААРП е честа дезинформација која се шири на социјалните мрежи. Еден од таквите примери е и објава на социјалната мрежа Фејсбук во која се тврди токму тоа - дека нема природни, туку само вештачки промени предизвикани од ХААРП. Ова е не точно. Климатските промени се научна докажана појава, а „озогласениот" ХААРП е една од најраспространетите теории на заговор во изминатите неколку години, кои често можат да се најдат на социјалните мрежи.

> **КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ???**
> **НЕМА ПРИРОДНИ КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ТУКУ ВЕШТАЧКИ ПРОМЕНИ !!!**
> **ХАРПОТ ТРЕБА ДА СЕ УНИШТИ !!!**, *пишува во постот.*

Фејсбук објавата, која е предмет на оваа рецензија, ги манипулира корисниците на социјалните мрежи дека не постојат климатски промени, односно дека нема природни промени, туку дека тие се вештачки креирани. Според објавата, ХААРП е виновен за промените коишто ги чувствуваме.



**Фото:** Pixabay

## Климатските промени се реалност

Дури 97 проценти од климатските научници ширум светот се согласуваат дека климатските промени се реални и водени од човековата активност. Во научниот свет тоа е консензус.

Научни докази покажуваат дека човечките активности (првенствено човечкото согорување на фосилни горива) ја загреале површината на Земјата и нејзините океански басени, што пак, продолжува да влијае врз климата на Земјата. Оттаму, според повеќекратните студии објавени во релевантни научни списанија, трендовите на затоплување на климата во изминатиот век се исклучително веројатни поради човечките активности. Покрај тоа, повеќето од водечките научни организации ширум светот објавија изјави со кои ја поддржуваат оваа позиција.

Глобалното затоплување предизвикува зголемување на просечната температура на површината на Земјата. Ова не само што ги зголемува веројатните топлотни бранови и суши, туку, исто така, предизвикува промени во нашите природни климатски системи. Овие промени ги прават екстремните временски настани поверојатни и посериозни. На пример, ураганите и бурите стануваат поинтензивни, се движат побавно и им треба подолго време за да стивнат.

Овој тренд е дел од климатските промени, кои многу луѓе го сметаат за синоним за глобалното затоплување. Научниците претпочитаат да го користат терминот „климатски промени“, кога ги опишуваат сложените промени кои сега влијаат врз временските и климатските системи на нашата планета. Климатските промени опфаќаат не само зголемување на просечните температури, туку и екстремни временски настани, поместување на популациите и живеалиштата на дивиот свет, пораст на морињата и низа други влијанија.

ХААРП, од друга страна, ниту е, ниту може да биде виновен за климатските промени.

ХААРП е високо фреквентна активна истражувачка програма на поларната светлина кој е заеднички проект од различни партнери: индустријата, американското Министерство за одбрана и бројни универзитети ширум САД. Научниците направија лабораторија во Гакони, Аљаска, и инсталираа 180 високофреквентни антени, кои заедно можат да емитираат 3.600 киловати радио бранови на фреквенциите од 2.8 до 10 мегахерци (високфреквентен ранг), што им овозможува на особено чувствителните инструменти да ги измерат физичките процеси кои се одвиваат во тој појас.

Работата на истражувачкиот објект беше префрлена од Воздухопловните сили на САД на Универзитетот во Аљаска, Фербенкс, на 11 август 2015 година, дозволувајќи му на ХААРП да продолжи со истражување на јоносферската феноменологија преку договор за соработка за истражување и развој за користење на земјиштето.

Поради вградени нови технологии, САД овие антени ги употребуваат и во комуникациите и во особено длабоките делови од морињата или земјата. Но, **не е точно** тврдењето дека овие антени можат да влијаат врз промените на климата, дека предизвикуваат земјотреси или промени во расположението кај луѓето.

На официјалната веб-страница на проектот се вели дека „ги проучува својствата и однесувањето на јоносферата“:

> **Јоносферата се протега на околу 50 до 400 милји над површината на Земјата, точно на работ на вселената. Заедно со неутралната горна атмосфера, јоносферата ја формира границата помеѓу долната атмосфера на Земјата – каде што живееме и дишеме – и вакуумот во вселената.**

Теоретичарите на заговор велат дека ХААРП е дизајниран да произведува земјотреси и други природни катастрофи, како и промена на временските услови. Сепак, научниците и метеоролозите велат дека ХААРП не може да го промени времето, а не пак да предизвика земјотреси.

Радио преносите од ХААРП предизвикуваат само мали ефекти во јоносферата кои траат краткотрајно, неколку секунди. Нема докази дека ХААРП може да предизвика природни катастрофи или да влијае врз човековите движења и мисли.

Иако теоријата на заговор дека „климатските промени не постојат“ е заснована на дезинформации и постојат докази кои го побиваат оваа тврдење, сепак, во неа веруваат речиси половина од граѓаните. Истражувањето на „Институт за демократија“ од ноември 2021 година покажа дека 46 отсто од граѓаните веруваат дека климата се контролира со сателити и радари (ХААРП), а 29 отсто мислат дека климатските промени се измислица.

Од сите наведени факти заклучуваме оти *дезинформација* е тврдењето дека климатските промени не постојат, дека се вештачки и дека за тоа е виновен ХААРП.

# Исчезнувањето на белите траги зад авионите не е доказ за „кемтрејлс“

**Екипа на Вистиномер**, 05 јули 2023

**Белите траги зад авионите, кои теоретичарите на заговори ги нарекуваат „кемтрејлс“, се создаваат кога водената пареа и ситни честички изгорено млазно гориво од авионите се замрзнуваат во кристали од мраз. Исчезнувањето на белите траги зад авионот е последица на промена на условите потребни за создавање на кондензација, а не доказ дека авионот наменски испушта „кемтрејлс“ и дека баш во тој момент пилотот го исклучил системот. Теоријата на заговор дека ваквите траги се, всушност, наменско и планско запрашување со отрови и тешки метали се повеќепати разобличени, но, сепак, се повторуваат по социјалните мрежи**

Како дел од широко распространетата теорија на заговор со која се тврди дека белите траги што ги оставаат авионите, познати како „кемтрејлс“ се отровни и опасни е и објава на Фејсбук што е предмет на рецензија, а во кој е споделено и видео. На видеото се гледа како белите траги зад авионот во еден момент запираат, момент што авторот го користи за да ја поткрепи својата теорија дека од авионот наменски се испуштаат отровни хемикалии.

Тврдењето дека исчезнувањето на белите траги зад авионот претставува доказ за „планско запрашување“ е дезинформација, како поткрепа на теоријата на заговор која се повторува повеќе од 20 години. Не станува збор за исклучување на системот за „кемтрејлс“, туку за промена на условите во воздухот, дали поради намалување на брзината, промена на висината на авионот, премин на авионот од тропосферата во стратосферата или обратно.



**Фото:** Photo by Joachim Süß on Unsplash

Авторот на објавата ги повикува оние кои тврдат дека трагите од авионите се траги од кондензација, да изнесат научни аргументи за оваа појава:

> **ХУ, па неХУ, како вака бе стручњаци ???**
>
> **Овие што тврдат дека трагите од авоините, плус Вистиномер, Факчекерс...се траги моторите (од кондензација) на авионите, ќе ги замолам да изнесат научни аргументи за авионов, се расипал ли, му цркнал ли кондензаторот, или му снемало ХУ...а Вистиномер ???**

Теоријата за постоењето на „кемтрејлс“ и „планско запрашување“ со отровни и тешки метали се повторува постојано, иако е многупати демантирана од научните докази. Белите траги кои авионите ги оставаат зад себе се создаваат кога водената пареа и ситните честички изгорено млазно гориво на авионите се замрзнуваат во кристали од мраз. При ниска влажност на воздухот, кристалите само се распаѓаат. Тие опстојуваат при поголема влажност и на крајот создаваат видлива трага на големи површини на небото.

За нивното формирање се потребни три елементи: водена пареа, студен воздух и честички на кои може да се кондензира водената пареа. Водената пареа се произведува од авионот додека водородот во неговото гориво реагира со кислородот во воздухот. Не сите авиони оставаат бели траги – се проценува дека ова се случува на само околу 18 отсто од летовите. Воздухот треба да биде доволно студен за водата да замрзне, поради што тие обично се појавуваат само над одредени надморски височини – обично над 6 километри висина.

Токму промената во условите околу авионот е и причината за наглото исчезнување на белите траги зад авионот, кои се потенцирани во видеото. Доколку авионот ја промени висината, премине од еден во друг слој од атмосферата или ја намали брзината, при што се намалува или запира испуштањето на остатоците од изгореното млазно гориво, тогаш не постојат услови за создавање на бели траги.

Како што многупати досега пишуваше „Вистиномер“, овие траги коишто сите ги гледаме на небото, не се резултат на некоја скриена агенда за запрашување на населението со отрови. Впрочем, ваквите траги од авионите ги има во воздушниот простор на сите земји, не само кај нас.

„Кемтрејлс“ е, всушност, теорија на заговор стара повеќе од две децении. Оваа невистинита и заснована на дезинформации теорија, го претставува верувањето дека вообичаените траги од кондензација што ги создаваат авионите во воздухот се „хемиски патеки“, составени од хемиски или биолошки агенси. Поддржувачите на оваа теорија се убедени дека различни влади се обидуваат негативно да влијаат на климата или на човековото здравје со тоа што прскаат токсични хемикалии, со цел да предизвикаат намалување на бројот на жители на планетата.

Оние кои веруваат во оваа теорија на заговор сметаат дека штом патеката од авионите е подолго време видлива, таа мора да содржи некакви опасни супстанци. Според ваквите верувања, вообичаената трага од авионите треба бргу да се распрсне, па оттаму, облаците кои не исчезнуваат мора да бидат полни со дополнителни, неоткриени супстанци, односно некакви отрови.

За да докаже дека оваа теорија на заговор е неточна и ги измамува луѓето, Форбс објави студија, според која 76 хемичари и научници од Универзитетот Ирвин, Калифорнија, изјавиле дека никогаш не дошле до докази оти постојат големи програми за хемиско прскање од авиони, со цел да се наштети на здравјето на граѓаните и со цел да се влијае на атмосферата.

Според ова истражување, причината поради која трагите од авионите остануваат видливи е затоа што тие **летаат на поголеми височини отколку порано, што резултира со кондензациски траги, кои траат подолго време.** Тоа што трагите од авионите се вкрстуваат е само и единствено доказ дека има зголемена фреквентност на авиосообраќајот, што е и примарна причина зошто некои од нив мораат да летаат и на поголеми височини.

Од изнесените податоци за тоа како се креираат белите траги од  авионите и кои услови се потребни за нивно создавање, јасно се заклучува дека видеото споделено на Фејсбук е дезинформација со цел да се креира страв, паника и несигурност.

# 6. Штетни странски влијанија и пропаганда

Интернетот воопшто, а социјалните мрежи особено станаа главниот лост за ширење на авторитарни пропаганди и други штетни странски влијанија не само кај нас, туку и ширум светот. Леснотијата со која може да се стигне до значителна публика во странство, без потреба од скапи патувања и други трошоци, е првиот избор на сите оние кои сакаат да ги посеат или прошират сопствените пропагандни наративи во соседството, но и ширум светот ако станува збор за големи држави со глобални интереси.

За жал, покрај многу позитивни последици што ги донесе глобалната комуникациска мрежа преку драматичното олеснување на комуникациите од областа на бизнисот, науката, образованието и друго, таа им даде оружје в рака на сите оние кои сакаат да шират или да продлабочуваат веќе постоечки поделби во други земји, чии политики не се во согласност со нивните интереси или, почесто, во согласност со недемократските и авторитарни елити во земјата која ја шири таквата пропаганда. Истовремено тие се моќна алатка за предизвикување страв кај странските популации, како и провоцирање чувства какви што се: бес, безизлез и бесперспективност, односно деморализираност. Па дури може и да поттикнат агресивно и деструктивно однесување, ширејќи говор на омраза, повици на насилство, дезинформации, манипулации, клевети, навреди, односно карактерни атентати кон своите непријатели и слично.

# Социјалните мрежи и медиуми – лост за ширење на авторитарни пропаганди

Пишува: **Горан Лефков**, 02 мај 2023

**Руската пропаганда користи различни форми на социјални медиуми и канали за ширење на својата пропаганда. Води војна во Украина, но води и хибридна војна со многу повеќе земји. Северна Македонија и Балканот се мета на оваа пропаганда**

Социјалните мрежи се најсилното оружје на руската пропаганда. Лаги, манипулации, извртувања на вистината. Тоа е рецептот со кој режимот на Путин го „бомбардира“ демократскиот свет. Со започнувањето на војната во Украина, Европската Унија ги забрани руските канали од каде се шреше руската пропаганда, како „Раша Тудеј“, „Спутник“ и останатите телевизии и медиуми. Тогаш започна да се зголемува руската пропаганда преку средствата за комуникација на социјалните мрежи.

Главниот таргет на руската пропаганда денес е социјалната мрежа Фејсбук, бидејќи за разлика од традиционалните на Фејсбук нема ригорозна контрола на таа пропаганда. Сè може да се објави, вели **Горан Георгие**в, истражувач во Центарот за истражување на демократијата, од Софија.

> **Друга причина зошто се оди на Фејсбук е дека руската пропаганда таму е многу поефикасна, за разлика од традиционалните медиуми каде има и друга содржина и руските пропагатори не се сигурни дали пораката ќе стигне до корисниците за кои е наменета,** *вели Георѓиев.*



**Извор на фотографија: Artur Janas from Pixabay**

Во Центарот работат на истражување за активностите на руските амбасади на Балканот, вклучувајќи ја и руската мисија во Скопје. Вистиномер веќе објави за активностите на социјалните мрежи на оваа амбасада.

Русија и нејзините сојузници прават сè за да овозможат нивниот став да преовладува на социјалните мрежи.

Заради нивните активности, Мета – сопственикот на социјалната мрежа Фејсбук, мораше да го раскине договорот за модерација на коментарите на Фејсбук со канадската компанија Телас, со клонови во повеќе балкански земји.

Имаше истражување на Би-Би-Си за модерацијата на персиски јазик која се случувала во Есен во Германија, каде во оваа компанија имало луѓе кои се компромитирани и обучени од иранските тајни служби.

Истото се случува и во нашиот регион. Во Телас работеле Бугари кои ги модерирале содржините и на бугарски и на руски јазик на Фејсбук. Тие ги блокирале профилите на луѓе кои ја критикувале Русија, иако тоа е критика која не ги нарушува правилата за користење на Фејсбук. Тие ги бришеле критички настроените коментари, а ги оставаат да се шират руските дезинформации.

## Интернет просторот податлив за пропаганда

Падот на традиционалните медиуми, кризата на финансирањето на весниците и телевизиите доведе до една клучна пресвртница, посебно преку информирањето на младите. Иако, телевизијата, со приближни 75 отсто сè уште е прв медиум за информирање во земјата, важно е да се напомене дека нешто повеќе од 50 отсто од корисниците на интернет, исто така, го користат за информирање и за читање вести.

Овие трендови беа и тоа како употребени од тоталитарните режими, како Русија и Кина, за проширување на своето влијание во балканските земји.

Од истражувањата на СКУП Македонија, произлезе дека за разлика од пред 10-тина години кога големи руски тајкуни купуваа цели телевизии, како што беше случајот со Телевизија „Алфа“ во Бугарија, на претседателот на партијата Атака, **Волен Сидеров,** сега трендовите се селат на интернет.

Според истражувањето на Институтот за глобални анализи од Софија, руското влијание најмногу се шири преку порталите на српски јазик „Спутник“ и „Информер“.

> **Способноста на Кремљ да навлезе во информативните екосистеми на државите на Југоисточна Европа зависи од обемноста на „локалната инфраструктура“ на сајтовите и профилите кои ги поддржуваат политиките на Кремљ,** *се наведува во публикацијата на Институтот за глобални анализи од Софија, објавена во декември минатата година.*

Потврда за ваквиот пристап пристигна од **Христо Грозев,** еден од основачите на светски познатата мрежа на истражувачки новинари Белингкет, кој живееше во Виена, но сега е преселен на безбедна локација и со зголемена заштита, заради опасноста по неговата лична безбедност. Тој годинава објави имиња на лица во Бугарија и Источна Европа кои биле плаќани да шират руска пропаганда. Директно беше споменато и името на делчевецот, **Дарко Тодоровски**, по што тој изјави дека анализите се лично негови како докторанд во Русија.

Во јуни минатата година, **Лена Бориславова,** шефицата на кабинетот на поранешниот бугарски премиер **Кирил Петков**, изјави дека има долга листа на јавни личности, политичари, новинари и професори кои биле плаќани од руските служби.

## Онлајн просторот како моќна алатка за дезинформации

Социјалните мрежи заземаат сè поголема и поголема улога во информирањето на граѓаните. **„Нешто повеќе од 50 отсто од корисниците на интернет го користат за информирање и за читање вести“** се наведува во Извештајот на МИМ. Овој процент кај младите од 15 до 29 години оди и до 85 отсто.

Но, за разлика од традиционалните медиуми, социјалните мрежи се многу голема алатка во рацете на дезинформаторите. Ниската медиумска писменост на граѓаните во Северна Македонија е плодно тло за овие дезинформации.

Опасноста од дезинформациите и лажните вести се големи и за општества со многу поразвиена демократија и медиумска писменост. Примерот на групите од Велес при изборот на **Доналд Трамп** за претседател на САД, како и Брегзит, покажаа дека никој не е безбеден и имун на дезинформации во онлајн просторот.

Потребно е да се направат неколку чекори со кои ќе се овозможи повисока брана за овие дезинформации да продрат во онлајн просторот.

Според **Румена Филипова,** истражувач во Глобалниот центар за аналитика, регионот на Југоисточна Европа  е таргет на авторитарните режими во ширењето на дезинформациите.

> **Потребно е да има квалитетни новинарски стории кои ќе ги информираат граѓаните за опасностите во онлајн просторот, подобрување на мониторингот над сопственоста над медиумите и поголема транспарентност за потеклото на капиталот на овие сопственици, воспоставување на силна регионална мрежа за поддршка на истражувачкото новинарство и зголемувањето на медиумската писменост,** *вели Филипова.*

Веднаш по агресијата врз Украина, режимските структури во Москва регрутираа т.н. „сајбер војници“ кои имаа задача да се вклучуваат во Телеграм и Јутјуб канали и да ставаат коментари со кои ја оправдуваат агресијата врз Украина.

Според **Андреј Захаров**, истражувачки новинар од Русија, ова е веќе користен модел на окупација на сајбер просторот.

> **Уште во 2017 година ги открив т.н. фабрики на тролови, додека работев во РБК. Тие имаа за задача да креираат дезинформации што одат на линија на ставовите на Кремљ и да ги пласираат за поддршка на недемократските режими во светот. Така се случи да се фабрикуваат многу лаги и дезинформации на изборите во САД и за Брегзит,** *вели Захаров.*

Годинава РБК повторно објави дека режимот врши регрутации на таканаречени армии на сајбер војници.

## Опасноста на српските сајтови за Северна Македонија

Во најновото истражување на Бирото за општествени истражувања БИРОДИ, порталите на српски јазик „Спутник“ и „Информер“, се ударните тупаници на руската пропаганда во земјите на поранешна Југославија. Нивна поддршка се и руските енергетски компании кои работат во Србија, преку реклами и финансирање на постоечки српски медиуми.

Иако овие портали и медиуми излегуваат во Србија, сепак преку онлајн просторот тие се пренесуваат и во С. Македонија.

Скоро да нема Македонец што не разбира српски јазик. Содржината на проруските портали во Србија е лесно достапна за македонските читатели. Постарите генерации во училиште го изучуваа српско-хрватскиот јазик, исто така во тоа време мажите служеа воен рок во Југословенската народна армија и сето ова дополнително ги прави српските пропагандистички портали моќна алатка на руската пропаганда врз македонското население.

## Една од насловниците на „Информер“.




Фото: скриншот

„Вистиномер“, на почетокот на годината објави дека Северна Македонија беше споменувана на „Спутник“ за теми кои одеа на линија со ставовите на руската пропаганда.

Тие во 2022 година беа доста активни, промовирајќи ги руските позиции. Така, кога на „Информер“ ќе напишете „Северна Македонија“, се појавуваат повеќе од 30 текста само за поврзаноста на Северна Македонија и Русија. Одлуката на македонската влада да протера 5 руски дипломати во 2022 година беше користена за промовирање на руската страна во приказната. За подгревање на страстите користеа изјава од **Иван Стоиљковиќ**, пратеник во македонското Собрание од српската заедница, во која тој изјавува дека протерувањето на руските дипломати од С. Македонија е како да протерате Срби од Македонија.

Стоиљковиќ, многу често беше присутен со свои изјави и ставови во овие портали. Тој и двајца пратеници на Левица, беа единствените во македонското Собрание кои гласаа против усвојувањето на декларацијата за поддршка на Украина.

Исто така, во текстовите можат да се идентификуваат теми во кои се говори дека Северна Македонија ќе има проблеми со енергетиката и прехранбените производи. Истите наративи можат да се најдат и во руските медиуми, како „Раша тудеј“.

Присутни во проруските портали во Србија беа и заканите на руските официјални лица дека ќе забранат извоз на гас за Северна Македонија и Црна Гора, по забраната за прелет на авионот на Сергеј Лавров на овие земји.

## Медиумски влијанија на Турција и Кина во Северна Македонија

Турција традиционално е присутна помеѓу муслиманите на Балканот, а своето влијание го пренесува преку Турската национална телевизија и агенцијата Анадолу. Таа е присутна најмногу во Косово, Босна и Херцеговина, С. Македонија и дел во Албанија. Преку овие медиуми се форсира турската позиција во војната во Украина, како посредник помеѓу завојуваните страни.

Во делот на муслиманска пропаганда, покрај турските организации и канали на социјалните мрежи можат да се најдат и неколку невладини организации и канали кои ја шират пропагандата на екстремниот ислам во С. Македонија. Претежно кај Албанците и Македонците муслимани.

Кинеската пропаганда на голема врата во С. Македонија влегува преку инвестициите што ги имаат во инфраструктурни проекти, но забележани се и активности преку Кинескиот универзитет со седиште во Будимпешта. Во „Неделниот брифинг“ имаат многу слични ставови и пристап со руската пропаганда.

Иако оваа пропаганда е нова, сепак стартуваше прилично агресивно. Подиректен канал за влијание на кинеските информациски кампањи е Фејсбук и тоа страниците на кинеската амбасада во Скопје и на Институтот Конфучиј, кој е присутен на Фејсбук речиси од самото формирање во 2013 години, иако во почетокот имаше многу мал број објави во споредба со денес.

## Иновативни форми на пласирање на малигни влијанија

Последното нешто што го прават руските амбасади на социјалната мрежа Фејсбук е техника позната како црна пропаганда. Ова е техника на психолошка војна.

Тоа се координирани постови од руските тајни служби. Како функционира таа? Ќе објават скриншот од  веб-сајт кој за нас е познат како портал кој објавува руски дезинформации. Во текстот на тој скриншот ќе објават содржина како:

**„Ова е веб-сајт кој е создаден од Западот и тие кажуваат дека е на руските служби, а всушност не е, за да ние, властите на Русија, да изгледаме како лошите“,** *вели Георгиев.*

Чест извор на дезинформации во С. Македонија знае да биде и самиот Твитер профил на рускиот амбасадор во Скопје, **Сергеј Баздникин**. Ова директно укажува дека во војната со дезинформации е вклучена и официјалната руска администрација.

Се користат сите достапни методи и модели. Од постови на социјалните мрежи до организација на настани каде ќе се промовира „руската вистина“. Таквите тенденции се повторуваат скоро во секоја држава.

Во Бугарија тие организираат и настани дури и злоупотребуваа деца заради нивната пропаганда. Најсвеж пример е кога во Варна, (каде поддршката на Возраждане – проруска партија во Бугарија е најголема), се организираше настан на кој требаше да одржи говор руската амбасадорка **Елеонора Митрофанова**, а на учениците им беше кажано доколку не дојдат на настанот дека ќе им напишат неоправдани изостаноци од училиште. Планот беше овој настан да се споделува на социјалните мрежи, а говорот на Митрофанова требаше да ја содржи руската пропаганда.

Меѓу најновите истражувања на оваа тема е и она на **Метаморфозис** спроведено во периодот од ноември 2021 до април 2022 година. Заклучокот е дека дезинформациите засилено почнале да се шират веднаш штом избила војната во Украина, на 24 февруари 2022. Но, исто така и дека *„најголем број дезинформациски написи потекнуваат од социјалните мрежи – дури 152 од анализираните написи биле лични постови на „Фејсбук“, а само осум биле медиумски написи.“* Исто така, дезинформациите во најголема мера се базирале на медиумски написи во домашните или странските медиуми (дури 76 од сите дезинформациски написи), а потоа и на објави на социјалните мрежи (38 објави, од кои 19 на „Фејсбук“, а 14 на „Твитер“). Во помала мера дезинформациите се засновале и на објави на „Јутјуб“ (16), веб-страници (13), како и на други извори.

# Сообраќајни знаци на автопатот Миладиновци-Штип исчкртани со руски пропагандни симболи, одговорност нема

Од Јавното претпријатие за државни патишта упатуваат апел за разбирање за опасноста од нанесување графити на сообраќајната сигнализација и опремата на патот. Објаснуваат дека со ваквиот чин се менува содржината на сигнализацијата, со што возачите остануваат неинформирани за условите на патот, што пак може да доведе до сообраќајни незгоди со тешки последици и жртви

Пишува: **Бојан Блажевски**, 15 јуни 2023

Десетина сообраќајни знаци и опрема на автопатот Миладиновци-Штип се исчкртани со проруски пропагандни симболи. Симболот „Z“, со кој се глорифицира руската воена инвазија врз Украина и кој се најде испишан на воените возила со кои Русија ја нападна Украина, заедно со пароли од типот „Братска Русија“, од неодамна се испишани со спреј на сообраќајни знаци на автопатот, на потегот од патарината „Преод“ кај Свети Николе до влезот на Штип.

Мета.мк пред неколку дена го забележа вандалскиот чин, кој покрај тоа што шири туѓа пропаганда во земјава на многу евтин начин, претставува вистинска опасност за безбедноста во сообраќајот, бидејќи сообраќајните знаци треба да служат за информирање на возачите кои управуваат со своите возила.




Симболот на руската окупација врз Украина испишан на знаци на автопатот Миладиновци-Штип;
**Фото:** Мета.мк

Од Јавното претпријатие за државни патишта во изјава за Мета.мк упатуваат апел за разбирање на опасноста од нанесување графити на сообраќајната сигнализација и опремата на патот. Објаснуваат дека со ваквиот чин се менува содржината на сигнализацијата, со што возачите остануваат неинформирани за условите на патот, што пак може да доведе до сообраќајни незгоди со тешки последици и жртви.

Сепак, иако наплаќаат патарина од возачите за користење на автопатот Миладиновци-Штип, од Јавното претпријатие за државни патишта велат дека одговорноста за одржување на сообраќајните знаци не е во нивна надлежност.

„Јавното претпријатие за државни патишта одржувањето на државните патишта со договор го препушта на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта (Македонија-пат)", велат од ЈП за државни патишта.

Тие објаснуваат дека во Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2023 година, како дел од Договорот помеѓу двете јавни претпријатија, предвидена е прегледувачка и дежурна служба која ги детектира неправилностите на патот и потоа преку предвидените средства за одредена позиција, ги санира, како што треба да биде во случајов, отстранувањето на графитите од сообраќајните знаци.

„Нанесувањето на графити, независно од содржината, или оштетувањето на сигнализацијата на патот е незаконско согласно со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Јавното претпријатие за државни патишта нема надлежност ниту можност да ги открие сторителите на ваквите незаконски дејствија", ни одговорија од ЈП за државни патишта.

Мета.мк испрати прашања и до Јавното претпријатие за заштита и одржување на магистрални и регионални патишта – Македонија-пат, но до објавувањето на текстот не добивме одговори на прашањата за тоа дали го имаат забележано направениот вандализам со сообраќајните знаци, што ќе преземат за да ги отстранат ваквите графити од сообраќајните знаци и дали го имаат откриено сторителот на вандалскиот чин.

# Српскиот министер за одбрана со опасна пропаганда кон С. Македонија и Црна Гора

Во неговата распламтувачка пропаганда кон С. Македонија и Црна Гора, Вучевиќ вели дека е на мислење оти постои голема меѓународна поддршка за создавање на Голема Албанија, нагласувајќи дека тоа не е прашање само за Србија, туку и за нејзините соседи



**Извор на фотографија:**
Министерство за одбрана на Србија

С. Македонија и Црна Гора се огрешиле кон Србија со признавањето на независноста на Косово, нагласувајќи дека тој чин претставувал отворено мешање во внатрешните работи на една земја, изјави српскиот министер за одбрана и претседател на владејачката Српска напредна партија, Милош Вучевиќ, пренесува црногорскиот весник Побједа.

„Згрешивте и ќе ви се удри по глава, како што во Украина им се удира во глава на сите кои го промовираа Косово и Метохија како независна држава. Ја отворивте Пандорината кутија. Смешни се вашите бирократски одговори дека Косово е sui generis, дека е посебен случај. Ниту Албин Курти, ниту Тирана ви веруваат во тоа“, изјави Вучевиќ за српската телевизија Пинк.

Во неговата распламтувачка пропаганда кон С. Македонија и Црна Гора, Вучевиќ вели дека е на мислење оти постои голема меѓународна поддршка за создавање на Голема Албанија, нагласувајќи дека тоа не е прашање само за Србија, туку и за нејзините соседи.

„Дали нашите пријатели во Северна Македонија спијат мирно? Дали спиете мирно? Тие мислат дека се во НАТО Алијансата и дека си ги решиле проблемите... Ова е мантра и на Црна Гора и на Северна Македонија. Кога станаа членки на таа колективна безбедност, односно на НАТО Алијансата, мислат дека си ги решиле сите проблеми и дека веќе ништо не може да им се случи. Мора да погледнете она што е во историјата, да ги разберете малку другите околности и да разберете што се случува во нивниот двор. Ние не сакаме да ја водиме нивната политика, тоа е прашање за нив. Но, можеме да констатираме дека 25 проценти од Албанците имаат 50 проценти од власта во Северна Македонија. Ако е „ок“ за Македонците, „ок“ е и за нас, само очигледно ќе имате политика која нема да ја гледаат Македонија како своја земја“, вели Вучевиќ во изјава со која се меша во внатрешните прашања на С. Македонија.

Вучевиќ оценува дека постои сеалбански консензус за национално обединување и дека „наивните Срби мислат дека тоа не може да се случи и дека нема промени на границите“.

„Отсекогаш важела мантрата дека нема промени на границите, па тие се менувале. Не би спиел мирно, но тоа е прашање за Скопје, а Подгорица нека добро види што ќе прави. Гледам дека сега најголемото прашање за нив е дали српските партии, или на српската партија, или на коалицијата, смее да им се дозволи да дојдат на власт со, условно кажано, некои мали министерства. Во Северна Македонија, 25 отсто од Албанците имаат 50 отсто од владата, а во Црна Гора 30 отсто од Србите не можат да имаат две министерства или дури едно. Велат се мешаме во внатрешните работи. Вие ни се мешате во нашите внатрешни работи – го признавте Косово, има ли полошо, понепристојно и отворено мешање во внатрешните работи“, изјави српскиот министер за одбрана Вучевиќ.

# Потпалувачка пропаганда од Србија за уставните измени: „Стануваат ли Македонците малцинство во сопствената држава?“

Пишува: **Гоше Николов**, 27 август 2023

Пропагандата започната од Радио телевизија Србија ја пренесе и српскиот весник „Политика“, додавајќи свој провокаторски наслов на онлајн изданието - „Северна Македонија по мерка на Бугарите и Албанците“

„Стануваат ли Македонците малцинство во сопствената држава, иако според последниот попис се повеќе од 58 отсто?“. Со оваа реченица српската државна телевизија РТС (Радио телевизија Србија) го започнува пропагандистичкиот текст против уставните измени кои сè уште се во процес во македонското Собрание и кои се услов за почеток на преговорите за членство на земјава во Европската Унија.



Белград, Србија /
**Фото:** Nikola Aleksic on Unsplash

Во својот новинарски извештај, српскиот јавен сервис пишува дека „бројките не се во согласност со барањата на малцинските заедници како и со постапките на одредени етнички групи", потпалувајќи го понатаму читателското искуство со случајот кога за време на посетата на косовскиот премиер Албин Курти во Тетово беше истакнато знаме на „Голема Албанија".

„Така, неодамна во Тетово не можеше да се види знамето на Северна Македонија, туку на Голема Албанија", пишува репортерот на РТС.

Пропагандата започната од Радио телевизија Србија ја пренесе и српскиот весник „Политика", додавајќи свој провокаторски наслов на онлајн изданието – „Северна Македонија по мерка на Бугарите и Албанците".

Овие два српски медиума пишуваат дека „идентитетот на Македонците прво го оспоруваа Грците, што е решено со договорот од Преспа, а сега тоа го прават и Бугарите".

Според РТС, Бугарија „држи рампа" на европскиот пат на Северна Македонија, барајќи Бугарите како национално малцинство да бидат вклучени во преамбулата.

„Политика", пак, текстот го завршува со тоа дека властите во Северна Македонија веќе направиле отстапки пред Албанците, кога во 2019 година албанскиот јазик, покрај македонскиот, стана службен на територијата на целата држава.

РТС и „Политика" се задржуваат на посетата на Курти на Северна Македонија претходно месецов, пишувајќи дека „во Тетово кое важи за престолнина на Албанците во Северна Македонија, неодамна беше одржан собир без ниту едно обележје на земјата домаќин, наместо тоа, знамиња на Албанија и Голема Албанија".

Мета.мк веќе пишуваше дека по овој случај, речиси координирано, еден по друг, косовскиот премиер Албин Курти и српскиот претседател Александар Вучиќ со своите изјави се обидоа да се мешаат во внатрешнополитичките и надворешно политичките односи на Македонија.

Најпрво косовскиот премиер Албин Курти за време на неофицијалната посета на земјава на 11 август од Тетово порача дека Македонија треба да се држи што поблиску до Косово, Албанија и Бугарија, а што подалеку од Србија и претседателот на Србија Александар Вучиќ.

На српскиот претседател Александар Вучиќ не му беа потребни повеќе од два дена за да одговори на прозивките на Курти од Тетово. Во неговото интервју за српската телевизија „Пинк", српскиот претседател рече дека посетата на Курти на Тетово била скандал над скандалите и дека таму била, како што вели тој, „промовирана идејата за голема Албанија".

Ова интервју на Вучиќ се најде на ударните позиции во српските медиуми, вклучувајќи ги и јавниот сервис РТС и дневниот весник „Политика".

Опасна пропагандна изјава кон Македонија, но и Црна Гора, даде и српскиот министер за одбрана и претседател на владејачката Српска напредна партија, Милош Вучевиќ, кога рече дека овие две земји се огрешиле кон Србија со признавањето на независноста на Косово.

Ваквата распламтувачка пропаганда предизвика реакции од високи државни функционери во Македонија, Црна Гора и Албанија, додека претседателот на Србија Александар Вучиќ ги повика српските функционери да бидат „повнимателни" за да не кажат нешто што, како што рече, би можело да биде искористено „од страна на некои".

# Контраспин: Левица спинува дека Македонија е вклучена во репресии на Србите на Косово

Пишува: **Теофил Блажевски**, 12 јули 2023

**Реагирајќи на одлука на Влада за испраќање на 31 припадник на АРМ на Косово на шест месеци, Левица спинува дека КФОР е репресивна сила која често употребува прекумерна сила врз Србите, дека со одлуката на Владата и земјата е вклучена во такви репресалии, дека над 90 отсто од македонското население ја осудува таквата одлука и дека мисијата не е во рамките на ООН. Сево ова се спинувани информации во реакцијата на Левица, која што, патем, има целосно легитимно право да бара АРМ да не учествува во мисии на НАТО, зашто програмските определби на партијата се јасно анти-НАТО-вски**

Политичката партија Левица побара од македонската влада да ги повлече војниците на АРМ кои учествуваат во мировната мисија на НАТО на Косово – КФОР и во иднина државата да учествува само во мировни мисии што се под капата на Организацијата на обединетите нации (ООН). Притоа, во образложението на ваквото барање може да се регистрираат спинувани елементи:




**Фото:** видео скриншот

**Спин:** **Изминатите неколку месеци често сме сведоци на тоа како приштинските власти, на чело со Аљбин Курти, предизвикуваат нестабилност на северот на КиМ со тоа што спроведува репресивни политики вршејќи класично насилство над мирното српско население во КиМ.**

**Репресии врз населението кое се обидува да ги заштити своите основни права на северот од Косово и Метохија би биле тешко возможни доколку не постоеше империјалистичката маша на КФОР. Имено, во многу наврати припадниците на КФОР употребуваа прекумерена сила за да ги задушат протестирачите кои легитимно се бореа за своите права погазени од репресивната власт, застанувајќи на страната на посилните и вооружените, а против обичниот народ...**

**Владата на СДС и ДУИ минатата недела донесе одлука за испраќање на 31 припадник на македонската армија да учествуваат во операцијата на КФОР на КиМ, во период од 6 месеци! Со ваквата одлука, марионетската Влада го продолжува директното учество во репресиите врз српскиот народ на Косово и Метохија, репресија која се спроведува во корелација и под палката на нашите „стратешките партнери“.**

**Левица, како и над деведесет проценти од македонското население, го осудува ваквиот потег на Владата...**

[Извор: Антропол – Реакција на Левица, датум: **10.07.2023**]

**Контраспин:** Левица, сосема легитимно и согласно своите програмски определби како јасно позиционирана анти-НАТО партија, има право да се залага и да бара државата повеќе да не испраќа припадници на АРМ во мисии на НАТО, но при образложението околу поводот за ваквото барање комуницира со јавноста и преку изврутување на вистината, т.е. спинување.

Во реакцијата на Левица по повод одлуката на Владата на РСМ да испрати 31 припадник на АРМ во шест месечна мисија во рамките на КФОР, има нецелосни информации и спин и во однос на тоа дека КФОР врши репресија и во однос на учеството, т.е. улогата на војниците од С. Македонија во рамките на самиот КФОР и во однос на јавното мислење во државата.


ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 а став 2 од Законот за одбрана ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 јули 2023 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО НАТО ОПЕРАЦИЈАТА "КФОР" ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО

1. За учество во НАТО операцијата "КФОР" во Република Косово (во понатамошниот текст: НАТО операцијата), се испраќаат 31 (триесет и еден) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) за период од шест месеци, сметано од август 2023 година до февруари 2024 година.
2. Финансиските трошоци за транспорт, плати и надоместоци на плати и логистички трошоци на припадниците на Армијата за учество во НАТО операцијата, ги обезбедува Министерството за одбрана.
3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата за учество во НАТО операцијата, ги врши Министерството за одбрана.
4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".
Бр. 41-5766/3 4 јули 2023 година Скопје Претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, с.р.




**Фото:** Скриншот од дел од реакцијата објавена во Антропол и други медиуми

Секој оној кој малку ги следи настаните околу и во Косово, знае дека, до пред жестоките нереди во неколку општини на северот на Косово населени претежно со Срби, пред сè, во Општина Звечан, НАТО силите во рамките на КФОР речиси никогаш не користеле репресивни мерки во рамките на нивната мисија на Косово, која е, пред сè, мировна и треба да го гарантира мирното политичко решавање на недоразбирањата помеѓу Приштина и Белград.

Второ, кога излегоа на терен, после протестите на српското население во четири општини, излегоа всушност да спречат поголема ескалација, затоа што се поставија во улога на заштитник на општинските згради и со тоа еден вид бај пас или замена за косовските специјални полициски сили, кои во огромен број беа испратени да ги чуваат новите албански градоначалници, по изборите на 23.04.2023 кои Србите масовно ги бојкотираа. (Причините за бојкотот се дискутабилни, но недискутабилно е дека со само 3, 4 отсто излезност во четирите општини, новите албански градоначалници нема да имаат легитимитет да управуваат со општините, зашто таа локална власт нема да ја отсликува политичката волја на поголемиот дел од гласачите или на мнозинството од населението).

Трето, локалното српско население, кое протестираше против инаугурацијата на новите албански градоначалници и општински совети со одлука на Владата на Курти за „спроведување на правната држава на целата територија“ од 26.05.2023 г., не беше воопшто нежно при изразување на протестот на 29.05.2023 г. Имаше и превртени и запалени контејнери, возила, употреба на „молотовки“, плочки и камења, вклучувајќи и огнено оружје, за што сведочат и официјалните податоци и од КФОР. Од другата страна имаше и две лица, Срби, со прострелни рани кои беа донесени во Клиничката болница во Косовска Митровица, но сè уште нема епилог за тоа кој прв пукал во кого на 29 мај кога беа првите жестоки судири во општината Звечан или дали откако е пукано настанале насилни акции. Де факто, тој ден КФОР прво „ги спасуваше“ припадниците на косовските специјални сили (РОСУ), кои беа блокирани и опколени од демонстрантите, а потоа и цивилите и со таа акција можеби спречи и поголема радикализација или повеќе жртви.

А, за жестокоста на српските демонстранти, покрај видеата и фотографиите на странските агенции зборува и соопштението од КФОР испратено на 30 мај, во кое се вели дека вкупниот број на повредени припадници на мисијата од неиспровоцираниот напад врз КФОР во Звечан се искачил на 30 војници.

> **Притоа повредени се 11 војници од италијанскиот контингент и 19 војници од унгарскиот, а повредите се разновидни, вклучувајќи и фрактури и изгореници од импровизирани запаливи средства** *(„молотови коктели“ – н.з.).* **Тројца унгарски војници се ранети од огнено оружје. Нивните повреди не се животозагрозувачки.**

Во истото соопштение се наведува дека НАТО решил да испрати засилен број на свои припадници во четирите општини откако албанските градоначалници влегоа во општинските згради, како превентива од насилства и да ги заштитат животите на двете страни, но дека **„биле нападнати од агресивна толпа која постојано се зголемуваше. КФОР секогаш работи со цврстина и воздржаност, во рамките на строгите Правила за ангажман. Во овој случај, КФОР одговори на неиспровоцираните напади на насилна и опасна толпа, додека го извршуваше својот мандат од ОН на непристрасен начин“**, се наведува во соопштението од Командата на КФОР.



Запалени возила во Звечан. **Фото:** скриншот

## Војниците и офицерите на АРМ не излегуваат да сузбиваат демонстрации

Четврто, кога Левица тврди дека македонската влада де факто е вклучена во репресиите врз српското население на Косово преку војниците на АРМ во КФОР, не кажува никакви детали за тоа каде се распоредени војниците и офицерите и какви задачи извршуваат.

Според официјалните податоци на МО, војниците на АРМ се распоредени на задача на обезбедување на Регионалната Команда на КФОР во Пеќ, како и во рамки на учество во Командата во Приштина:

> **Владата на Република Северна Македонија, во октомври 2020 година, донесе Одлука за испраќање на 44 (2-штабни офицери во Главната команда на КФОР во Приштина, 1 штабен подофицер и 1 вод за обезбедување во Регионалната команда на КФОР – Запад во Пеќ) припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во НАТО операцијата "КФОР" во Република Косово. Првиот контингент со македонски мировници во НАТО операцијата "КФОР" во Република Косово се упати на 01.11.2020 година. Контингентот е распореден во рамки на италијанскиот контингент. Од април 2021 година придонесот во НАТО операцијата "КФОР" е зголемен за 21 припадник или вкупно 65 припадника**, *се наведува на сајтот на МО.*

Но, ако се прочита повеќе, станува јасно дека претходницата на македонското учество во рамките на КФОР е од 2005 година со формирање на Координативен центар при Генералштабот на АРМ „за соработка со земја домаќин", со што КФОР – на кого С. Македонија му дава и логистичка поддршка кога единици од оваа мисија се на територијата на земјата – само се надодава како мисија по мисиите во Ирак, Авганистан, БиХ и Либан.

Сето ова значи дека ниту физички, ниту фигуративно, АРМ, Владата или кој било друг, учествува во репресии на Косово.

## КФОР е под надлежност на ООН

Патем, и барањето за учество само во мисии под капата на ООН, истакнато во реакцијата на Левица, е контрадикторно. Имено и КФОР е мисија која е под капата на Обединетите нации:

> **Под надлежност на Обединетите нации (Резолуцијата 1244), НАТО ја предводи поддршката на мировната операција на Косово од 12 јуни 1999, во рамките на пошироки меѓународни напори за изградба на мир и стабилност во оваа област.**

Задачите му се *да придонесе за безбедна средина, поддршка и координација на меѓународните хуманитарни напори и обезбедување на цивилното присуство, да го поддржи развојот на стабилно, демократско, мултиетничко и мирно Косово и да го поддржува развојот на Косовските безбедносни сили*, се појаснува на страницата на КФОР, а за повеќе детали може да се прочита и на овој линк на НАТО.

И конечно, кога Левица вели дека **„над деведесет проценти од македонското население го осудува ваквиот потег на Владата..."**, исто така, спинува, бидејќи со сигурност е само точно дека Левица го осудува. За тоа колку и дали дали граѓаните го осудуваат потегот не е спроведено подетално истражување или барем некоја едноставна анкета, така што за бројките може само да се шпекулира.

Поради сите погоре искажани аргументи, може да се оцени дека реакцијата на Левица што беше предмет на анализа *претставува спин.*

# Руската амбасада во Скопје – главниот дипломатски интернет спамер во С. Македонија

Пишува **Горан Лефков,** 15 март 2023

**Руската амбасада во Скопје е рекордер според бројот на постови на Фејсбук. Земјава е на врвот на интересот на Кремљ во регионот, повеќе постови има само во Романија. Хибридната војна врз Северна Македонија од руските тајни служби е реалност**

Руската амбасада во Скопје, во изминативе две години постирала висока бројка од по 5 објави дневно во просек на својата Фејсбук страница. Ова го покажува најновото истражување на Центарот за проучување на демократијата од Софија, кој ги следел објавите на повеќе амбасади на Балканот во изминативе две години.

Инаку, ваква значителна бројка на објави на Руската амбасада во Скопје е повеќекратно повисока од бројот на објави на страницата на македонското Министерство за надворешни работи, кое постира по 3 објави неделно во просек (вкупно 5 во март досега и вкупно 12 во февруари 2023) околу 40 отсто од вкупниот број на објави на Фејсбук страницата на македонската влада, на која се постираат по околу 12 објави дневно (март 2023 година) во просек.

Според **Горан Георгиев**, истражувач во Центарот за проучување на демократија од Софија, активноста на Руската амбасада е неспоредлива со останатите.

> **Податоците во истражувањето се добиени преку мониторинг од страна на специјализирани софтвери за преземање на податоци од онлајн медиуми, профили на социјалните мрежи на политичари, јавни личности и дипломати, онлајн канали на комуникација на дипломатските претставништва од регионот на Балканот,** *вели Георгиев.*



**Фото:** Мета.мк

Тој потенцира дека С. Македонија е една од најударните земји на руската пропаганда.

Според бројот на објавите на социјалната мрежа Фејсбук, дипломатските претставништва на Европската Унија, Франција, Германија, Русија, Велика Британија и САД во С. Македонија имаат објавено околу 7.500 постови во 2021 и 2022 година. Над 50 отсто од овие објави отпаѓаат на руските дипломатски претставништва во земјава.

**Табела 1. Број на објави на дипломатските мисии во С. Македонија во 2021 и 2022 година на социјални мрежи**

| *Дипломатска мисија* | *Број на објави во 2021 и 2022* |
|---|---|
| Русија | 3.943 |
| САД | 1.296 |
| Европска Унија | 873 |
| Велика Британија | 832 |
| Франција | 263 |
| Германија | 263 |
| *Вкупно* | *7.470* |

*Извор: Центар за проучување на демократијата – Софија*

Од сите земји од поранешна Југославија, најмногу постови имаат објавено во нашата земја, додека на Балканот повеќе имаат објавено само во Романија. Таму од вкупно 10.500 постови, дури 7.100 отпаѓаат на руските дипломатски претставништва.

**Табела 2. Број на објави на Балканот**

| *Држава* | *Број на објавени постови на руските дипломатски претставништва во регионот за 2021 и 2022 година* |
|---|---|
| Романија | 7.193 |
| С. Македонија | 3.943 |
| Црна Гора | 1.827 |
| Грција | 1.698 |
| Бугарија | 1.572 |
| Албанија | 902 |
| Босна и Херцеговина | 511 |
| Србија | 270 |
| Хрватска | 90 |

*Извор: Центар за проучување на демократијата - Софија*

Ова е релевантно, бидејќи над 90 отсто од остварениот сообраќај на социјалните мрежи во Југоисточна Европа се одвива на Фејсбук.

Според бројот на интеракции на корисниците со постовите на дипломатските претставништва, какви што се допаѓања, коментари и споделувања, Фејсбук страницата на Руската амбасада во С. Македонија е, исто, така на врвот на Балканот, според бројот на жители.

**Табела 3. Број на интеракции по жители**

| *Држава* | *Број на интеракции со постовите на страниците на Руските амбасади на Балканот во 2021 и 2022* | *Број на жители* | *Интеракции по жител* |
|---|---|---|---|
| Бугарија | 2,334,000 | 6,827,636 | 3 |
| С. Македонија | 296,000 | 2,133,410 | 7 |
| Грција | 770,000 | 10,497,595 | 14 |
| Романија | 517,000 | 18,326,327 | 35 |

*Извор: Центар за проучување на демократијата - Софија*

Во Бугарија има најмногу интеракции на корисниците на објавите на веб-страницата на руската амбасада, односно 2,3 милиони интеракции, потоа следува Грција со 770.000, Романија со 517.000 и С. Македонија со 296.000. Кога овие податоци ќе се поделат со бројот на жители, излегува дека во Бугарија на секои 3 жители има по една интеракција, во Македонија на секои 7 жители, Грција на 14 и Романија на 35 жители има по една интеракција.

> **Од 2014 година па наваму ние сме во хибридна војна со Русија. Балканот е особено таргет на оваа војна. Количеството на публикувани дезинформации расте енормно со почетокот на војната во Донбас во 2014 година. Самата руска држава создаде и контролираше многу веб-страници. Имаме информации дека одредени сајтови што ги има во Бугарија се создадени од руската држава, односно од руските тајни служби,** *вели Георѓиев.*

Тој додава дека тактиката на руската пропаганда е променета.

> **Русија нема потреба да инвестира во наши традиционални медиуми, таа преку групи на социјалните мрежи ги постигнува своите цели,** *вели Георѓиев.*

Аналитичарот **Џељаљ Незири** подолго време ја истражува руската пропаганда во С. Македонија, но и на Балканот. Според него, влијанието на руската пропаганда е видливо.

> **Уште од 2016 година, кога почнаа да се интензивираат напорите за решавање на проблемот со Грција, Русија го зголеми дипломатскиот персонал во земјата. Очигледно дека на Москва не ѝ одеше во прилог решавањето на прашањето до Грција од причина што на тој начин се отвораа вратите за членство на земјата во НАТО. До 2018 година Руското влијание во земјата беше присутно во вид на „мека сила", преку центрите за култура, инвестиции, образование итн. По усвојување на Преспанскиот договор истата година, со што конечно се реши проблемот со Грција и се тргна ветото за НАТО, Русија започна хибридна војна против нашата земја. Тогаш и самиот руски министер за надворешни работи, *Серѓеј Лавров*, најави дека со членството во НАТО С. Македонија станува легитимна мета на Русија**, *вели* ***Незири.***

Незири смета дека режимот на Путин ги користи сите можни алатки за да се задржи и зајакне проруското расположение во земјата. Оваа поддршка ѝ е потребна на Москва за да ги насочи кон нејзината агенда граѓаните на С. Македонија, да изгради доминантен проруски јавен став за актуелни безбедносни и геополитички прашања и на тој начин да ги ориентира кон одредена политичка партија или опција која или е проруски насочена, или, пак, нејзините политички перформанси се вклопуваат со руската агенда во регионот.

Тој додава дека од членството во НАТО во март 2020 година, С. Македонија е постојана цел на хибридната војна, а ќе остане и во наредниот период. Причина за ова е фактот што како најнова членка на НАТО земјата се гледа како „ахилова пета" на овој сојуз.